Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А

**МИНИСТЕРСТВО**
**ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# ВТОР ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА
# РЕВИДИРАНАТА ЕВРОПСКА СОЦИЈАЛНА
# ПОВЕЛБА

**поднесен од страна на**

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**( за членовите 7, 8, 16, 17, 19 и 27 )**

Скопје, октомври 2014 година

## С О Д Р Ж И Н А


***ПРЕДГОВОР ........................................................ 3***

***ЧЛЕН 7 - Право на заштита на децата и младинците ........................ 5***

Член 7§1 ........................................................ 5
Член 7§2 ........................................................ 10/17
Член 7§3 ........................................................ 18
Член 7§4 ........................................................ 25/30
Член 7§6 ........................................................ 31
Член 7§7 ........................................................ 33/34
Член 7§8 ........................................................ 35
Член 7§9 ........................................................ 36
Член 7§10 ........................................................ 43

***ЧЛЕН 8 - Право на работничките на заштита на мајчинството ........................ 69***

*Член 8§1 ........................................................ 69/72*
Член 8§2 ........................................................ 74/76
Член 8§3 ........................................................ 78
Член 8§4 ........................................................ 79/81
Член 8§5 ........................................................ 82

***ЧЛЕН 16 – Право на семејството на социјална, правна и економска заштита ........................ 87***

***ЧЛЕН 17 – Право на децата и младинците на социјална, правна и економска заштита ........................ 164***

Член 17§1 ........................................................ 169
Член 17§2 ........................................................ 193

***ЧЛЕН 19 – Право на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош ........................ 199***

*Член 19§1 ........................................................ 201*
Член *19*§5 ........................................................ 204
Член *19*§6 ........................................................ 206
Член *19*§8 ........................................................ 207

***ЧЛЕН 27 – Право на достоинство при работа ........................ 207***

Член 27§3 ........................................................ 207

**ПРЕДГОВОР**

**Република Македонија на 06.01.2012 година ја ратификуваше Ревидираната Европска социјална повелба.**

**Затоа согласно Членот Ц и Членот 21 од Делот IV од Повелбата, Република Македонија го поднесува својот втор Извештај за имплементацијата на ратификуваните одредби од Ревидираната Европска социјална повелба (1996).**

**Извештајот е подготвен согласно новиот систем на известување, усвоен од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа, кој се применува од 31 октомври 2007 година.**

**Овој Извештај ја содржи имплементацијата на преземените обврски на Република Македонија по членовите од тематската група *деца, семејства и мигранти* и тоа:**

| Одредби | Референтен период на известување по Европската социјална повелба (ЕСП) и Ревидираната Повелба (РЕСП) |
|---|---|
| Член 7 став 1 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 2 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 3 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 4 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 6 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 7 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 8 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 9 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 7 став 10 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 1 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 2 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 3 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 3 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 4 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 8 став 5 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 16 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 17 став 1 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 17 став 2 | 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 19 став 1 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 19 став 5 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 19 став 6 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 19 став 8 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |
| Член 27 став 3 | 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП |

**Во согласност со членот 23 од Делот 4 од Ревидираната Европска социјална повелба, копии од подготвениот Извештај се доставени до релевантните национални организации на работодавачи и синдикати и тоа до:**

- ***Сојузот на Синдикатите на Македонија;***
- ***Конфедерација на слободни синдикати на Македонија;***
- ***Организација на работодавачи на Македонија.***

## ЧЛЕН 7 - Право на заштита на децата и младинците

**Член 7§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат дека минималната возраст за вработување изнесува 15 години, со тоа што исклучоци, сепак, се дозволени за деца вработени на определени лесни работи без ризик по нивното здравје, нивниот морал или нивното школување.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2012) во делот за прекршочни одредби, односно со членот 265, се предвидува глоба во износ од 2,000 до 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 1,000 до 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност и не ги исполнува пропишаните и договорените услови за вршење на работа, определени со член 18, а кои се однесуваат на способноста за склучување на договор за вработување со младо лице под 18 години возраст. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 500 до 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Државниот инспекторат за труд при своите редовни инспекциски надзори нема констатирано случаи на непочитување на одредбите од ЗРО во поглед на забраната за вработување на лица помлади од 15 годишна возраст.

Во поглед на барањето на Европскиот Комитет за социјални права да биде информиран за последиците од измените на Законот за работни односи од 2010 година за последиците што тие измени дозволуваат вработување на деца под 15 години, како и за имплементација на ова прашање во пракса[1], информираме дека со ставот 2 од членот 18 изричите се забранува работа за дете под 15 години возраст или дете кое не завршило задолжително образование, освен за учество во активности кои со закон е утврдено дека може да ги извршува, но не подолго од четири часа дневно. Имено, дете кое е помладо од 15 години може да биде ангажирано, но не и вработено, за учество во активности кои по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието, и тоа:

[1] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 4

учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности. За овие активности е предвидено на детето да му се плати надомест.

Измените на Законот за работните односи се направени согласно Директивата 94/33/ЕЗ за заштита на младите луѓе на работа, со членот 18 од постојниот закон се уредуваат прашањата во врска со условите за склучување на договор за вработување со младо лице под 18 години возраст. Досегашната примена на овој член не забележала случаи во кои постои вработување на деца под 15 години, освен ангажирање за законски предвидените исклучоци за културни, уметнички, спортски и рекламни активности.

Во поглед на прашањето на Европскиот Комитет за социјални права за тоа дали законските одредби од Законот за работните односи ги опфаќаат исто така и сите форми на економска активност, без разлика на статусот на работникот (вработен, самовработен, неплатен член на семејството кој помага или друго)[2], информираме дека законските одредби во поглед на подобноста за потпишување на договор за вработување и забраната за вработување на деца помлади од 15 годишна возраст се однесуваат на сите форми на економска активност без разлика на статусот на работникот.

Во поглед на прашањето на Европскиот Комитет за социјални права за тоа дали активностите наведени во член 250 од Законот за работните односи се сметаат за лесна работа и дали постојат други видови на работа во кои децата можат да учествуваат, кои се правилата за вработување на деца за ваквите активности и особено – колкаво е траењето на таквата работа[3], информираме дека членот 250 е изменет со измените и дополнувањата на Законот за работните односи од септември 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2010) со што се избришаа ставовите 1, 2 и 3 од членот 250 и се префрлија во член 18 во кој се уредува способноста за склучување на договор за вработување со младо лице под 18 години возраст. Така, ставот 2 од член 18 пропишува дека дете кое е помладо од 15 години, може со плаќање на надоместок, по исклучок да учествува во активности кои по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието и тоа: учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности. Согласно ставот 5 од член 18, одобрение за вршење на активностите предвидени за ангажирање на лице помладо од 15 години издава органот на државната управа надлежен за инспекција на трудот, врз основа на барање на организаторот на активностите, по претходна согласност на законскиот застапник на детето и по претходно извршен увид на местото на кое ќе се извршуваат активностите од страна на инспекцијата на трудот.

---

[2] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 4

[3] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 4

Но, во практиката организаторите на ваквите активности не поднесуваат барања до Инспекторатот за добивање на одобрение, а Законот за работните односи не содржи казнена одредба за непочитување на оваа законска обрвска.

Активностите наведени во член 18 став 4 од Законот за работните односи се сметаат за лесни работи и дополнително тие по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието.

Освен активности кои опфаќаат учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности и можноста како ученици да извршуваат практична работа во рамките на образовната програма, Законот за работните односи не предвидува други работи кои би се дефинирале како лесна работа за која би можеле да бидат ангажирани деца под 15 годишна возраст.

За ангажирање, но не и вработување за горенаведените активности, е предвидено ограничување на времетраењето на работата, која не може да биде подолго од четири часа дневно (став 2 од член 18).

Во поглед на прашањето на Комитетот дали трудовиот инспекторат може да спроведе инспекции по однос на домашната работа[4], информираме дека надлежностите на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија се утврдени во Законот за инспекцијата на трудот и Законот за работните односи. Согласно овие два закони, овој орган врши надзор над примената на прописите со кој се уредуваат работните односи кај работодавачите кои вработуваат работници врз основа на договор за вработување. Но, согласно членот 26 од Уставот на Република Македонија, загарантирана е неповредливоста на домот, односно, правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето. Според тоа, трудовата инспекција нема надлежност да извршува инспекции по однос на домашната работа.

Против нерегистрираните субјекти кои вршат дејност, мерки презема пазарната инспекција.

| **Пријавени работници во системот на социјално осигурување** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| 15 години | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 16 години | 12 | 8 | 18 | 14 |
| 17 години | 37 | 57 | 79 | 89 |
| 18 години | 313 | 279 | 304 | 322 |

Извор: Агенција за супервизија на капиталното пензиско осигурување (МАПАС)

[4] [4] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), (“Република Македонија”, членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 4.

| Работоспособно население според економската активност, полот и возраста | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Работна сила** | | | | | | | | | **Неактивно население** | | |
| | | **Вкупно** | | | **Вкупно** | | | **Вработени** | | | **Невработени** | | | | | |
| | **Возраст** | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 2010 | **Вкупно** | **1648522** | **824393** | **824129** | **938294** | **575349** | **362945** | **637855** | **391923** | **245932** | **300439** | **183426** | **117013** | **710228** | **249044** | **461184** |
| | На возраст од 15-19 | 155100 | 79681 | 75419 | 20592 | 14282 | 6310 | 8383 | 5136 | 3246 | 12209 | 9146 | 3063 | 134508 | 65399 | 69109 |
| 2011 | **Вкупно** | **1656215** | **828288** | **827927** | **940048** | **569987** | **370061** | **645085** | **388963** | **256122** | **294963** | **181024** | **113939** | **716166** | **258301** | **457865** |
| | На возраст од 15-19 | 152468 | 78363 | 74105 | 20269 | 13874 | 6396 | 8386 | 4800 | 3586 | 11883 | 9073 | 2809 | 132198 | 64489 | 67709 |
| 2012 | **Вкупно** | **1669965** | **835287** | **834678** | **943055** | **573498** | **369558** | **650554** | **393092** | **257462** | **292502** | **180406** | **112096** | **726910** | **261789** | **465121** |
| | На возраст од 15-19 | 143 798 | 73975 | 69823 | 16368 | 11158 | 5209 | 6762 | 4250 | 2512 | 9605 | 6908 | 2697 | 127430 | 62816 | 64614 |
| 2013 | **Вкупно** | **1672460** | **837446** | **835015** | **956057** | **573825** | **382232** | **678838** | **407531** | **271307** | **277219** | **166294** | **110925** | **716403** | **263620** | **452783** |
| | На возраст од 15-19 | 139118 | 71669 | 67450 | 17734 | 10902 | 6832 | 6 695 | 3795 | 2900 | 11040 | 7107 | 3 932 | 121384 | 60766 | 60617 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Работоспособно население според економската активност, полот и возраста,  Структура според возраста**

| | | Вкупно | | | Работна сила | | | | | | | | | Неактивно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Вкупно | | | **Вработени** | | | Невработени | | | | | |
| | | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 2010 | **Вкупно** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| | На возраст од 15-19 | 9.4 | 9.7 | 9.2 | 2.2 | 2.5 | 1.7 | 1.3 | 1.3 | 1.3 | 4.1 | 5.0 | 2.6 | 18.9 | 26.3 | 15.0 |
| 2011 | **Вкупно** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| | На возраст од 15-19 | 9.2 | 9.5 | 9.0 | 2.2 | 2.4 | 1.7 | 1.3 | 1.2 | 1.4 | 4.0 | 5.0 | 2.5 | 18.5 | 25.0 | 14.8 |
| 2012 | **Вкупно** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| | На возраст од 15-19 | 8.6 | 8.9 | 8.4 | 1.7 | 1.9 | 1.4 | 1.0 | 1.1 | 1.0 | 3.3 | 3.8 | 2.4 | 17.5 | 24.0 | 13.9 |
| 2013 | **Вкупно** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| | На возраст од 15-19 | 8.3 | 8.6 | 8.1 | 1.9 | 1.9 | 1.8 | 1.0 | 0.9 | 1.1 | 4.0 | 4.3 | 3.5 | 16.9 | 23.1 | 13.4 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Член 7§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат повисока минимална возраст за вработување на одделни утврдени работни места кои се сметаат како опасни и нездрави.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) 1/1/2010-29/2/2012.**

Покрај одредбата од членот 173 од Законот за работните односи со која е предвидена забрана за вршење на работи кои се сметаат за опасни или штетни за здравјето на работниците помлади од 18 години, во октомври 2012 година, како плод на заедничка соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, Министерот за труд и социјална политика донесе *Правилник за минимални барања за безбедноста и здравјето при работа на младите работници* ("Службен весник" на РМ бр. 127/12).

Со овој Правилник се пропишуваат минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на работниците во работен однос под осумнаесет годишна возраст, односно младите работници. Така, согласно Правилникот, за сите активности кои можат да вклучат специфичен ризик поврзан со изложеност на младиот работник на штетното дејство на физички, хемиски и биолошки агенси на работното место, работодавачот треба да:

- изврши проценка на ризиците на работното место за безбедноста и здравјето на младиот работник во однос на негативното влијание врз здравјето на физичките, хемиските и биолошките штетни фактори (штетности) и опасности на работното место што се поврзани со појава на болест и/или повреда на работа и нивните можни штетни влијанија врз младиот работник, при што посебно ќе се земаат во предвид опременоста и распоредот на работното место, природата и времетраењето на изложеноста на физичките, хемиските и биолошките фактори, видот, опсегот и начинот на користење на работните средства, постапките и организацијата на работата, нивото на стручната подготовка и обука на младиот работник;
- да ги утврди превентивните (превентивни здравствени прегледи) и коректривните мерки што треба да се преземат; и
- да ги информира младите работници и нивните претставници за резултатите од извршената проценка на ризикот и за превентивните мерки (превентивните здравствени прегледи - претходни, периодични и насочени) и тоа пред распоредувањето на работа, како и при секоја суштинска промена на работните услови.

Доколку при проценката на ризикот на работното место се утврди постоење на ризик за здравјето на младиот работник што не може да се елиминира на друг начин, работодавачот ќе изврши промена на условите за работа или работното време.

Доколку промената на условите за работа или работното време е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот младиот работник ќе го распореди на друго соодветно работно место каде не постојат ризици за неговото здравје (или истите се минимални односно прифатливи).

Доколку распоредувањето на друго работно место е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот ќе го изземе работникот од нормалниот тек на работа за целиот период кој е потребен за заштита на неговото здравје и безбедност на работа.

Младите работници не треба да бидат изложени на следните штетни фактори/агенси ниту да работат во следните услови (Листа на штетни фактори и работни услови):

**1. Физички фактори**:

- При активности кои водат до изложеност на јонизирачко зрачење;
- Хипербарична атмосфера (комори под притисок и подводно нуркање) кај која младите работници се изложени на зголемен атмосферски притисок за повеќе од 20 кПа во споредба со околниот атмосферски притисок (во атмосферски контејнери и при нуркање, или намален атмосферски притисок, како и значајно зголемување на притисокот во белите дробови);

**2. Услови во работната средина**

- Подземни рударски работи или копање тунели и подземни окна;
- Работи поврзани со зголемен напор за подвижните делови од телото, екстремитети и системи кои се надоврзуваат и функциите и движењата на организмот при подигање, пренесување на товар кој надминува дозволени тежински вредности[5];
- Работа која се врши подолго од 4 часа во смена стоејќи без можност за промена на основната работна положба на торзо и  и екстриметите во текот на смената;
- Работа која се врши во физички напорни и несоодветни работни положби, како што е работа со длабоко наведнување, клечење, чучење, лежејќи во истегната положба, стоејќи на ножни прсти, со рацете над глава, при полусвртено торзо повеќе од 60°C (степени). Забраната не се однесува на работите кај кои наведените работни положби на телото и неговите делови се појавуваат ретко или

[5] Правилник за безбедност и здравје при рачно пренесување на товар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07)

краткорочно во текот на работната смена и се неопходни во рамките на стручната подготовка и подготовката за занимање и за професија, каде физички напорните и екстремните положби на телото се неделив дел од извршување на професијата (пр: уметничко танцување и артистика);

- Работа на работни места со прекумерен напор/оптоварување поврзан со студ и топлина:
    - Каде временски мерена просечна температура во текот на смената измерена со глобус термометар надминува 28°C;
    - Работа во траење повеќе од четири часа во смена на работните места каде температурата од технолошки причини се одржува на вредност пониска од 5°C и вкупно во траење подолго од еден час за смена при температури пониски од -5°C. Работата во наведениот временски период мора да биде компензирана со ефективни заштитни мерки за обезбедување на физиолошка терморегулација на младиот работник, особено преку соодветна работна облека, адекватна температура во просториите за премин и одмор, во случај на потреба преку обезбедување на топли оброци и пијалоци;
    - Работа при менување на големи температурни разлики во работната средина ако ова менување се случува во интервалите пократки од 30 минути и ако не се обезбедени ефективни резервни и дополнителни мерки кои овозможуваат физиолошка терморегулација на младите работници, особено соодветна работна облека, подесување на режимот на работа и одмор, режим на пиење на течности, адекватни температурно-влажни услови во просториите за премин и одмор;
    - Работа во средина со извори на топлина која зрачи врз младиот работник, каде интезитетот на зрачење на работното место при дејствувањето на топлина што зрачи на глава надминуваа 150 W/m3;
    - Работа во средината каде релативната влажноста на воздух надминува 80%;
    - Работа со концентрација на кислород во воздухот пониска од 20%;
    - На работните места со бучава каде се пречекоруваат/надминуваат дозволените вредности на бучавата, на работните места одредени со посебен пропис[6]. Ако извршувањето на ваквите работи е неопходно поради стручна обука и подготовка за професија, изложување на

[6] Правилник за безбедност и здравје при работа на вработени изложени на ризик од бучава ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/08).

бучавата мора да биде временски ограничено на најниската можна мера и во исто време мора да се спроведуваат мерките за намалување на влијанието на факторите кои го зголемуваат негативниот ефект на вибрациите (на пр: студ, влажност или статички напор); и

- На работно место со извори на нејонизирачко зрачење каде се пречекорени највисоките дозволени вредности на електромагнетското зрачење и електромагнетските полиња со фреквенциите 3000 GHz и пониски уредени со специјален пропис за граѓаните.

**2. Биолошки фактори / агенси**

Работите со штетни биолошки фактори / агенси и нивните влијанија се утврдени согласно класифицираните групи утврдени во посебен пропис за заштита на здравјето при работа со биолошките фактори[7].

**3. Хемиски фактори / агенси**

а) Работи со штетни хемиски фактори / агенси и нивните влијанија кои се однесуваат на работата со опасни хемиски материи/супстанции и опасни препарати класифицирани како токсични материи/супстанции и препарати (Т), особено токсични супстанции и препарати (Тх), паливи супстанции и препарати (С) и експлозивни материи и препарати (Е) наведени во посебен пропис[8]

- Олово и соединенија на олово/ доколку тие можат да бидат апсорбирани во човечкиот организам.
- Опасни хемиски супстанции обележани со фразите на ризик R61 и опасни хемиски препарати кои може да предизвикуваат оштетување и R63 како штетни супстанции и препарати (Xn) наведени во посебен пропис обележани со еден или повеќе понатаму наведени обележја со специфичен ризик кои предупредуваат за нивните опасни карактеристики:

    1. опасност од многу сериозни иреверзибилни ефекти, обележано како Р39;
    2. можност од канцероген ефект, обележано како Р40;
    3. може да предизвика оштетување при вдишување, обележано како Р42;

[7] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси ("Службен весник на Република Македонија" бр.170/10).

[8] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции, објавен во („Службен весник на Република Македонија", бр.46/10).

4. може да предизвика оштетување при контакт со кожа, обележано како Р43;
5. може да предизвика рак, обележано како Р45;
6. може да предизвика генетско оштетување, обележано како Р46;
7. опасност од сериозно нарушување на здравјето како последица на долгорочно изложување, обележано како Р48;
8. може да наруши плодност, обележано како Р60; и
9. може да го загрози нероденото дете, обележано како Р61.

б) Хемиски супстанци и хемиски препарати класифицирани како надразнувачки супстанци и препарати (Хи) наведени во посебен пропис[9] и обележани со еден или повеќе понатаму наведени обележја за специфичен ризик кои предупредуваат за нивните опасни карактеристики:

1. особено запаливо, обележано како Р12;
2. може да предизвика оштетување при вдишување, обележано како Р42;
3. може да предизвика оштетување при контакт со кожа, обележано како Р43.

в) Хемиски материи/супстанци и хемиски препарати класифицирани како канцерогени категории 1 и 2 наведени во посебен пропис[10].

г) Со олово и неговите соединенија кои може да ги апсорбира човечкиот организам.

д) Со азбест.

ѓ) При производство на хумани/човечки и ветеринарни лекарства и препарати ако не е исклучена можноста од продирање на биолошки ефективните супстанци кои ги содржат во значајна мера во организмот на работникот како и работи кај кои постои изложување на хемиски фактори со халуциногени и психотропни ефекти.

---

[9] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени со ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции ( “Службен весник на Република Македонија” бр.46/10).

[10] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени со ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени и супстанции токсични за репродуктивниот систем ( “Службен весник на Република Македонија” бр.110/10.

**4. Работа на одредени ризични работни места:**

- производство и ракување со уреди, огномети и други предмети кои содржат експлозиви;
- работа со крволочни или со отровни животни;
- колење на животни во индустријата;
- работа која вклучува ракување со опрема за производство, складирање и употреба на компримирани, течни или растворени гасови;
- работа со големи садови, цистерни, резервоари кои содржи корозивни течности, хемиските фактори наведени во точката 3 хемиски фактори;
- работа која вклучува опасност од структурален колапс;
- работа која вклучува опасност од висок електричен напон;
- работа чиешто темпо е определено според технолошкиот ритам и темпото на машините и се плаќа според остварените резултати (норма).

Во поглед на прашањето на Комитетот дали видовите на работа кои се забранети (поради нивната опасна или нездрава природа) за младите работници се дозволени да се изведуваат како дел од наставната програма и кои мерки на надзор и изведба се користат[11], информираме дека при изработката на наставните програми за практична обука на учениците во стручното образование строго се почитуваат одредбите од Законот за работни односи, особено во делот кој предвидува забрана за вршење на работи кои се сметаат за опасни или штетни за здравјето на работниците помлади од 18 години, како што е извршување на тешка физичка работа, работа која се спроведува под земја или под вода, работа со извори на јонизирачко зрачење и друга работа која може да има штетно и зголемено влијанија врз здравјето, т.е. здравиот развој во поглед на нивните психо-физички специфичности.

Во наставните програми за практична обука на учениците во стручното образование не е предвидено учениците да изведуваат практична обука на работни места кои се нездрави и опасни (физичките, хемиските и биолошките штетни фактори и работа на одредени ризични работни места), па поради тоа и не се пропишани никакви мерки за надзор и изведба.

---

[11] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 5.

**Вработени на возраст од 15 до 19 според сектори**

| | | Година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | 8383 | 8386 | 6762 | 6695 |
| А | 1 | Земјоделство, шумарство и рибарство | 5374 | 5769 | 4774 | 4270 |
| Б | 2 | Рударство и вадење на камен | - | - | - | - |
| В | 3 | Преработувачка индустрија | : | (668) | : | (761) |
| Г | 4 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - | - | - | - |
| Д | 5 | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | : | : | : | : |
| Ѓ | 6 | Градежништво | : | : | : | : |
| Е | 7 | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | (1147) | : | (517) | (730) |
| Ж | 8 | Транспорт и складирање | - | : | - | - |
| З | 9 | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | (862) | (546) | (535) | : |
| Ѕ | 10 | Информации и комуникации | : | : | - | - |
| И | 11 | Финансиски дејности и дејности за осигурување | : | - | - | - |
| Ј | 12 | Дејности во врска со недвижен имот | - | - | : | - |
| К | 13 | Стручни, научни и технички дејности | - | - | - | : |
| Л | 14 | Административни и помошни услужни дејности | - | - | : | : |
| Љ | 15 | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | - | : | - | : |
| М | 16 | Образование | : | : | - | - |
| Н | 17 | Дејности на здравствена и социјална заштита | - | : | - | - |
| Њ | 18 | Уметност, забава и рекреација | : | : | : | : |
| О | 19 | Други услужни дејности | : | : | : | : |
| П | 20 | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | : | - | - | - |
| Р | 21 | Дејности на екстериторијални организации и тела | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**- нема појава/ no entry**

**: мала појавност за да биде објавен податокот/ too imprecise estimated to be published**

**( ) помалку прецизна процена - се користи со претпазливост/less precise estimate- use with caution**

**Член 7§2**
Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат дека минималната возраст за вработување на одделни утврдени работни места кои се сметаат како опасни или штетни по здравјето изнесува 18 години.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2012) во делот за прекршочни одредби, односно со членот 265, се предвидува глоба во износ од 2,000 до 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 1,000 до 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако на работниците коишто сѐуште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди посебна заштита согласно Законот (забрана за вршење на тешки физички работи, работа под вода, работа со извори на јонизирачки зрачења и др. работи кои можат штетно да влијаат на здравјето, право на одмор и пауза, забрана за ноќна работа, зголемен годишен одмор и работно време од 8 часа дневно). За истиот прекршок предвидена е и глоба во износ од 500 до 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Член 7§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да забранат лицата, кои сè уште подлежат на задолжително образование, да бидат вработувани на работи коишто би ги лишиле од сите придобивки од нивното образование.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Во поглед на констатацијата од Европскиот Комитет за социјални права дека должината на работното време за младите лица кои сè уште се предмет на задолжително образование е прекумерно[12], информираме дека определувањето на горната граница на работни часови за младите работници под возраст од 18 години (8 часа) е присутно, бидејќи всушност се работи за млади лица кои не се предмет на задолжително образование, односно се работи за лица кои го напуштиле системот на образование и како такви, склучиле договор за вработување, согласно Законот за работни односи. Исто така, важно е да се повтори дека членот 18 од законот, конкретно ставот 6 упатува дека младите лица со навршени 15 години возраст, а под 18 годишна возраст, можат да склучат договор за вработување доколку не се опфатени во задолжителното образование и тоа за извршување на работи кои не се штетни по нивните здравје и безбедност.

Согласно Законот за средно образование, во средното образование во Република Македонија се запишуваат редовни и вонредни ученици, при што за да едно лице може се запише како вонреден ученик треба да исполнува еден од следните услови: да е постар од 17 години, да е на боледување подолг период, да е во работен однос и во други случаи утврдени со Статутот на конкретното средно училиште. Така, вонредните ученици, можат да стапуваат во работен однос, бидејќи не се опфатени со задолжителното образование.

Во поглед на прашањето на Европскиот Комитет за социјални права за тоа кои се правилата со кои се уредува вработувањето на деца кои сè уште се предмет на задолжително образование, а во поглед на тоа дека работењето мора да биде забрането во период од најмалку 4 недели во текот на летниот распуст и најмалку половина од секој период на распуст предвиден во текот на училишната година[13], информираме дека во Законот

---

[12] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 6.

[13] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 6.

за работните односи не е уредено ограничување на работењето на младите лица за време на распуст, затоа што младите лица (лицата над 15 и до 18 годишна возраст) кои работат, го напуштиле средното образование и затоа не се предмет на задолжително образование. Оттаму, нема потреба да се регулира ограничувањето на работењето на младите лица во однос на работата за време на распуст.

Младите лица кои се предмет на задолжително образование, а се запишани во средно стручно училиште, имаат практична обука во текот на наставната година, но имаат и феријална практика кај работодавач во текот на летниот распуст. Летниот распуст започнува на 11 јуни и трае до 1 септември.

Во зависност од струката, феријалната практика се извршува од 10 до 20 работни дена во текот на учебната (календарска) година. Согласно Насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието, ученикот во еден работен ден, по правило, треба да реализира 7 наставни часа за феријална практика. Наставниот час трае 45 минути.

За време на зимскиот распуст, не се предвидени никакви активности за учениците, односно зимскиот распуст непрекинато трае од 31 декември до 20 јануари.

Што се однесува до прашањето на Комитетот за тоа каква е работната изведба во однос на присуството на настава, односно дали на младите лица им е дозволено да работат рано наутро пред да одат во училиште и колкаво е времетраењето на нивното дневно и неделно работење[14], повторуваме дека согласно Законот за работните односи, работодавачот не може да склучи договор за вработување со лице кое е опфатено во задолжително образование. За младите лица кои не се опфатени со задолжителното образование, односно го напуштиле средното образование, Законот предвидува максимален број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 и над 16 години и истото изнесува 30 часа неделно, односно 37 часа и 45 минути и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено (член 18 од Законот за работните односи).

Распоредот на часовите на практичната обука кај работодавач предвидена за учениците во средните стручни училишта, детално е објаснет во ставот 4 од член 7 на овој извештај.

[14] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 6.

Видовите на работа кои децата под 15 и над 15 годишна возраст смеат и не смеат да ги извршуваат се објаснети во ставовите 1 и 2 од член 7 на овој извештај.

**Законот за стручно образование и обука**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13 и 41/14).

За да се спречи лицата кои сѐ уште подлежат на задолжително образование, да бидат вработувани на работи коишто би ги лишиле од сите придобивки од нивното образование, Законот за стручно образование и обука предвидува ученикот кој изведува практична обука кај работодавачот претходно да склучи договор за практична обука. Договорот за практична обука се склучува меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родител, односно старател на ученикот. Во договорот се уредуваат условите за обука, времетраењето, опсегот на практичната обука кај работодавачите како и правата и обврските на сите страни вклучени во договорот. Договорот задолжително се потпишува пред почетокот на изведување на практичната обука од страна на установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот постар од 18 години, ако е деловно способен, односно родител/старател на ученикот помал од 18 години. Согласно Законот за средно образование, воспитно-образовната дејност во средното образование се реализира според наставните планови и наставните програми што ги донесува Министерот за образование и наука, а по предлот на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Во Наставниот план и наставните програми е определено времето за практична обука на ученикот и тој не може да изведува практична обука кај работодавачот подолго од предвидениот број на часови/денови.

Практичната обука согласно наставните планови се состои од практична настава и феријална практика. Во одредени струки покрај практичната настава и феријалната практика се реализира и професионална практика. Реализацијата на практичната обука се реализира во училиштата и кај работодавачите согласно предвидените цели во наставните програми. Практичната обука кај работодавач се одвива согласно потпишаните договори склучени помеѓу работодавач, училиште и родител/старател.

Според Закон за стручно образование и обука, практичната обука може да се реализира само кај верифицирани работодавачи од соодветна комора, откако ќе ги исполнат критериумите за верификација во однос на простор, опрема и соодветен кадар. Кај секој верификуван работодавач мора да има ментор кој ќе ја спроведува обуката.

Според Законот за стручно образование и обука коморите се обврзани да ги водат следниве регистри:

- Регистар за верификација на работодавачите за практична обука на учениците (донесен од Министерството за образование и наука (МОН) во 2010 година);
- Регистар на ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот (донесен од МОН 2014 година).

Коморите на секои 3 месеци имаат обврска да доставуваат извештај за склучените договори за практична обука на учениците со установата за стручно образование и обука и работодавачот до Министерството за образование и наука и до Центарот за стручно образование и обука, а до Министерството за образование и наука да доставуваат и годишен извештај за верифицираните работодавачи за изведување на практичната обука.

Со цел да се операционализираат одредбите од Законот за стручно образование и обука кои го регулираат изведувањето на практичната обука на учениците кај работодавачите и да се воспостават процедурите за влез на учениците кај работодавачите, на сто педесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 27.08.2013 година беше донесен Акциски план за обуки што ќе ги спроведува Занаетчиска комора на Република Македонија и регионалните занаетчиски комори во соработка со Центарот за стручно образование и обука. Од Акцискиот план во соработка со УСАИД ЈЕС Мрежа Проектот се реализирани следните активности од усвоениот Акциски план:

- Од страна на Центарот за стручно образование и обука е изработен Стандард за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите и истиот е усвоен од Занаетчиската комора на Република Македонија, по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука;
- Од страна на Центарот за стручно образование и обука е изработен Стандард за опрема и просторни услови и истиот треба да го донесат коморите;
- Центрот за стручно образование и обука изработи Програма за обука на стручен и друг кадар за спровеување на практична обука кај работодавачите;
- Завршена е обука на стручен и друг кадар кај работодавачите во три општини: Тетово, Битола и Струмица;
- Во втората фаза која ќе започне во октомври 2014 година и ќе трае до мај 2015 година ќе продлолжи обуката на стручен и друг кадар кај работодавачите во општините: Прилеп, Гостивар и Штип, како и обука на стручен и друг кадар од Град Скопје;
- Центрот за стручно образование и обука изработи Насоки за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието.

После создавање на услови за исполнување на критериумите за верификација во однос на простор, опрема и соодветен кадар, согласно Акцискиот план ќе се верифицираат работодавачите кои може да примаат ученици на практична обука и истите ќе бидат запишани во Регистар за верификација на работодавачите за практична обука на учениците. Веднаш потоа ќе бидат склучени и договорите за реализација на практична обука кај работодавачите и истите ќе бидат запишани во Регистар на ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот. Со почетокот на новата 2014/2015 година се очекува да започне реализација на практичната обука на учениците кај работодавачите со исполнување на сите законски претпоставки.

За следење на учениците кои изведуваат практична обука кај работодавачите, во рамките на УСАИД Проектот Светско учење подготвена е електронска база за внесување на податоци за вклучените страни во процесот на изведување на практичната обука на учениците кај работодавачите, насловена како „Регистар на средни стручни училишта и компании за спроведување на практичната настава за учениците во средните стручни училишта во Република Македонија“. Изработено е упатство за користење на електронската база - Регистарот, но потребно е да се ревидира и да се надогради согласно законските измени и дополнувања.

Изготвена е Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020 со Акциски план.

Во средното образование воведен е систем за ментори и во тек е воведување на систем за тутори, кои се избираат според утврдени критерииуми и ги подготвуваат средношколците за продолжување во високото образование. За учебната 2010/2011 год., избрани се 160 ментора, за 2011/2012 год. се избрани 132 ментора, за 2012/2013 год. се избрани 106 ментора, 2013/2014 год. се избрани 102 ментори врз основа на распишани огласи.

Во насока на поттикнување на мерките и активностите и подобрување на социјалната инклузија и кохезија направено е „Мапирање на политиките и праксите во стручното образование и обука за социјална инклузија и социјална кохезија во земјите од Западен Балкан, Турција и Израел. Едно од поглавјата се однесува на напуштањето на стручното образование во текот на учењето и го оценува влијанието на социјалната инклузија, интеграцијата на најранливите групи ученици на пазарот на труд и општеството.

Усвоена е ”Стратегија за намалување на насилството во училиштата – 2012-2105” и ”Протокол за постапување на институциите со деца во ризик”.

Спроведена е обука на сите училишни стручни тимови од основните и средни училишта во РМ за брзо и ефикасно решавање на проблемот со училишното насилство.

- *Релевантни информации за стручното образование*

Во рамките на Проектот на занаетчиска комора Кобленц, 184 кандиадати положиле мајсторски испит и стекнале диплома за мајсторски испит од 2008-2010 година Стекнатата диплома за мајсторски испит одговара на сертификатот за завршена обука за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачи и на кандидатите им се признава при верификација за исполнетост на услови за соодветен кадар.

Во рамките на Твининг проектот „Поддршка на модернизација на систем на образование и обуката", IPA IV Компонента (МК/2007/IB/SO/03), 53 кандидати се стекнаа со сертификат за завршена обука за ментори која им се признава при верификација за исполнетост на услови за соодветен кадар.

Во рамките на Акцискиот план, поддржан од проектот на УСАИД Мрежа ЈЕС ,беа обучени вкупно 54 ментори од три општини кои се стекнаа со сертификат за завршена обука за стручен и друг кадар и кој сертификат им се признава при верификација за исполнетост на услови за соодветен кадар.

Вкупно доделени сертификати за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачи (ментори) во рамките на повеќе проекти:

| **Ред. бр.** | **Доделени сертификати во рамките на проектот** | **Број на доделени сертификати** |
|---|---|---|
| 1. | Проектот на занаетчиска комора Кобленц | 184 |
| 2. | Твининг проектот „Поддршка на модернизација на систем на образование и обуката", IPA IV Компонента (МК/2007/IB/SO/03) | 53 |
| 3. | Акцискиот план, поддржан од проектот на УСАИД Мрежа ЈЕС | 54 |
| | **Вкупно доделени сертификати за ментори** | **257** |

Извор: Министерство за образование и наука

Вработени на возраст од 15 до 19 според школската подготовка

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **8383** | **8386** | **6762** | **6695** |
| Без образование | : | : | : | : |
| Незавршено основно образование | : | : | : | : |
| Основно образование | 3776 | 4586 | 3386 | 2699 |
| 3-години средно образование | 1640 | (1043) | (1014) | (792) |
| 4-години средно образование | 2591 | 2450 | 2174 | 2965 |
| Више образование | - | - | - | - |
| Високо образование | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**- нема појава/ no entry**

**: мала појавност за да биде објавен податокот/ too imprecise estimated to be published**

**( ) помалку прецизна процена - се користи со претпазливост/less precise estimate- use with caution**

**Член 7§4**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да ја ограничат должината на работното време на работниците помлади од 16 години со цел таа да одговара на барањата на нивниот развој и особено на потребите на нивно професионално образование.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

Во поглед на барањето на Комитетот за разјаснување во однос на ситуацијата дали во Република Македонија има млади лица меѓу 15 и 16-годишна возраст кои не се предмет на задолжително образование и им е дозволено да работат, освен тие кои се дел од системот на стручно образование[15], информираме дека и покрај сите напори за искоренување на прераното напуштање на средното задолжително образование, сепак постојат млади лица кои своеволно го напуштаат образованието. Дел од нив се вработуваат.

За младите лица кои не се опфатени со задолжителното образование, односно го напуштиле средното образование, Законот предвидува максимален број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 и над 16 години и истото изнесува 30 часа неделно, односно 37 часа и 45 минути и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено (член 18 од ЗРО).

Должината на времето за практичната обука на учениците во стручното образование и обука помлади од 16 години е регулирана со наставните планови и програми, согласно Концепциите за стручно оспособување и стручно образование за занимања, Општиот државен курикулум за реформирано средно стручно образование, Методологијата за развој на наставни планови и програми, како и со Насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието:

- Концепција за стручно оспособување, одобрена со Решение на министерот за образование и наука број 11-3109/2 од 01.10.2010 година;
- Концепција за стручно образование за занимања, одобрена со Решение на министерот за образование и наука број 11-3109/3 од 01.10.2010 година;
- Општ државен курикулум за реформирано стручно образование;

[15] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 7.

- Методологијата за развој на наставни планови и програми, донесена во рамките на Твининг проектот „Поддршка на модернизација на систем на образование и обуката“, IPA IV Компонента (MK/2007/IB/SO/03);
- Насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието.

Во рамковниот наставен план на Концепцијата за стручно оспособување со траење до две години, практичната обука во наставните планови е застапена до 50% од вкупниот фонд на часови, во рамковниот наставен план на Концепцијата за стручно образование за занимања со траење од три години, практичната обука во наставните планови е застапена до 40% од вкупниот фонд на часови, во рамковниот наставен план на општиот државен курикулум за реформирано стручно образование со траење од четири години, практичната обука во наставните планови е застапена до 10% од вкупниот фонд на часови, а во рамковниот наставен план на Методологијата за развој на наставни планови и програми со траење од три години, практичната обука во наставните планови е застапена до 40% од вкупниот фонд на часови, а во наставните планови и програми со траење од две години, практичната обука е застапена до 50% од вкупниот фонд на часови.

Во Методологијата, исто така е регулирано дека практичната настава може да се реализира во работилници, лаборатории, на училишен имот, училишна компанија и кај работодавачите. Во рамките на практичната настава најмалку една третина од часовите (12 недели во текот на три години во стручното образование за занимања, односно 9 недели во текот на две години во стручното оспособување во траење од две години) треба да се изведува кај работодавачите. Во Насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието се опишани облиците и застапеноста на практичната обука, примената на законските одредби при планирањето и организирањето, местото каде може да се реализираат разните форми на практичната обука, начинот на оценувањето на постигнувањата на учениците и евидентирањето на резултатите од практичната обука во педагошката документација.

Учениците во стручното образование влегуваат после завршување на основното образование и се запишуваат на возраст од 15 години. Во зависност од видот и нивото на стручното образование, учениците го завршуваат на возраст од 17 години (стручно образование за занимања со траење од три години) и на 18 години (техничко образование со траење од четири години). Согласно Законот за средно образование и Законот за стручно образование, во програмите за стручно оспособување можат да се вклучат ученици кои завршиле основно образование и оние кои немаат довршено основно образование, но со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование. Согласно законските

и концепциските решенија, стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години, но првата квалификација може да се стекне и со времетраење до една година.

Иако постојат законски и концепциски можности за стручно оспособување, во нашиот формален систем на стручно образование нема запишано ученици за стручно оспособување. Во рамките на Твининг проектот „Поддршка на модернизација на систем на образование и обуката", IPA IV Компонента (MK/2007/IB/SO/03) се изработија стандарди на занимања, стандард на стручна квалификација и комплетни наставни планови и програми за образовниот профил за стручно оспособување со двегодишно траење на образованието Гипсер-монтер од Градежно-геодетската струка. Во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2014/2015 година во Република Македонија за прв пат после подолг период е дадена можност во Средното градежно гимназиско училиште на Град Скопје „Здравко Цветковски да се запишат ученици во образовниот профил за стручно оспособување Гипсер-монтер. Дали има интерес за овој вид на образование ќе го дознаеме со почетокот на новата учебна година.

При програмирањето на часовите за практична обука се зема во предвид возраста на учениците. Во некои нереформирани образовни профили со тригодишно траење на образованието практичната настава е застапена уште од прва година, а во други започнува од втората година. Кај сите реформирани образовни профили во рамките на Твининг проектот „Поддршка на модернизација на систем на образование и обуката", IPA IV Компонента (MK/2007/IB/SO/03) практичната настава започнува уште од прва година. Кај сите образовни проифили со четиригодишно траење на образованието, практичната настава започнува по завршување на првата година, односно е застапена од втора година. Исто така и обемот на застапеноста на бројот на часовите за практична настава се зголемува од првата до завршната година.

Во реформираното двегодишно стручно оспособување практичната настава е застапена со по 14 часа во прва и втора година, а во тригодишното стручно образование за занимања, во прва година кога учениците имаат 15 години практичната настава е застапена со 6 до 8 часа неделно, во втора година кога учениците имаат 16 години, практичната настава е застапена со 13 до 14 часа неделно, а во трета година кога учениците имаат 17 години, практичната настава е застапена со 14 до 16 часа неделно.

Во образовните профили со четиригодишно траење на образованието практичната настава во прва година кога учениците имаат 15 години воопшто не е застапена и започнува од втора година на образованието. Во втора година кога учениците имаат 16 години, практичната настава е застапена од 2 до 6 часа, во трета година кога учениците имаат 17 години практичната настава е застапена од 3 до 11 часа, а во четврта година кога учениците имаат 18 години практичната настава е застапена од 3 до 10 часа,

Кога станува збор за ограничување на должината на работното време на учениците помлади од 16 години со цел таа да одговара на барањата на нивниот развој и особено на потребите на нивно професионално образование, застапеноста на практичната обука е во многу мали граници и не може да влијае негативно врз нивниот развој ниту врз потребите на нивното професионално образование.

Покрај практичната настава, учениците после завршување на наставната година изведуваат и феријална практика. Во четиригодишното стручно образование феријалната практика се реализира од I до III година. Застапена е во 11 струки и 26 образовни профили, а не е застапена во 3 струки и 16 образовни профили. Застапеноста се изразува во денови и се движи од 10 до 20 работни дена во текот на учебната (календарска) година. Согласно Насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта со четиригодишно траење на образованието ученикот во еден работен ден, по правило, треба да реализира 7 наставни часа за феријална практика. Времето за кое ученикот реализира феријална практика е утврдено и во Договорот за реализирање на практична обука што го потпишуваат трите вклучени страни: установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот на ученикот кај работодавач го потпишува родител, односно старател на ученикот. Во член 2 од Договорот за реализирање на практична обука на ученикот кај работодавач е наведено дека практична обука кај работодавачот се реализира врз основа на изготвениот Работен план за практична обука и дека ученикот може да реализира најмногу 8 часа во текот на еден работен ден, вклучувајќи ја и паузата, односно најмногу 40 часа неделно.

Учениците во формалното стручно образование и обука можат да изведуваат практична обука само во рамките на Наставните планови и програми. Во текот на летниот распуст кој трае од 10 јуни до 31 август можат максимално да бидат на феријална практика 20 работни дена, што значи дека им останува за одмор две третини од летниот распуст, односно околу два месеци. Во текот на зимскиот распуст кој трае од почетокот до средината на јануари учениците не изведуваат практична обука.

За изведување на практичната обука на учениците во стручното образование и обука е предвидено во член 15 од Законот за стручно образование и обука дека работодавачот има право да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон. Иако е предвидена таква можност овој член од законот не е операционализиран и не е утврдено како може работодавачот што прима ученици на практична обука да ги оствари бенефитите што се предвидени во членот од законот. Од друга страна, во член 22 од истиот закон е предвидено ученикот за време на обуката да добива надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот. Иако е предвидена можност учениците да добиваат надоместок за работата кај работодавачот, во пракса учениците не ја остваруваат таа

можност. Постои тесна врска помеѓу овие два члена од Законот за стручно образование и обука бидејќи учениците не можат да го остваруваат своето право на надомест бидејќи ниту работодавачите не го остваруваат своето право на финансиски, царински и даночни олеснувања.

Со цел да се надминат воочените слабости околу операционализирање на член 15 и 22 од Законот за стручно образование и обука, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и Коморите постигнаа согласност дека треба да се запознаат релевантните институции во државата и да се побара од нив да преземат конкретни чекори за решавање на истите.

Државниот инспекторат за труд, покрај редовните инспекциски надзори во кои е опфатена и контролата на работното време, постапува и по барања од работници за заштита на права од работен однос предвидени со закон и колективен договор. Во врска со правата кои се однесуваат на работното време и прекувремената работа во 2010 година постапувано е по 119 барања на работници за заштита на права. Во 2011 постапувано е по 112, во 2012 по 272 и во 2013 постапувано е по 332 барања. Ниту едно од овие барања не се од работници помлади од 18 години.

**Вработени со цело и со скратено работно време според полот и возраста**

| | | **Вработени** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | | | **Цело работно време** | | | **Скратено работно време** | | |
| | | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 2010 | Вкупно | 637855 | 391923 | 245932 | 600118 | 372479 | 227638 | 37737 | 19444 | 18294 |
| | На возраст од 15-19 | 8383 | 5136 | 3246 | 6326 | 4083 | 2243 | 2057 | 1054 | 1003 |
| 2011 | Вкупно | 645085 | 388963 | 256122 | 604382 | 366448 | 237934 | 40703 | 22515 | 18188 |
| | На возраст од 15-19 | 8386 | 4800 | 3586 | 6313 | 3479 | 2834 | 2073 | 1321 | (752) |
| 2012 | Вкупно | 650 554 | 393 092 | 257 462 | 608 716 | 369 914 | 238 802 | 41 838 | 23 177 | 18 661 |
| | На возраст од 15-19 | 6 762 | 4 250 | 2 512 | 4 234 | 2 761 | 1 473 | 2 528 | 1 489 | 1 039 |
| 2013 | Вкупно | 678 838 | 407 531 | 271 307 | 647 501 | 389 641 | 257 860 | 31 337 | 17 890 | 13 447 |
| | На возраст од 15-19 | 6 695 | 3 795 | 2 900 | 4 660 | 2 575 | 2 085 | 2 034 | 1 220 | (815) |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Член 7§4**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да го ограничат работното време на лицата помлади од 18 години во согласност со потребите за нивниот развој и особено со потребите за нивната стручна подготовка.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Во извештајниот период не се направени измени на законот во поглед на овој став.

Сè што е наведено за претходната точка 7.4. која се однесува на лицата помлади од 16 години се однесува и на оваа точка само ги опфаќа и учениците на возраст од 17 и 18 години, односно учениците од трета и четврта година на стручното образование.

**Член 7§6**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат часовите што младинците ги користат за стручна подготовка во текот на редовното работно време со согласност од работодавачот, да бидат сметани како составен дел на работниот ден.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Во извештајниот период не се направени измени на законот во поглед на овој став.

Што се однесува до конкретното прашање на Европскиот комитет за социјални права дали двата општи колективни договори се единствените договори кои обезбедуваат вклучување и надоместување на времето поминато во професионална обука во нормалното работно време, кои делови од работната сила се опфатени со овие колективни договори и каква е ситуацијата за остатокот од работната сила која не е опфатена со овие колективни договори[16], информираме дека: Прашањата кои се однесуваат на времето поминато во професионална обука и вклучување на истите во работното време на работникот, доколку не се уредени и прецизирани во Законот за работните односи, се предмет на колективно договарање. Постојат два Општи колективни договори со кои се допрецизираат и доуредуваат прашањата содржани во Законот за работните односи. Но, со гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач се дава можност за нивно натамошно уредување и допрецизирање. Она што е битно е дека содржината на колективните договори е предмет на уредување од страна на потписниците на колективниот договор и притоа истите не можат да содржат помали права од правата кои се уредени со закон, и Општиот колективен договор. Односно, со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон.

Во поглед на опфатот на работната сила со колективните договори, Општите колективни договори се однесуваат на сите работници, додека гранските колективни договори и договорите на ниво на работовач се однесуваат на работниците и работодавачите од таа гранка, односно од тоа претпријатие.

[16] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 8.

Со Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр.07/08) се создаде правна рамка со која се регулира образованието на возрасните, активностите, установите и институциите кои можат да го реализираат тој вид на образование, видовите и формите на образование на возрасните, формирање на посебна установа која е задолжена за развивање на политиките за развој на образованието на возрасните, како и посебно стручно тело во кое ќе партиципираат претставници од сите заинтересирани субјекти за образованието на возрасните, кои ќе ги дефинираат и предлагаат стратешките приоритети во системот на образование на возрасни. Законот за образование на возрасните го уредува организирањето, структурата, финансирањето и управувањето на системот на образование на возрасните. Образованието за возрасни опфаќа формално, неформално и информално учење. Образованието на возрасните ги опфаќа лицата кои имаат навршено 15 години и ги исполнуваат условите пропишани со програмата. Лицата кои се вклучени во процесот на образование на возрасните со склучување на договор за вклучување во програма за образование на возрасни се стекнуваат со статус учесник. Согласно Законот за образование на возрасните, возрасните можат да се образуваат и усовршуваат, специјализираат и да ги дополнуваат своите знаења, вештини и компетенции согласно програмите за основно, средно и високо образование, прилагодени на потребите и можностите на возрасните и согласно со посебни програми за стекнување на знаења, вештини и компетенции кои се организираат кај верифицирани образовни установи и институции. Посебните програми за образование на возрасните ги донесува установата/институцијата за образование на возрасните, а ги верификува Центарот за образование на возрасните.

До Државниот инспекторат за труд во периодот 2010-2013 година не се доставени претставки со барања за повредени права на дообразование предвидени со закон и колективен договор.

**Член 7§7**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат минимум од три недели за платен годишен одмор на работниците помлади од 18 години.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

Во јануари 2012 години, донесени се измени и дополнувања на ЗРО со кои се изменети висините на глобите за сторен прекршок – необезбедување зголемен годишен домор на работници помлади од 18 години. Имено, за сторен прекршок на работодавач-правно лице му се изрекува глоба во висина од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, на одговорното лице кај работодавачот му се изрекува глоба во висина од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и на работодавач-физичко лице глоба во висина од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност.

При редовните надзори, инспекцијата на трудот нема констатирано повреди на правото на годишен одмор на работниците помлади од 18 години.

Во поглед на прашањето на Комитетот за тоа дали во случај на болест или несреќа во текот на одморот, младите работници имаат право да го искористат изгубениот дел од одморот во некој друг период,[17] информираме дека со Законот за работните односи уредено е дека годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година.

[17] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 8.

**Член 7§7**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат минимум од четири недели за платен годишен одмор на работниците помлади од 18 години.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период 1/3/2012-31/12/2013.**

Во извештајниот период не се направени измени на законот во поглед на овој став, односно на сила се законските одредби од претходниот извештај на Република Македонија по однос на имплементацијата на член 7 став 7 од Европската социјална повелба.

**Член 7§8**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да забранат вработување на лица помлади од 18 години на ноќна работа, со исклучок на некои работни места утврдени со националните закони или други прописи.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Во јануари 2012 година, донесени се измени и дополнувања на Законот за работните односи со кои се изменети височините на глобите за сторен прекршок на одредбите за забрана на ноќна работа на работници помлади од 18 години. Имено, за сторен прекршок на работодавач-правно лице му се изрекува глоба во висина од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, на одговорното лице кај работодавачот му се изрекува глоба во висина од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и на работодавач-физичко лице глоба во висина од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност.

При редовните надзори, Државниот инспекторат за труд, во референтиот период на овој извештај (2010-2013 година) нема констатирано повреди на одредбата за забрана на ноќна работа на работници помлади од 18 години.

Во поглед на прашањето на Комитетот за тоа дали постојат некои други категории на млади работници кои можат да бидат исклучени од забраната за ноќно работење[18] наведена во претходниот извештај на РМ, информираме дека во Законот за работните односи не се дефинирани други категории на млади работници кои можат да бидат исклучени од забраната за ноќна работа.

[18] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 9.

**Член 7§9**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат, лицата помлади од 18 години, вработени на некои работни места, определени со националните закони или други прописи, да бидат задолжени на редовна лекарска контрола.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Со измените и дополнувањата на Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2011) а во врска одредбите од членот 20, наведени во претходниот извештај на Република Македонија, се измени алинејата 3 која сега предвидува организирање и спроведување на обука за прва помош на вработените. Со истите измени на Законот, временскиот период во кој работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените се измени од "најмалку на секои 18 месеци" на "најмалку на секои 24 месеци" (член 22).

Со измените и дополнувањата на Законот во 2013 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013) се предвиде глоба во износ од 4000 до 5000 евра во денарска противвредност за работодавач – физичко лице за неизвршување на здравствени прегледи на вработените, покрај постоечките глоби од 5000 до 8000 евра за правното лице и глоба од 500 до 1000 евра за одговорното лице во правното лице.

Со следните измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2013) се смени ставот 2 од членот 22, па така видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на предлог на министерот надлежен за работите од областа на трудот, по претходно мислење на министерот надлежен за работите од областа на здравството, ги уредува Владата на Република Македонија. Затоа, на седницата одржана на 16.04.2013 година, Владата на РМ ја донесе Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените. Уредбата се однесува на сите вработени лица во Република Македонија.

Со Уредбата се пропишуваат видовите на здравствени прегледи (претходни прегледи, периодични прегледи, насочени прегледи и систематски прегледи) кои се вршат од страна на овластените здравствени установи од областа на медицината на труд, при што се користат податоците од изјавата за безбедност на работодавачот. Уредбата ги

содржи следните елементи за претходните и периодичните здравствени прегледи:

1. Барања и оптоварувања
    - 1.1.Сетило за вид;
    - 1.2. Сетило за слух;
    - 1.3. Мирис и вкус;
    - 1.4. Рамнотежа;
    - 1.5. Ефекторни барања и оптоварувања;
        - 1.5.1. Динамички;
        - 1.5.2. Статички;
        - 1.5.3. Повторувачки брзи движења и принудна положба;
    - 1.6. Психички барања и оптоварувања;
        - 1.6.1. Когнитивни;
        - 1.6.2. Психосензорни;
        - 1.6.3. Психомоторни;
        - 1.6.4. Емоционални.
2. Физички штетности;
    - 2.1. Неповолна осветленост;
    - 2.2. Бучава;
    - 2.3. Работа во неповолни микроклиматски услови;
    - 2.4. Вибрации;
        - 2.4.1. Општи;
        - 2.4.2. Локални;
    - 2.5. Забрзување и забавување (акцелерација и децелерација);
    - 2.6. Зголемен и намален атмосферски притисок;
    - 2.7. Нејонизирачко зрачење;
    - 2.8. Јонизирачко зрачење;
3. Хемиски штетности;
    - 3.1. Метали и неметали;
        - 3.1.1. Алуминум;
        - 3.1.2. Антимон и неговите соединенија;
        - 3.1.3. Арсен и неговите соединенија;
        - 3.1.4. Вандиум, селен и нивните соединенија;
        - 3.1.5. Платина и нејзините соединенија;
        - 3.1.6. Жива и нејзините соединенија (без органски соединенија со кратки ланци);
        - 3.1.7. Органски соединенија на жива;
        - 3.1.8. Кадмиум и неговите соединенија;
        - 3.1.9. Манган и неговите соединенија;
        - 3.1.10. Никел;
        - 3.1.11. Олово и неговите неоргански соединенија;
        - 3.1.12. Органски соединенија на олово;
        - 3.1.13. Хром и неговите соединенија;
        - 3.1.14. Цинк и неговите соединенија;
        - 3.1.15. Берилиум и неговите соединенија;

3.1.16. Бакар и неговите соединенија;
3.1.17. Кобалт и неговите соединенија;
3.1.18. Магнезиум и неговите соединенија;
3.1.19. Калај и неговите неоргански соединенија;
3.1.20. Органски соединенија на калајот;
3.1.21. Талиум и неговите соединенија;
3.1.22. Тврд метал;
3.1.23. Фосфор и неговите соединенија;

3.2. Гасови;
3.2.1. Јаглероден моноксид;
3.2.2. Флуор и неговите соединенија;
3.2.3. Халогени елементи и нивните соединенија (без флуор и неговите соединенија;
3.2.4. Прости загушливци – метан, етан, јаглероден диоксид и др;
3.2.5. Цијаниди;
3.2.6. Сулфурводород;
3.2.2. Флуор и неговите соединенија;

3.3. Органски соединенија;
3.3.1. Алифатични и алициклични јаглеводороди (н-хексан, циклохексан и др.);
3.3.2. Циклични јаглеводороди (ароматични јаглеводороди);
3.3.3. Амино и нитро соединенија на цикличните јаглеводороди, нивните хомолози и деривати;
3.3.4. Халогени деривати на алифатичните и цикличните јаглеводороди;
3.3.5. Алкохоли, естри, етри, алдехиди и кетони;
3.3.6. Амиди, НН – диметил формамид;
3.3.7. Пестициди;
3.3.8. Јаглен дисулфид;
3.3.9. Вештачки смоли и пластични маси;
3.3.10. Винилхлорид мономер;

3.4. Останати материи;
3.4.1. Гасови, пареи и аеросоли со иритативно, токсично и сензибилизирачко дејство;
3.4.2. Нефиброгена прашина;
3.4.3. Фиброгена прашина (слободен $CiO_2$ и др.);
3.4.4. Азбест;
3.4.5. Киселини, бази, нивни анхидриди и соли;
3.4.6. Вештачки ѓубрива;
3.4.7. Материи или извори на зрачење со докажано канзерогено дејство на човекот (категорија А1 од листата на канцерогени на СЗО);

3.4.8. Други (досега ненаведени) хемиски материи, односно опасни и недоволно испитани материјали и препарати;

4. Биолошки агенси;
   - 4.1. Изложеност на туберкулозен бацил;
   - 4.2. Изложеност на вирусите на хепатитис Б и/или Ц;
   - 4.3. Изложеност на вирусите на ХИВ;
   - 4.4. Изложеност на други (ненаведени) биолошки штетности;
5. Посебни штетности и опасности;
   - 5.1. Работа на височина на три и над три метри;
   - 5.2. Работа под земја;
   - 5.3. Работа ноќе;
   - 5.4. Внатрешен транспорт (возачи на виљушкари, дигалки, транспортери, градежни и земјоделски машини);
   - 5.5. Работа во нехигиенски услови, присуство на влага, непријатни мириси и испарувања;
   - 5.6. Работа во сообраќајот и патиштата;
   - 5.7. Управување со одговорни системи (системи со посебни барања, сложени системи);
   - 5.8. Одговорност за безбедноста на другите или за безбедноста на средината.

Како што беше наведено во претходниот извештај на Република Македонија по однос на имплементацијата на ставот 9 од членот 7 на Повелбата, Владата на Република Македонија донесува секоја година донесува Превентивни програми за заштита на населението, финансирани од Буџетот на Република Македонија. Превентивните програми за заштита на населението се донесени согласно член 16 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12,. 145/12, 87/13, 164/13, 39/14 и 43/14). Програми од интерес за лица помлади од 18 години се Програмата за задолжителна имунизација и Програмата за систематски прегледи, со кои се обезбедува бесплатна вакцинација и систематски прегледи за децата без разлика на здравственото осигурување.

Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите покрај наведените активности во претходниот извештај, опфаќа и:

- спроведување на обуки за јакнење на капацитите на здравствените работници за активности од областа на здравствена промоција и едукација при работа со деца и адолесценти и за вршење на систематски прегледи
- изготвување на прирачници за здравствени работници
- изготвување на здравствено-едукативни материјали за ученици и за родители на теми поврзани со здравјето на децата и адолсцентите (сексуално и репродуктивно здравје, исхрана, имунизација, болести на зависности)

- стручно-методолошки надзор на работата на превентивните тимови.

**Извршени инспекциски надзори на Државниот инспекторат за труд**

| | 2009г | 2010г. | 2011г. | 2012г. | 2013г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно извршени инспекциски надзори кај работодавачи | 17 991 | 18 007 | 14 619 | 14 473 | 16 594 |
| Редовни инспекциски надзори | 15 027 | 14 075 | 10 772 | 9 643 | 10 699 |
| Контролни инспекциски надзори | 2 911 | 3 307 | 3 061 | 3 384 | 4 167 |
| Претставки | 53 | | | 368 | 364 |
| Донесени решенија за отстранување на констатирани неправилности и недостатоци во определени рокови | 4 676 | 5 929 | 5 059 | 3 649 | 3 698 |
| Утврдени неправилности односно недостатоци | 16 008 | 19 733 | 16 793 | 20 207 | 15 687 |
| Отстранети недостатоци | 11 269 | 13 823 | 12835 | 17 500 | 12 529 |
| Утврдените недостатоци на задолжителните здравствени прегледи на вработените се: | 2 777 | 4 088 | 3 400 | 5 232 | 2 857 |
| Отстранети недостатоци извршени задолжителни здравствени прегледи на вработените се: | 2 075 | 2 721 | 2 613 | 1 846 | 2 320 |

Извор: Државен инспекторат за труд

**Извршени инспекциски надзори по барани дејности**

| Д Е Ј Н О С Т<br>Трговец поединец и трговски друштва<br>( Н А З И В ) | 2009г. | 2010г. | 2011г. | 2012г. | 2013г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство,шумарство и рибарство | 100 | 154 | 116 | 231 | 241 |
| Рударство и вадење на камен | 13 | 44 | 63 | 214 | 260 |
| Преработувачка индустрија | 3 501 | 4 188 | 3 554 | 3 314 | 3 305 |

Извор: Државен инспекторат за труд

**Извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Македонија во периодот 2005 - 2013**

| Година | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Ученици по одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I одделение | | III одделение | | V одделение | | VII одделение | |
| | | | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани |
| 2005 | 82495 | 80773 | 20296 | 19891 | 20354 | 19877 | 20501 | 20071 | 21344 | 20934 |
| 2006 | 79559 | 77945 | 17810 | 17498 | 19061 | 18721 | 21550 | 21110 | 21138 | 20616 |
| 2007 | 94241 | 92265 | 23479 | 22881 | 23627 | 23081 | 22722 | 22405 | 24413 | 23898 |
| 2008 | 87151 | 85262 | 19144 | 18773 | 18222 | 17845 | 23326 | 22793 | 26459 | 25851 |
| 2009 | 82229 | 80054 | 19011 | 18260 | 24396 | 23971 | 19131 | 18666 | 19691 | 19157 |
| 2010 | / | | / | 18554 | / | 14847 | / | 19629 | / | 20178 |
| 2011 | 93247 | 78079 | 22585 | 16365 | 22997 | 15942 | 23152 | 28855 | 24513 | 16917 |
| 2012 | 114856 | 58357 | 22224 | 17029 | 22727 | 15800 | 45682 | 10885 | 24223 | 14643 |
| 2013 | 113097 | 83871 | 22130 | 18294 | 22460 | 17057 | 44470 | 18261 | 24037 | 30159 |

Извор: Министерство за здравство на Република Македонија

**Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта во во Република Македонија во периодот 2005 - 2013**

| Година | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Ученици по класови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I клас | | IV клас | |
| | | | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани |
| 2005 | 35263 | 33527 | 18371 | 17661 | 16892 | 15866 |
| 2006 | 46718 | 45022 | 25408 | 24696 | 21310 | 20326 |
| 2007 | 37088 | 35611 | 21190 | 20641 | 15898 | 14970 |
| 2008 | 35990 | 34422 | 19171 | 18408 | 16819 | 16014 |
| 2009 | 33996 | 32468 | 19014 | 18283 | 14982 | 14185 |
| 2010 | / | 37472 | / | 20118 | / | 17354 |
| 2011 | 45033 | 37093 | 24336 | 19167 | 20697 | 17926 |
| 2012 | 45655 | 27296 | 24734 | 14123 | 20921 | 13173 |
| 2013 | 46675 | 33853 | 24315 | 18463 | 22360 | 15390 |

Извор: Министерство за здравство на Република Македонија

**Член 7§10**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат посебна заштита од физички и морални опасности на кои се изложени децата и младинците, а особено од оние кои се непосредна или посредна последица на нивната работа.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Со оглед на тоа што Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 98/2000) беше предмет на повеќе измени и дополнувања (вкупно девет: „Службен весник на Република Македонија“ бр.17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11), се наметна потребата од донесување на нов Закон за заштита на децата во кој што се прецизира новиот концепт за доградба на системот на заштита на децата.

Собранието на Република Македонија на 12 февруари 2013 година го донесе Законот за заштита на децата, кој на 14 февруари е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 23/2013 година, а е стапен на сила од 22 февруари 2013 година.

Основна цел на Законот е неговото осовременување и приближување на законските решенија кон законодавството на земјите од Европската унија како и определби поврзани со Конвенцијата за правата на децата и други документи кои се насочени кон заштитата на децата.

Со Законот се уредува системот и организацијата за заштитата на децата, како дејност од јавен интерес.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата (член 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13).

Во Законот се содржани одредби во кои се испочитувани принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое

дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето. Овие постулати кои се директно преземени од меѓународни документи значат директно унапредување на домашното законодавство со стандардите кои се утврдени на меѓународно ниво.

Се предлага и во овој Закон во заштитата на децата вклучување на родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, институции на државната и локалната власт и јавни правни лица и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничкото или социјално потекло, културна или друга припадност, имотна состојба, онеспособеност, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател, во законот се санкционира и се воведуваат прекршочни одредби за прекршителите на овие забрани. Во функција на подигнување на квалитетот на заштитата на децата, и во овој закон содржани се одредби кои произлегуваат од Директивата на Советот 2000/43// ЕЗ која се однесува на забрана на дискриминација врз основа на расата или етничкото потекло која во текстот на законот е разработена во сите сегменти на остварувањето на правата и облиците на заштитата на децата.

За да се обезбедат овие права на детето и да се спречат можни злоупотреби, во законот е предвидено државата и институциите на системот да ги превземаат сите мерки за заштита на децата. Исто така се предвидува заштита од нелегалната употреба и форми на злоупотреба на децата во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Се забранува и политичко или верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување како и вклучување на деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија. За таа цел државата и институциите на системот се должни да ги превземаат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.

Предвидена е и обврската за секој граѓанин да пријави пред надлежен орган било каква форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот.

Во законот се предвидува забрана за секаков вид директна или индиректна дискриминација и малтретирање во остварување на правата и облиците на заштита на децата утврдени со овој закон. При тоа се дефинираат облиците на директна и индиректна дискриминација при што за барателот односно корисникот, се утврдува правото да бара заштита од надлежен орган, а во исто време се утврдува правната заштита. Се предвидува обврската на државата да го обезбедува правото на детето да го изрази сопственото мислење за сите прашања кои се однесуваат на него и на мислењето на детето да му биде посветено должно внимание во согласност со годините на живот и зрелоста на детето. Изразувањето на детето може да биде непосредно или преку застапник или соодветен орган на начин и во согласност со утврдена процедура и закон.

Во Законот за заштита на децата донесен во 2013 година, со членот 12 се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (вознемирување, детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето.

Државата и институциите на системот ги преземаат сите мерки за заштита на децата од нелегалната употреба и секоја злоупотреба на детски труд во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори.

Се забранува злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување.

Се забранува вклучување на деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија.

Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде што се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.

Секој граѓанин е должен да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот.

За неспроведување на одредбите од Законот со истиот во прекршочните одредби се утврдени глоби (член 228). Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за установа за деца, односно физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност и

агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст односно физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност и агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст ако: организира политичко или верско организирање и дејствување и во установата за деца, односно кај физичкото лице или кај агенцијата се врши злоупотреба на децата од истите побуди, како и се врши психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата (член 12 ставови (2) и (4)).

Предвидени се глоби во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и за раководното лице.

Предвидени се глоби во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и за вработеното лице во установата, во агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и на физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност, ако: врши психичко или физичко насилство и малтретирање или друго нечовечко постапување или злоупотреба на дете/ца (член 12).

Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, утврден од Владата на Република Македонија и кој во последниот квартал од 2013 година беше во собраниска процедура (донесен од Собранието на Република Македонија на седница одржана на 17 јануари 2014 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 12/2014 година на 22 јануари 2014 година) се интервенираше со замена на постојната одредба со нова одредба, имено, одредбата на ставот (3) од членот 12 „ Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде што се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.", се замени со нова одредба „Се забранува набавување или нудење на дроги, психотропни супстанции и прекурзори на дете под 18 години и се забрануваат секакви незаконски активности и злоупотреба на детскиот труд за производство и трговија со дроги, психотропни супстанции и прекурзори."

**Заштита на децата од сексуална експлоатација и порнографија**

На 5 октомври 2010 година донесен е Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

Националната стратегија за заштита на деца од педофилија во Република Македонија се заснова на принципите и стандардите содржани во

оваа конвенција. Исто така, во измените на Кривичниот законик од 2008, 2009 и 2014 година се вградуваа одредбите од оваа конвенција кои се однесуваат на материјалното кривично право.

Во декември 2013 година започна да се применува новиот Закон за кривичната постапка.

Со измените на Кривичниот законик од 2009 година се воведува нова одредба во член 106-а која се однесува на: Посебен регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија. Согласно став 1 од овој член: "Податоци за правосилна судска одлука за изречена мерка на безбедност судот доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, заради регистрација во здравствената евиденција, како и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, заради регистрација во посебен регистар.

Во ставот 2 се предвидува дека: "Судот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика доставува податоци и за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г на овој законик сторени против малолетни лица, за кои се води посебен регистар. "

Ставот 3 уредува во кои случаи може да се користат овие податоци: "Податоците од ставовите (1) и (2) на овој член можат да се користат исклучиво заради заштита на здравјето на лицата на кои им се изречени мерки на безбедност или за заштита на правата на малолетниците, под услови и по постапка утврдени со закон. "

Врз основа на овие одредби донесен е Закон за посебен Регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија ("Службен весник на РМ" бр.11/12.) како и Правилник за начинот на внесување на податоци за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, како и за начинот на меѓусебно известување и соработка ("Службен весник на РМ" бр.62/12).

Од почетокот на јуни оваа година, Посебниот регистар на лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија е достапен на интернет мрежата, преку web страната www.registarnapedifili.mk. Податоците во Регистарот се внесуваат, менуваат и ажурираат рачно и електронски од страна на службено лице од ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје,согласно со донесениот правилник.

Целта на оваа новина е подигнување на јавната свест за проблемот на сексуална злоупотреба на деца и педофилија, како и мотивирање на децата кои веќе биле изложени на сексуална злоупотреба и педофилија истата да ја пријават. На оваа веб страна се дадени информации за тоа кој се може да биде жртва на сексуална злоупотреба, кој е профилот на сторителите, дадени се информации за начините како може да се препознае доколку некое дете било изложено на сексуална злоупотреба и што е уште поважно - информации каде може да се обратат за помош. Исто така, на веб страната

постои блог преку кој сите посетители можат да поставуваат прашања на кои стручниот тим од ЈУ Завод за социјални дејности ќе им одговори.

На веб страната се прикажани информации за кампањата што ја реализира Министерството за труд и социјална политика во соработка со Црвениот крст, на насловната страна е поставен бројот на СОС линијата 15 505 и поставен е линк од Регистарот на педофили. Исто така, активен е и профилот на социјалната мрежа Фејсбук на кој се прикажуваат содржини кои се однесуваат на активностите кои Министерството за труд и социјална политика ги презема во делот на превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, но и за останати активности поврзани со заштитата на децата во Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика и Црвен Крст на Република Македонија, преку претставници од Јавна установа Завод за социјални дејности – Скопје и претставници од Црвениот крст на град Скопје, спроведе кампања „Со едукација и знаење до превенција од сексуалната злоупотреба на деца и педофилија,, согласно активностите предвидени во Националниот акционен план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година.

Како резултат на добиените позитивните резултати од спроведување на кампањата во која беа опфатени психолошко-педагошките служби и наставниот кадар во училиштата се наметна и потребата од продолжување и проширување и на учениците како целна група.

Во декември 2012 година донесен е Националниот акционен план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца 2013-2015, со оперативен план за справување со злоупотреба и занемарување на деца за 2013 година, а во мај 2012 година формирано е Национално координативно тело за негово спроведувањње. Министерството за труд и социјална политика во март 2013 година го ревидираше Националниот акционен план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија во кој се предвиде продолжување на започнатаите активности како и преземање на нови во тековната година.

Во тек е подготовка на Националниот акционен план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија со активности за 2014/2015 година. Исто така, во тек е подготовка на протокол за постапување, изготвување на анализа проценка на законодавството како и формирање на мултидисциплинарни тимови, кои активности се спроведуваат со ангажирани странски и домашни експерти од УНИЦЕФ И Светската здравствена организација.

Истовремено се планира и проширување на кампањата за заштита од сексуална злоупотреба која се спроведува во училиштата со информации за заштита на децата од злоупотреба и занемарување воопшто.

Со измените на Кривичниот законик од февруари 2014 година се воведоа следните измени и дополнувања со цел усоглсување со делот од Lanzarote Конвенцијата кој се однесува на материјално кривично право:

- Во кривичното дело Силување од член 186 се воведува став 2 кој гласи: Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години." (Ставот (1) од овој член гласи: Тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор најмалку осум години);
- Во кривичното дело 187: Обљуба врз немоќно лице се воведува став 2 кој предвидува казна затвор од најмалку 10 години за тој кој ќе ги изврши дејствијата од став 1 и 2 на ова кривично дело спрема дете кое наполнило 14години (Ставот 1 гласи: Тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор најмалку осум години. Ставот 3 гласи: Ако поради делото од став 1 и 2 настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица, на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор);
- Насловот на кривичното дело од член 188: "Полов напад врз малолетник кој не наполни 14 години" се менува и гласи: "Полов напад врз дете кое не наполнило 14години." Во таа насока и ставот 1 се менува и предвидува инкриминирање на дејствијата на: "Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор од најмалку осум години";
- Во кривичното дело: Обљуба со злоупотреба на положбата од Член 189 се воведуваат измени во став 2 кои гласат: "Ако делото од ставот (1) на овој член го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејствие со дете кое наполнило 14 години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега, ќе се казни со затвор најмалку десет години";
- Во кривичните дела од Член 193: Прикажување на порнографски материјал на малолетник и Член 193 –б: Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години, исто

така се врши усогласување на терминот малолетник кој не наполнил 14 години со терминот дете кое не наполнило 14 години;

Што се однесува до конкретно поставеното прашање на Комитетот – дали обичното поседување на детска порнографија претставува кривичен прекршок[19], информираме дека дејствијата на поседување детска порнографија се инкриминирани во Член 193-а: Производство и дистрибуција на детска порнографија:

(1) Тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Тој што набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија, ќе се казни со затвор од пет до осум години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Со измените на Кривичниот законик од февруари 2014 година, а во согласност со препораките на Комитетот за правата на детето и Факултативниот Протокол за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија кон Конвенцијата за правата на детето, се воведува ново кривично дело Член 191-а: Детска проституција:

"(1) Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува дете кое наполнило 14 години на проституција или посредува, предава или учествува во предавање на друг заради вршење проституција, или овозможува на друг користење на неговите сексуални услуги, или на друг начин го користи за сексуални активности заради остварување на имотна или друга корист, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со употреба на сила или сериозна закана дека ќе се нападне врз животот или телото на детето или нему блиско лице, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(4) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство, ќе се

[19] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 11.

казни со затвор од најмалку десет години.“

**Заштита на децата од трговија со луѓе и присилна работа**

Во февруари 2014 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик (“Службен весник на РМ” бр. 27/2014) со кој се врши натамошно усогласување со меѓународните стандарди. Воедно, во ставот 1 од членот 418-а: Трговија со луѓе, се воведуваат измени со тоа што се инкриминираат и дејствијата на: „питачење или експлотација заради со закон забранета активност“.

Во поглед на потсетувањето на Комитетот дека земјите мора да ги криминализираат дефинираните активности кај сите деца под 18 години без оглед на пониските национални возрасти на доброволен сексуален однос[20], информираме дека во сите кривични дела како и во кривичното дело од 418-г, Трговија со малолетно лице, се изврши заменување на терминот: “малолетно лице” со “дете” со цел усогласување со Конвенцијата за правата на детето. Исто така, се извршија измени во ставот 1 од овој член и тој гласи: „Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.“

Во поглед на забелешката на Комитетот дека од друг извор е пријавено зголемување на бројот на случаи на сексуална злоупотреба и експлоатација на деца, дека само децата подмлади од 14 години се заштитени со член 188 од кривичниот законик („сексуален напад врз дете под 14 години“) и дека во случај на силување товарот за докажување паѓа врз жртвата над возраст од 14 години, како и за тоа дека Комитетот за правата на децата при Обединетите нации (UN-CRC) е загрижен дека казните за сексуална злоупотреба на деца донесени од страна на некои судови воглавно биле кратки и прекинати, информираме за следново:

Во однос на кривичното дело Силување, товарот на докажување не паѓа на жртвата туку на Јавниот обвинител, бидејќи се работи за кривично дело кое се гони ex officio. Во Законот за кривичната постапка се содржани одредби за: Права на жртвите (Член 53), Посебни права на ранливи категории на жртви (Член 54) и Посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право (Член 55).

[20] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), (“Република Македонија”, членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 11.

Во 2009 година Владата на Република Македонија ја разгледуваше и ја усвои Информацијата на Министерството за правда за кривичните дела поврзани со сексуална злоупотреба на децата и педофилија во период од 2005 година до 2008 година. Информацијата содржи осврт за видот на кривичното дело, сторителите на истите и жртвите, како и изречената кривична санкција, за периодот од 01.01.2005 година до 30.06.2008 година.

Изречените казни од поодделни судови укажуваат дека се изрекувани ниски казни и условни осуди. Во однос на податоците добиени од апелационите судови во Република Македонија, може да се констатира дека во поголемиот број случаи со второстепените пресуди се преиначени првостепените пресуди, со тоа што е зголемена висината на казната затвор во 10 случаи, а во 7 случаи се намалени казните. Имајќи ги предвид оваа анализа, Владата го задолжи Министерството за правда да предложи измени и дополнување во Кривичниот законик, во Глава 19: Кривичните дела против половата слобода и половиот морал.

Во таа насока во 2008 година се усвоија две измени на Кривичниот законик со кои се зголемија казните за кривичните дела на сексуална злоупотреба на деца и се воведоа нови кривични дела согласно Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

Заради редовно следење на состојбите во судската пракса и казнената политика, Министерството за правда прибави податоци за судските одлуки и постапки што се водат за периодот 01 јули 2008 година до 01 јули 2009 година и тоа за најзастапените кривични дела, односно за следните дела:

- Обљуба врз немоќно лице (член 187),
- Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години (член 188),
- Обљуба со злоупотреба на положбата (член 189),
- Посредување во вршење проституција (член 191),
- Прикажување на порнографски материјал на дете (член 193),
- Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем (член 193-а), и
- Родоскврнавење (член 194).

Анализата на податоците од последната година споредени со заклучоците од периодот 01 јануари 2005 – 30 јуни 2008 година го покажуваат следното:

1. И во овој период, како и претходниот период најзастапено дело е „Полов напад на малолетник кој не наполнил 14 години“ од член 188 од Кривичниот законик;
2. Возраста на сторителите е од 30 – 55 години; претходно се движеше од 21 до 78 години;

3. Возраста на жртвите е од 10 до 14 години, додека пак во претходниот период беше утврдена жртва со 7 годишна возраст;
4. Времетраењето на постапките е значително намалено; добар дел од предметите или 24% се завршуваат во рок од 1-3 месеци пред основните судови, додека пак претходно постапките пред првостепените судови траеја до 2 години и 6 месеци;
5. Од висината на изречените казни може да се заклучи дека основните судови во Република Македонија применуваат поостра казнена политика. Имено, во периодот јули 2005 - јули 2008 беа изречени 5 казни затвор над осум години и 22 условни казни.
6. За период од една година или поточно од 01 јули 2008 – 01 јули 2009 година изречени се 44 затворски казни и тоа:
   - Затвор над 8 години: 11 или 25% од затворските казни
   - Затвор 3 - 8 години: 7 или 16% од затворските казни
   - Затвор 1 – 3 години: 16 или 36% од затворските казни
   - Затвор до 1 година: 10 или 23% од затворските казни
   - и само 3 условни казни.

Ова упатува на заклучокот дека зголемувањето на предвидените казни во Кривичниот законик во 2008 година покажува позитивни ефекти во казнената политика на судовите во Република Македонија.

Во поглед на други измени на законската рамка во референтниот период, на иницијатива на Министерството за труд и социјална политика, Владата на Република Македонија донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" бр.79/2013) преку член 10, со кој се направи дополнување на членот 84, став 2, алинеја 7, со што се овозможува здравствена заштита на лицата жртви на трговија со луѓе, доколку не може да се осигурат по друг основ.

Министерството за труд и социјална политика, превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе, особено на жените и децата ја спроведува преку Секторот за еднакви можности, Канцеларија на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) .

Канцеларијата на НМУ е во постојана координација и соработка со обучени социјални работници од 30 Центри за социјална работа (во 30 града на РМ), со Министерството за внатрешни работи, Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција како и со НВОии.

Сите спроведени активности на Канцеларијата во референтниот период се во согласност со Националната Стратегија и Акцискиот план за борба против тргвија со луѓе и илегална миграција 2009-2013 како и во согласност со Националниот акциски план за борба против трговија со деца.

Во согласност со горенаведените документи, помошта и заштитата на жртвите на трговија со луѓе е заснована на почитување на човековите права и слободи, правата на децата и во согласност со Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе усвоени од Владата на Република Македонија.

Помошта се остварува преку:

1. Идентификација и првична проценка на потребите на лицата за кои се претпоставува дека се жртви на трговија со луѓе, организација и координација на соодветна помош (назначување на старател, интервенција во криза, психосоцијална поддршка и советување, медицинска помош).
2. Упатување и сместување во државно прифатилиште враќање во семејството или пронаоѓање на соодветно сместување.
3. Номинираните социјални работници од центрите за социјална работа, надлежните служби од министерството за внатрешни работи и министерството за надворешни работи, го пронаоѓаат семејството и вршат проценка за подобноста и подготвеноста на семејството за враќање на малолетните лица, прибирање на потребна документација, лични документи, здравствени легитимации и др.
4. Застапување и правна помош која се состои во информирање за правата и статусот на жртвите, текот на постапката односно нивното присуство во својство на оштетени во истражната постапка и главниот претрес.
5. Спроведување на индивидуални програми за ресоцијализација и реинтеграција на децата жртви на трговија со луѓе (вклучување во образовен процес, доквалификации, и сл.).

- *Упатување и сместување во Центар за лица-жртви на трговија со луѓе*

Во согласност со обврските кои произлегуваат од Законот за социјална заштита, ("Службен весник на РМ" бр.79/2009), заштита на лица жртви на трговија со луѓе се обезбедува во Центар за лица-жртви на трговија со луѓе (член 132). Затоа, на 28.01.2011 година, се отвори државното прифатилиште за заштита на лица жртви на трговија со луѓе т.е **Центар за лица - жртви на трговија со луѓе** домашни државјани и странци кои имаат добиено дозвола за привремен престој.

Во овој контекст, министерството за труд и социјална политика изготви "Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита Центар за лица-жртви на трговија со луѓе" ("Службен весник на РМ" бр. 100/10 од 23.07.2010 година).

За функционирање на овој Центар, според меѓународните стандарди за човекови права, изработени се интерни документи кои се однесуваат на

постапките и процедурите на упатување, сместување, престој, правилата за однесување на ангажираниот персонал, протоколот за заштита и:

1. Правилник за однесување и работење на вработените;
2. Постапки и процедури за упатување, сместување, згрижување и престој;
3. Куќен ред;
4. Протокол за заштита;
5. Изјава за тајност на локацијата/Изјави на персоналот за деловна тајна;
6. Евалуација на програмата за помош и поддршка;
7. Изјава (согласност ) за прифаќање на сместување;
8. Формулар за евидентирање;
9. Изјава за напуштање;
10. Изјава за примопредавање;
11. Изјава за прифаќање и упатување.

Согласно со законската регулатив, во овој Центар се сместуваат жртвите на трговија со луѓе домашни државјани и странци кои имаат добиено дозвола за привремен престој. Директна помош и поддршка жртвите добиваат од две невладини организации со кои министерството за труд и социјална политика има потпишано меморандум за соработка:

- социјална поддршка од НВО “Отворена порта” и
- психолошка поддршка од НВО „За среќно детство„

- Тимот за социјална поддршка е составен од 7 лица и тоа: координатор, асистент на координаторот и 5-лица кои ги спроведуваат дежурствата. Структурата на тимот за социјална поддршка според професијата е составен од 4 -социјални работници, 2 - педагози, 1 - социолог.

- Тимот за психолошка поддршка составен е од 3 лица од кои: 2 лица секојдневно реализираат индивидуални и групни психо-едукативни активности и едно лице е супервизор на нивната работа. Структурата на тимот за психолошка помош според професијата го сочинуваат 2 психолога и социјален работник.

Министерството за труд и социјална политика во 2013 година ги продолжи меморандумите за соработка со двете здруженија на граѓани за директна помош и поддршка жртвите на трговија со луѓе сместени во Центарот за лица – жртви на трговија со луѓе, и тоа за социјална поддршка на жртвите со Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта“, и за психолошка поддршка од Здружението за помош и поддршка на деца и семејства под ризик „За среќно детство“.

Општите дневни активности во Центарот се спроведуваат според однапред подготвен распоред од страна на тимовите во однос на стручната работа како и во однос на одржувањето на хигиената во просториите на прифатилиштето и подготовка на оброците во текот на денот. Излегувањата се под надзор на вработените, и самостојни според заедничка проценка на тимот од прифатилиштето.

Во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе се води редовна документација и евиденција за спроведената работата, а месечни извештаи се доставуваат до Националниот механизам за упатување (министерство за труд и социјална политика) согласно со правилата за работа на Центарот.

Комуникацијата помеѓу Националниот механизам за упатување/ министерство за труд и социјална политика е на дневна основа, во зависност од тековните активности, и редовни месечни средби на кои се разговара за тековните случаи и за сите теми кои се од интерес за работењето на Центарот.

Почнувајќи од 2011 година, министерството за труд и социјална политика ги поддржува режиските трошоци (кирија, струја, парно, вода, телефон, интернет) за функционирање на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, за што има предвидено средства во годишната програма на министерството во износ од 615,000,00 денари. За 2012 и 2013 во буџетот на Министерството за труд и социјална политика за функционирање на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе има обезбедено финасиски средства во износ од по 363,036,00 денари годишно. Двете невладини организации се одговорни за трошоците согласно со програмите коишто ги спроведуваат, за што имаат добиено грантови од по 312.500.00 денари годишно (2011, 2012 и 2013 година) за директна помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе од Владата на Република Македонија.

Двете невладини организации се одговорни за трошоците согласно со програмите коишто ги спроведуваат, за што имаат добиено грантови од по 312.500.00 денари за директна помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе од Владата на Република Македонија.

- *Градење на капацитети*

Во периодот од 14 -16 декември 2010 година беше одржана Обука за директна помош на жртвите на трговија со луѓе на 15 лица од: Центарот за социјална работа Скопје, Прифатниот центар за странци и од двете невладини организации „За среќно детство„ и „Отворена Порта„. Од редот на овие лица ќе бидат селектирани лицата кои ќе работат во Центар за лица - жртви на трговија со луѓе. Обуката е реализирана со поддршка на ИОМ во рамките на ИПА проектот „Техничка асистенција за јакнење на капацитетите на релевантните страни вклучени во борбата против организираниот криминал, со фокус на трговијата со луѓе„.

Со цел подобрување на координацијата и соработката со полицијата и центрите за социјална работа, одржани се работни средби со претставници на полицијата од одделот за организиран криминал, одделот за превенција како и со претставници на центрите за социјална работа, во Берово и Прилеп. Дискусиите се однесуваа на ревидирањето на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, отварањето на државното прифатилиште, законската регулатива за борба против трговија со луѓе, состојбите на локално ниво и потребите од дејствување.

Во насока на усогласување на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе (СОП) со измените во законската регулатива и надминување на пречките коишто произлегоа во праксата при нивната примена. Владата на РМ ја усвои ревидираната содржината на СОП и истите се задолжителни за имплементација од сите владини институции и невладини организации кои работата на ова поле во земјата.

Продолжен е меморандумот за соработка до 2015 година, помеѓу МТСП и Германското друштво за меѓународна соработка за спроведување на Регионалната програма за социјална заштита и превенција од трговијата со луѓе. Како дел на оваа програма во Република Македонија, во текот на 2012 година издадени се 3 броја на Информатор со цел подобрување на информираноста, соработката и координацијата со центрите за социјална работа, но и со другите институции со кои работат во оваа област.

Во текот на март- април 2013 година, организирани се два дводневни семинари за вклучување на здравствените работници во превенција и заштита на жртви на трговија со луѓе. Семинарите претставуваа прва активност која организирано ги вклучува здравствените работници во борбата против трговијата со луѓе што значи надградба на механизмот за упатување и заштита на жртвите на трговија со луѓе. Учесници на семинарите беа претставници од клиничките болници, здравствените домови, центрите за јавно здравје од повеќе градови во Република Македонија или вкупно 50 учесници.

За обезбедување заштита на жртви и илегални мигранти во согласност со меѓународните стандарди, министерството за труд и социјална политика во соработка со Заводот за социјални дејности, реализира 3 дводневни специјализирани семинари за старатели на деца жртви на трговија со луѓе, на беа обучени 60 стручни лица од центрите за социјална работа од целата држава. Семинарите се одржани во текот на октомври-ноември 2013 година во Скопје и се дел од континуираниот професионален развој на стручните работници. Одржувањето на семинарите финансиски е поддржано од програмана на Германското друштво за меѓународна соработка.

*- Превентивни активности*

Министерството за труд и социјална политика и Минстерството за внатрешни работи со поддршка на Мисијата на ОБСЕ, во 2011 година спроведе 3 регионални работни средби со претставници на Локалните превентивни совети за заштита со цел борбата против трговијата со луѓе да биде поставена на нивната агенда и да се овозможат во нивните планови и програми превентивни активности.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Ѓорче Петров (Скопје), како дел од Локалниот акциски план на општината во текот на 2011 година, спроведе превентивни работилници во 4 основни училишта и во една предучилишна установа со наставниците, вработените и учениците од седмо и осмо одделени. Исто така, беше одржана јавна дебата со претставници на локалните институции и полицијата и подготвен и дистрибуиран е пропаганден материјал на тема превенција од трговија со луѓе.

Министерството за труд и социјална политика потпиша Меморандум за соработка со Германска помош за меѓународна соработка за спроведување на „Програма за борба против трговија со луѓе и социјална заштита" која е регионална програма за справување со проблемот на трговија со луѓе и социјалната заштита која се спроведува во Македонија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина. Времетраење на програмата е пет години. Целите на оваа Програма е да се зајакнат децентрализираните социјални услуги, за да може успешно да се борат против трговијата со луѓе и да се допре до ранливите групи, постигање на долгорочна социјална инклузија на жртвите и високо ризичните групи преку различни социјални програми кои што се во согласност со нивните потреби, обезбедени од страна на владиниот и невладиниот сектор.

Како резултат на планирачката работилница во Скопје одржана на 3 и 4 март 2011, изготвен е Оперативниот план кој содржи четири компоненти:

1. Поддршка на националното ниво во зајакнувањето на социјалните структури, во поттикнувањето на системски решенија и во донесувањето на социјални политики;
2. Поддршка за децентрализираните механизми за нудење социјални услуги на регионално, локално и општинско ниво;
3. Мерки за директна поддршка со цел подобрување на општествената вклученост на луѓето засегнати од трговијата со луѓе;
4. Механизам за соработка во социјалната заштита на ранливите групи и подобрување на механизмите за нудење на социјалните услуги.

Направени се работни средби со претставници на центрите за социјална работа во: Тетово, Гостивар, Кичево, Охрид, Струга и Дебар со цел идентификување на состојбите со трговијата со луѓе и потребите за делување. Во текот на септември- декември се подготвени се 3 студии:

- Студија за „Национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита во Република Македонија“;
- Меѓународната законска рамка и македонските закони за сиромаштија со посебен фокус на трговијата со луѓе;
- Проценка на ранливи групи од аспект на сиромаштија со фокус на трговија со луѓе.

Од 28-30 ноември 2011 во Скопје, Германското друштво за меѓународна соработка организираше Регионален Форум на тема „Социјалните димензии на трговијата со луѓе во Западен Балкан„ со учесници од 4 земји во регионот.

*- Подигнување на јавната свест*

За подигање на јавната свест, министерството за труд и социјална поитика ги поддржува активностите кои се во рамките на Програмата што ја спроведува Германското друштво за меѓународна соработка од планираната кампања за 2013 година односно:

- караван со пантомима во Дебар, Пробиштип (2 настана) и во Скопје за одбележување на „18 ти Октомври, Европскиот дена за борба против трговијата со луѓе„ и
- одбележување на „Неделата за борба против трговија со луѓе„ организирана Центарот за институционален развој и невладините организации во соработка со Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Кампањата беше насочена кон спречување на трговијата со деца со цел трудова експлоатација и питачење.

- *Директна помош и заштита*

Според податоци со кои располага канцеларијата на Националниот механизам за упатување во текот на 2013 година вкупно се идентификувани 15 жртви на трговија со луѓе од кои 9 се малолетни жртви на трговија и сите се од женски пол. Од вкупниот број на малолетни жртви на трговија, пет лица биле сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе, а четири се вратени во семејствата.

Од страна на “Отворена порта” обезбедени се следниве сервиси:

- ангажирање на стручен тим и раководител кои спроведуваат активности во дневни и ноќни смени, како и придружување на жртвите до потребните дестинации;

- обезбедена храна во текот на нивниот престој, хигиенски пакети, облека и обувки ;
- вклучување на 5 малолетни лица во програмата за психо-социјална помош (ралзични работилници, обука за работа на компјутер, основни часови за изучување на англиски јазик и сл.);
- организирање на окупациско – рекреативни активности, во зависност од афинитетите како што се: цртање на стакло, цртање на платно, техника со салфетки, рачна изработка на накит, цртање на порцелан, плетење, шиење, оригами техники. Исто така, се практикуваат запознавање со културните вредности на градот посети на музеи, театар, кино, изложби, зоолошка градина, спортски активности како пешачење, трчање. Еднаш во месецот се спорведуваат прошетки на блиските рекреативни центри како што се Матка, Водно;
- обезбедени основни медицински прегледи и специјализирани гинеколошки прегледи, лабараториски прегледи, испитување на ХИВ, хепатит А, Б и Ц;
- правно советување и запознавање со судскиот систем и застапување пред судските органи од страна на адвокат на претходно започнати судски постапки;
- направени индивидуални долгорочни планови за вклучување во образовниот процес. По враќањето во местата на живеење три од нив беа вклучени во основно училиште, додека две се вклучија во средното образование.

Невладината организаицја „За среќно детство„ спроведува психолошка поддршка на жртвите вклучувајки различни видови третмани и сесии, групна терапија и индивидуално психолошко советување еднаш неделно, како и итна и поинтензивна помош во зависност од потребата. Во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе од “За среќно детство” обезбедени се следниве активности:

- ангажирање на стручен тим и супервизор кои спроведуваат активности во дневни и ноќни смени, како и придружување на жртвите до потребните дестинации;
- примена на кратко клиничко интервју, примена на тест за проценка на нивото на стрес и тест за испитување на интелектуалните способности, се вршеше проценка на психичката состојба на жртвата (нивото на стрес, проценка на способностите и вештините и навиките), врз основа на резултатите се изработуваат индивидуални планови за работа со жртвите;
- надминување на стресот и траумата, формирање на навики подобрување на вештините за читање, позитивно размислување, основни сознанија за адолесцентните развојни проблеми,

емоционалните врски и односи со врсниците, опасностите од преносливи сексуални болести и несакана бременост;

- организирањето на окупациско – рекреативни активности, во зависност од афинитетите на жртвите заеднички со тимот на “Отворена порта”.

Дополнително, министерството за труд и социјална политика даде поддршка преку вклучување на социјални работници од центрите за социјална работа во реализација на проектите на здруженијата на граѓани односно на:

- Програмата „Придружна социјална работа со жртвите на трговија со луѓе и потенцијални жртви„ се спроведува од “Отворена Порта” и има за цел помош и следење на процесот на интеграција на жртвите на трговија со луѓе по заминувањето од прифатилиштето во соработка со центрите за социјална работа;
- Проектот **„**Обезбедување на поддршка и услуги за жртви на трговија со луѓе и ранливи групи на локално ниво“ се спроведува од Еднаков пристап и има за цел преку 6 мобилни тимови (претставници од центрите за социјална работа и здруженија на граѓани) Битола, Гостивар и Куманово да го подобри на идентификација, помош, поддршка на жртвите и на трговија со луѓе, нивно вклучување во процесите на ресоцијализација и реинтеграција како и нивна социјална инклузија и превенција од ре-трафикинг.

**Идентификувани жртви на трговија со луѓе во Република Македонија 2010-2012**




| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Возрасни | 0 | 5 | 3 | 6 | 14 |
| Малолетни | 12 | 6 | 5 | 9 | 20 |
| Вкупно | 12 | 11 | 8 | 15 | 34 |

Извор: Канцеларија на Националниот механизам за упатување

Канцеларијата на Националниот механизам за упатување во 2010 година има постапувано со 12 идентификувани жртви на трговија со луѓе и тоа 12 малолетни домашни државјани. Доминантна возрасна група е од 16-18 години, а на возраст од 13-15 се 3 лица. 7 имаат завршено основно образование и го напуштиле понатамошното образование, а само 3 од нив продолжиле со редовно образование во средно училиште. Сите се од дисфункционални семејства, семејства во кои има семејно насилство и семејства во кои има недостаток на родителска грижа.

Во Прифатилиштето на Отворена порта во текот на 2010 година сместени се 9 лица,

Според податоците со кои располага канцеларијата на Националниот механизам за упатување во текот на 2011 година, идентификувани се 11 жртви на трговија со луѓе. Сите жртви се од женски пол, од нив 6 биле малолетни на возраст од 15 години и 5 биле полнолетни. 5 државјанки на Република Македонија и една државјанка на Република Албанија.

Во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе сместени се 9 лица (1 полнолетно и 8 малолетни) каде е започнат процес за нивна реинтеграција, односно продолжуваат со образовниот процес. Малолетните лица се од дисфункционални семејства, од рурални средини во близина на Гостивар и Прилеп, Крива Паланка, Куманово и Скопје.

Идентификувани малолетни жртви на трговија со луѓе во 2011 година

| Земја на потекло | | |
|---|---|---|
| домашни | странски | |
| 5 | 1 | |
| Вид на експлоатација | | |
| трудова | сексуална и трудова | присилни бракови |
| 1 | 3 | 1 |

Извор: Канцеларија на Националниот механизам за упатување

Идентификувани малолетни жртви на трговија со луѓе во 2012 година

| Земја на потекло | | |
|---|---|---|
| домашни | странски | |
| 4 | 1 | |
| Вид на експлоатација | | |
| трудова | сексуална и трудова | присилни бракови |
| 1 | 3 | 1 |

Извор: Канцеларија на Националниот механизам за упатување

Помош и заштита на децата жртви на трговија со луѓе покрај надлежните центри за социјалана работа, односно социјалните работници вклучени во Националниот механизам за упатување се остварува и преку здруженијата на граѓани. И во 2012 година продолжува соработката во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, помеѓу Министерството за труд

и социјална политика и двете невладини организации кои даваат директна помош и поддршка на жртвите односно: социјална поддршка од НВО “Отворена порта” и психолошка поддршка од НВО „За среќно детство„. Во текот на 2012 година од 5 идентификувани жртви на трговија со луѓе, 4 малолетни лица се сместени во Центар за лица жртви на трговија со луѓе и едно е вратено во семејтвото.

Од страна на НВО “Отворена порта”:

- 7 малолетни лица вклучила во програмата за психо-социјална помош, здравствена и правна заштита на жртвите од трговијата со луѓе,
- за 2 малолетни лица е обезбедено застапување пред судските органи од страна на адвокат,
- 5 малолетни лица добиле медицински третман и
- 8 малолетни лица вклучени во Програмата за зајакнување на тргувани лица и високо ризични случаи.

- НВО „За среќно детство„ спровела групен третман (2 неделно) и индивидуални психолошко советување (1 неделно). за 4 малолетни лица сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе. Психологот од тимот, покрај овие активности, изготвува извештај за емоционалната состојба на жртвата кој се презентира на суд и ја придружува жртвата во текот на процесот

Идентификувани малолетни жртви на трговија со луѓе во 2013 година

<table>
<tr><td colspan="4">Земја на потекло</td></tr>
<tr><td colspan="2">домашни</td><td colspan="2">странски</td></tr>
<tr><td colspan="2">8</td><td colspan="2">1 (Р. Албанија)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вид на експлоатација</td></tr>
<tr><td>сексуална</td><td colspan="2">сексуална и трудова</td><td>присилни бракови</td></tr>
<tr><td>4</td><td colspan="2">1</td><td>4</td></tr>
</table>

Извор: Канцеларија на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

Земја на експлоатација на малолетни жртви на трговија со луѓе, државјанки на Република Македонија,во 2013 година




| | Република Македонија | Франција | Белгија | Хрватска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на идентификувани жртви | 5 | 2 | 1 | 1 | 9 |

Извор: Канцеларија на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

*<u>Помош и поддршка на непридружувани деца илегални мигранти</u>*

Покрај, помошта и поддршката на децата жртви на трговија со луѓе за кои задолжително се назначува старател, исто така, Канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе ја координира постапката со Јавна установа Центар за социјална работа Скопје, за назначување на старател и за малолетните емигранти кои се сметуваат во Прифатниот центар за странци (од страна на полицијата).

Во текот на 2011 година, Канцеларијата на Националниот механизам за упатување координираше постапка за назначување на старател за 17 деца илегални емигранти од вкупно 28 деца сместени во Прифатниот центар за странци.

- Според возраста едно дете е на возраст до 14 години и 16 имаат од 14-18 години;
- Според полот 2 се женски деца и 15 се машки деца;
- Според земјата на потекло евидентирани се како државјани на: Авганистан (9), Мароко (1), Алжир (1), Иран (2), Либија (2), Косово (1), Албанија (2);
- Од нив 12 деца имаат побарано азил и се префрлени во Центарот за азил.

Канцеларијата на Националниот механизам за упатување /министерство за труд и социјална политика во текот на 2012 година, координаше постапки за назначување на старател за 49 деца илегални мигранти од вкупно 66 сместени во Прифатниот центар за странци.

- Според возраста: 2 се на возраст до 14 години и 47 се од 14 до 18 години;
- Според полот 2 се женски деца и 47 се машки деца;
- Според земјата на потекло државјани на: Авганистан (34), Албанија (2), Сомалија (3) и Пакистан (10);
- Од нив 45 деца имаат побарано азил и се префрлени во Центарот за азил;
- 2 се вратени во матичната земја (Албанија), 2 се во Прифатниот центар за странци (јануари 2012).

Министерството за внатрешни работи го обезбедуваше Прифатниот центар за странци- Скопје 24 часовно и обезбеди сместување и храна, општа и специјалистичка медицинска грижа и психо-социјална заштита на лицата сместени во Прифатниот центар.

Според Канцеларијата на Националниот механизам за упатување /министерство за труд и социјална политика во текот на 2013 година, координирани се постапки за назначување на старател за 68 деца илегални мигранти од вкупно 80 сместени во Прифатниот центар за странци.

- Според возраста: 11 се на возраст до 14 години и 57 се од 14 до 18 години;
- Според полот 6 се женски деца и 62 се машки деца;
- Од нив 50 деца, преку старателот, имаат побарано азил и се префрлени во Центарот за азил;
- 4 се вратени во матичната земја (Албанија и Косово), со реадмисија (согласно член 7 од Спогодбата со Европска заедница за преземање на лица со незаконски престој), 3 се вратени во Р. Грција, и 11 се во Прифатниот центар за странци (декември 2013).

**Непридружувани малолетни мигранти според земја на потекло**




Извор: Канцеларија на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

- *Судски процеси*

Во текот на 2010 год од страна на правниот застапник даден е правен совет на 10 малолетни лица, претпоставени жртви на трговија со луѓе.

Пред истражен судија во Основен суд Скопје 1 Скопје застапувани се 7 малолетни жртви на трговија со луѓе.

Пред истражен судија во основен суд Штип застапувано е едно лице претпоставена жртва на трговија со луѓе.

На главни претреси пред Основен Суд Скопје 1 Скопје за кривично дело "Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетено лице и криумчарење на мигранти" од член 418-в став 1 од Кривичниот законик и кривично дело "Трговија со малолетно лице" од член 418-г став 2.в.в со член 22 од Кривичниот законик од страна на полномошникот застапувани се 2 малолетни лица жртви на трговија со луѓе.

За 3 малолетни лица претпоставени жртви на трговија со луѓе, покренати се обвиненија за други кривични дела: "Поседување во вршење на проституција" за 2 лица за кои главниот претрес се води пред Основен суд Штип и "Силување на малолетно лице" (чл. 186) во Основен суд Прилеп.

Во текот на 2011 година продолжија судските процеси за жртвите на трговија со луѓе кои се идентификувани во претходната година. Правниот застапник на Националниот механизам за упатување учествуваше во судските расправи. За малолетните жртви беше обезбедено сослушување преку видео запис согласно Законот за малолетничка правда. Исто така, за сите малолетни лица назначен е времен старател согласно со Законот за семејство.

Во текот на 2011 година до 30.08.2011 година, пред Основниот суд Скопје 1 Скопје од страна на правниот застапник застапувани се 9 малолетни жртви на трговија со луѓе.За овие 9 малолетни жртви водени се 7 судски постапки и тоа 6 постапки за кривично дело 418-г трговија со малолетно лице и 1 постапка по член 140 став 5 противправно лишување од слобода.

Во 7-те судски постапки вкупно се обвинети 23 лица за член 418-г - трговија со малолетно лице и 1 обвинето лице по член 140 став 5 - противправно лишување од слобода. За кривичното дело по член 140 став 5 противправното лишување од слобода, постапката е водена пред истражен судија и сѐуште не е поведен главен претрес.

Две судски постапки –каде има 4 малолетни жртви на трговија со луѓе се завршени и се донесени пресуди. За кривичен предмет донесена е пресуда за 6 обвинети лица кои се осудени на казна затвор во траење од:

- Двајца обвинети на единствена казна затвор во траење од по 8 години и 6 месеци;
- Еден обвинет на единствена казна затвор во траење од 7 години;
- Двајца обвинети на единствена казна затвор во траење од по 4 години и 6 месеци;
- Еден обвинет казна затвор во траење од 4 години.

Во тек на 2012 година процесуирани се 5 кривични постапки за трговија со луѓе, во кои на 7 малолетни жртви на трговија со луѓе им е пружена правна помош. Од нив 3 кривични постапки се започнати пред 2012 година и 2 се завршени со првостепена пресуда.

Обвинетите се осудени на казна затвор во траење од 4 години. Во овие две пресуди само за една жртва е досудена оштета, но за висината ќе се одлучува во дополнителна пресуда, додека другата жртва е упатена на парница, заради нејзина недостапност на судот и вештото лице.

Во 2013 година во судските процеси застапувани се 6 жртви на трговија со луѓе започнати во претходните години (2011 и 2012).

Донесени се 4 правосилни пресуди од кои 3 второстепени и 1 првостепена, добиени оштетни побарувања за 4 жртви во износ од по 400.000 мкд.

## Заштита од други форми на експлоатација

Во 2014 година донесени се измени на Законот за семејство, односно практичната примена на Законот ја наметна и потребата од допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности со цел обезбедување поголема заштита на децата. Воведена е нова одредба “го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење;“ –како форма на злоупотреба и грубо занемарување. Исто така, се воведува обврска за Центарот за социјална работа, при сознанија дека се врши злоупотреба на детето веднаш да му укаже на родителот на недостатоците и пропустите во вршењето на родителското право. Доколку родителот не постапува по укажувањата од Центарот, истиот е должен веднаш да покрене постапка за заштита на детето, односно времено да го одземе детето од родителот и да покрене постапка пред надлежниот суд за одземање на родителското право.

Донесен е Акционен план за деца на улица 2013-2015 година, кој предвидува конкретни мерки и активности, пред се во делот на образованието и здравствената заштита, но и во другите области кои треба да допринесат до намалување на штетното влијание на улицата врз развојот на децата на улица.

Министерството за труд и социјална политика е координатор на Проектот “Вклучување на деца–Роми во Јавни општински установи Детски

градинки" и на целокупните активности за вклучување на Ромските деца (од социјално загрозени семејства) во предучилишното образование. Бројот на овие деца во 2013 година изнесува 425 деца кои се запишани во градинките, а се финансирани од страна на државата.

Согласно приоритетните активности на Министерството за труд и социјална политика за справување со проблемот "деца на улица" од почетокот на месец септември 2013 година, Центрите за социјална работа во соработка со Секторот за внатрешни работи на локално ниво преземаат координирани активности за евидентирање на оваа појава во сите општини во Република Македонија. За сите детектирани деца на улица во овие акции подготвен е индивидуален план за работа, се реализираат домашни посети во семејствата и се преземаат конкретни мерки за јакнење на родителските капацитети.

Во рамките на Здружението за Заштита на правата на детето од месец март 2013 година започна да се имплементира Проектот „Преку образование до нови можности" кој е во склоп на „Едукативно-забавниот дневен детски центар за деца на улица – Шуто Оризари"".

Главната цел на проектот е социјално вклучување на децата на улица преку вклучување на заедницата во Општината Шуто Оризари, со што би им се овозможило на овие деца да ги користат ресурсите на заедницата (образование, здравствена заштита, социјална заштита и безбедност). Во рамките на овој Проект формирано е Локално координативно тело на Шуто Оризари, во кој членуваат претставници од државни органи, јавни институции, здруженија на граѓани кои делуваат на територија на општина Шуто Оризари и кои подготвуваат локален акционен план за подобрување на животот на оваа најранлива категорија на деца. Исто така, формирана е Платформа за унапредување на состојбата на децата/семејствата во социјален ризик на територија на Општина Гази Баба, која е составена од здруженија на граѓани кои работат на територија на општина Гази Баба, на проблемите на децата на улица и нивното образование. Во тек е собирање на податоци за деца кои ја надминале возраста за запишување во прво одделение и за кои недостасува програма за образование.

На ниво на Република Македонија има 4 Дневни центри за деца на улица – три државни и еден управуван од здружение на граѓани. Државните центри се лоцирани во Општина Гази Баба, Кисела Вода и Битола, додека центарот управуван од НВО "Здружение за заштита на правата на детето" е лоциран во Општина Шуто Оризари (финансиски поддржано од министерството за труд и социјална политика). Во текот на летните месеци се отвора и Транзитен центар за деца на улица во Охрид, кој служи за интервентно згрижување на децата/минувачи од 24-48 часа. Во текот на наредниот период планирано е отворање на Дневен центар за деца на улица во Општина Прилеп.

**ЧЛЕН 8 - Право на работничките на заштита на мајчинството**

**Член 8§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на жените, пред и по породувањето, отсуство од работа во вкупно траење од најмалку 12 недели, било како платено отсуство, било со соодветни надоместоци од социјалното осигурување или надоместоци од јавни фондови.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

Во поглед на забелешката од Комитетот дека наведените информации од претходниот Извештај на Република Македонија по однос на став 1 од членот 8 од Повелбата упатуваат кон впечатокот дека поради одредувањето на минималниот период од 45 дена платено породилно отсуство, а од друга страна задолжително отсуство од 28 дена пред породувањето, всушност ѝ остануваат само 17 дена платено породилно отсуство по породувањето на работничката[21], информираме дека вкупниот задолжителен и минимален период на платено породилно отсуство е 73 дена од вкупниот период на платено отсуство од 40 недели. Односно, работничката задолжително користи 28 дена пред породувањето (или 45 дена, доколку тоа го бара здравствената состојба) и задолжително 45 дена од денот на породувањето и не смее да се врати на работа пред истекот на истите. Работничката може да се врати на работа, по свој избор и со тоа да го скрати породилното отуство од 40 недели, но само по истекот на 45 дена по породувањето. Доколку работничката се породи порано од рокот од 28 дена пред раѓање, таа започнува да го користи отсуството од денот на раѓањето на детето и трае 40 недели.

Во поглед на прашањето на Комитетот за тоа кои законски заштитни мерки постојат за избегнување на каков било непотребен притисок од работодавците за да се скрати породилното отсуство[22], информираме дека. во јануари 2012 години, донесени се измени и дополнувања на Законот за работните односи со кои се изменети висините на глобите за сторен прекршок – необезбедување на заштита за породилно отуство. Имено, за сторен прекршок на работодавач-правно лице му се изрекува глоба во висина од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, на одговорното лице кај работодавачот му се изрекува глоба во висина од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и на работодавач-физичко лице глоба во висина од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност, доколку го скрати

[21] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.

[22] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.

правото на породилно отсуство предвидено со закон. На работодавачот му е забрането било какво вршење на притисок за враќање на работа пред истекот на породилното отсуство кое е платено и трае 40 недели.

Во поглед на прашањето на Комитетот дали постои договор со социјалните партнери за прашањето за отсуство после породувањето кој го заштитува слободниот избор на жената и дали колективните договори нудат дополнителна заштита[23], информираме дека: Во декември 2013 година, по предлог на Економско социјалниот совет се усвоија измени на Законот за работните односи, со кои се предвиде право на неплатено родителско отсуство за работничката во траење од 3 месеци. За време на користењето на неплатеното родителско отсутво на работничката мируваат правата и обврските од работниот однос, освен придонесот за здравствено осигурување кој е на товар на Фондот за здравствено осигурување. Со колективните договори дадена е можност за утврдување на дополнителна заштита на работничката и е предмет на уредување од страна на потписничките на колективниот договор.

Во поглед на барањето на Комитетот за информации за општата законска рамка околу мајчинството (на пример, дали постои систем на родителско отсуство каде и двајцата партнери може да земат платено отсуство на крајот од породолилното отуство)[24], информираме дека во Законот за работните односи не е дадена можност за платено отсуство по искористувањето на отсуството за родителство, ниту за мајката ниту за таткото. По завршувањето на отсуството за бременост, раѓање и родителство, Законот единствено предвидува право за работничката за користење на неплатено родителско отсуство до три месеци, во периодот до навршување на тригодишна возраст на детето, во најмногу три дела, заради грижа за детето.

Согласно член 161 работниците поради бременост и родителство имаат право на посебна заштита во работниот однос и притоа, работодавачот е должен на работниците да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски. Најголемиот број на информации за општата законска рамка околу мајчинството се веќе содржани и во претходниот извештај на РМ и во овој извештај. Дополнително, би сакале да информираме за следните законски уредувања:

Доколку отсуството од работа за родителство не го користи работничката, правото на отсуство од работа за родителство го користи таткото или посвоителот на детето.

Доколку работничката роди мртво дете или ако детето умре пред истекот на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, има право

[23] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.
[24] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.

да го продолжи отсуството за време колку што според наодот на лекар е потребно да закрепне од раѓањето и од психичката состојба предизвикана со губењето на детето, а најмалку 45 дена, за кое време и припаѓаат сите права врз основа на отсуството за бременост, раѓање и родителство.

Еден од родителите на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби има право да работи со половина од полното работно време ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод од надлежна лекарска комисија, ако детето не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување. Ваквото скратено работно време се смета како полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита.

Работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на дете има право на надоместок на плата согласно со овој и друг закон и колективен договор.

Сите овие одредби и сите одредби од Законот за работните односи се применуваат за сите работници во Република Македонија, без разлика во кој сектор се вработени (јавен или приватен).

Во поглед на прашањето на Комитетот[25] дали одредбите од Законот за здравствено осигурување за пресметување на надоместот за породилно отуство се однесуваат и на жените кои работат во јавниот сектор, информираме дека одредбите подеднакво важат за сите вработени жени во Република Македонија, односно за вработените и во јавниот и во приватниот сектор.

[25] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.

**Член 8§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на жените работнички, пред и по породувањето, отсуство од работа во вкупно траење од најмалку 14 недели, било како платено отсуство, било со соодветни надоместоци од социјалното осигурување или надоместоци од јавни фондови.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Во декември 2013 година, по предлог на Економско социјалниот совет се усвоија измени на Законот за работните односи, со кои се предвиде право на неплатено родителско отсуство за работничката во траење од 3 месеци. За време на користењето на неплатеното родителско отсуство на работничката ѝ мируваат правата и обврските од работниот однос, освен придонесот за здравствено осигурување кој е на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2012), со членот 265 се предвидува глоба во износ од 2,000 до 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 1,000 до 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице доколку не обезбеди право на посебна заштита согласно Законот за работни односи, односно ако не обезбеди право на отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а во случај на раѓање на повеќе деца одеднаш – една година. Истата глоба се однесува и во случај да не се обезбеди отпочнување на отсуството за бременост раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓањето, како и во случај на посвојување на дете до наполнување на девет месечна возраст на детето, односно една година ако се посвоени повеќе деца. Покрај тоа, предвидена е и глоба во случај да не се обезбеди отсуство за време на бременост и раѓање ако работничката се породи порано од утврдениот рок, ако не се обезбеди прекин и повторно искористување на неискористениот дел од отсуството доколку детето од здравствени причини е задржано на нега и лекување во здравствена установа. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 500 до 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Во насока на заштитата на мајчинството, согласно членот 36 од Законот за заштита на децата, донесен од Собранието на Република Македонија на 12 февруари 2013 година, се обезбедува право на еднократна парична помош за новороденче, кое се обезбедува на семејството за прво новородено дете. За прво новородено дете се смета дете кое е прво живородено дете по ред на раѓање на мајката. За прво новородено дете ќе се

сметаат и децата кога мајката при првото раѓање ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе). За прво новородено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) при првото посвојување, на возраст на детето/цата до една година доколку мајката нема прво новородено дете во смисла на ставовите (2) и (3) на овој член.

Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.

Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 4.829 денари, кој износ се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

Со преодна одредба од Законот (член 239) е утврдено дека во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се пониски од последната година на усогласување, или се со негативен предзнак, не се врши усогласување на висината на правата, односно истите ќе се обезбедуваат со последната усогласена година како поповолна за корисникот.

**Член 8§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да сметаат дека е незаконски кога работодавецот ќе даде известување за отпуштање од работа на жена за време на нејзиното породилно отсуство или кога ќе ѝ даде известување за отпуштање со отказен рок кој би истекол за време на тоа отсуство.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

Во поглед на прашањето на Комитетот дали забраната од член 101 од Законот за работни односи за отпуштање од работа за време на бременост и породилно отсуство има какви било исклучоци и дали истиот режим се применува и на жените кои се вработени во јавниот сектор, особено кај оние со договори на определено време[26], информираме дека истиот режим за забрана за отпуштање за време на бремност, раѓање и родителство се применува и за жените вработени во јавниот сектор и нема исклучоци во оваа забрана. Сепак, иако законот уредува дека работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, овие околности не го спречуваат престанокот на договорот за вработување склучен на определено време, со истек на времето за кое тој договор е склучен.

Во поглед на прашањето на Комитетот дали постои највисок износ кој може да биде одреден како надомест во случај на отпуштање на работничка за време на нејзиното породилно отсуство и дали таа граница на највисок износ опфаќа и материјална и нематеријална штета[27], информираме дека доколку судот донесе одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, работникот има право да се врати на работа по правосилноста на одлуката. Ако судот со одлука утврди дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, а за работникот не е прифатливо да остане во работен однос, судот на барање на работникот ќе го определи денот на престанокот на работниот однос и ќе му досуди надомест на штета. Одлуката судот може да ја донесе и на барање на работодавачот ако постојат околности кои оправдано укажуваат дека продолжувањето на работниот однос, со уважување на интересите на двете договорни страни, не е можен.

Согласно Законот за облигационите односи, оштетениот има право како на надомест на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист. Висината на надоместот на штетата се определува според цените

[26] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), (“Република Македонија”, членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 13.

[27] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), (“Република Македонија”, членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 14.

во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е уредено со закон. При оцената на висината на испуштената корист се зема предвид добивката што можела основано да се очекува според редовниот тек на работите или според посебни околности, а чие остварување е спречено со оштетниковото дејствие или пропуштање на оштетениот. Судот земајќи ги предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата, ќе досуди надомест во износот кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштање.

За претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице, како и за страв, судот ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета, како и во нејзиното отсуство. При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Во поглед на прашањето на Комитетот дали видовите надомест се одредуваат од страна на истите судови и колку време, во просек, е потребно судовите да го одредат тој надомест, информираме дека видот на надомест на штета се одредува од страна на судот кој донесува одлука во конкретниот работен спор. Што се однесува на времетраењето на донесувањето на одлуката за надоместокот, работните спорови имаат карактер на итност.

Истиот режим на утврдување на надомест на штета при непостоење на можност за враќање на работа се применува и за жените вработени во јавниот сектор и за оние кои се вработени со договори на определено време. На жените вработени со договори на определено време, работниот однос им престанува со истекот на временскиот период за кој е склучен договорот на определено време.

**Член 8§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да сметаат дека е незаконски кога работодавецот ќе даде известување за отпуштање од работа на жена за време на периодот откако таа го известила својот работодавец дека е бремена до крајот на нејзиното породилно отсуство или пак ако ѝ даде известувње за отпуштање со отказен рок кој истекува за време на породилното отсуство.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи во месец јануари 2013 година ("Службен весник на РМ" бр. 13/13) се уреди нова содржина на членот 101. Така работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст.

Отказот на договорот за вработување е ништовен, доколку на денот на врачувањето на отказот работодавачот бил запознаен со околностите, или доколку работникот во рок од 15 дена од врачувањето на отказот го известил работодавачот за постоење на вакви околностите со доставување на соодветна потврда од овластен лекар или надлежен орган.

Но, овие околности не го спречуваат престанокот на договорот за вработување склучен на определено време, со истек на времето за кое тој договор е склучен.

Забраната за отказ не се однесува на откажување на договорот за вработување поради потешки прекршувања на договорните обврски, односно поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски за кои се дава отказ без отказен рок согласно закон и колективен договор. Од овие причини работодавачот може да го откаже договорот за вработување само по претходна согласност на синдикатот чиј член е работникот кој се штити од отказ. Доколку синдикатот во рок од осум дена, не се изјасни за откажување на договорот со давање или недавање на согласност, ќе се смета дека се согласил со одлуката на работодавачот. Доколку синдикатот не даде согласност за откажување на договорот за вработување на работникот, работодавачот може во рок од 15 дена од денот на доставувањето на изјавата за недавање на согласност да поведе постапка за нејзино преиспитување со судска или арбитражна одлука.

Постапката за преиспитување на согласноста, ја спроведува надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на поднесување на тужба од работодавачот.

Доколку кај работодавачот не е формиран синдикат или работникот не е член на синдикат, претходна согласност за отказот на договорот за вработување дава надлежниот инспектор на трудот.

Со членот 265 се предвидува глоба, доколку не се почитува одредбата за забрана на отказ поради бременост, раѓање и родителство предвидена во Законот за работните односи. Така, глоба во износ од 2,000 до 3,000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за ваков прекршок на работодавач-правно лице и 1,000 до 2,000 евра во денарска противвредност на работодавач-физичко лице. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 500 до 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Член 8§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на мајките кои ги дојат своите новороденчиња доволни паузи наменети за таа цел.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат и од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП) и од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012 по ЕСП и 1/3/2012-31/12/2013 по РЕСП**

Во извештајниот период не се направени измени на законот во поглед на овој став.

Во поглед на прашањето на Комитетот дали паузите на работничките за доење на своите деца се плаќаат и дали истите имаат можност да ги користат и жените вработени во јавниот сектор[28], информираме дека мајката доилка има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден и пол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза. Истиот режим важи и за жените вработени во јавниот сектор.

[28] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 14.

**Член 8§4**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат:

А) да го пропишат вработувањето на женската работна рака за ноќни работни места во индустријата;

Б) да забранат секое вработување на женска работна рака на подземни работи во рудници, и ако е потребно, на сите работи што не одговараат на оваа работна рака затоа што се опасни, незрави или претешки.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

Во поглед на прашањето на Комитетот дали жените кои работат ноќна работа подлежат на редовни медицински прегледи и дали имаат право да бидат префрлени на дневна работа во случај на здравствени проблеми поврзани со ноќна работа и дали истите правила се однесуваат и на жените кои работат во јавниот сектор[29], информираме дека Законот за работните односи, во член 128 дефинира дека работникот кој работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска, односно работникот кој одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска, има право на посебна заштита за ноќна работа.

Ако на работник заради ноќна работа според мислење на лекарската комисија заради таквото работење би можела да му се влоши здравствената состојба, работодавачот е должен да го ангажира на соодветна работа дење.

Работодавачот, на негов трошок е должен на работниците кои работат ноќно време да им обезбеди лекарски прегледи, пред нивно ангажирање во ноќна работа и во редовни временски периоди утврдени со закон. Исто така, работодавачот е должен да им обезбеди на работниците подолг одмор, соодветна храна, стручно раководство на работниот, односно производниот процес.

Ако работата се врши во смени, работодавачот е должен да обезбеди периодично менување на работниците.

Работодавачот не смее да го распореди на ноќна работа работникот на кој нема да му обезбеди услови за превоз до и од работа.

Овие одредби важат за сите работници без разлика на полот и без разлика на тоа во кој сектор работат (приватен или јавен).

[29] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 14.

Во поглед на другите информации кои Комитетот ги бара во своите Заклучоци XIX-4 (2011)[30], а поврзани со барањата од ставот 4 од член 8 информираме:

Согласно член 162 од Законот за работните односи, доколку се утврди специфичен ризик од изложување на работничката на штетното дејство на физичките, хемиските и биолошките фактори, влијанија и процеси кој не може да се елиминира на друг начин, работодавачот е должен да изврши промена на условите за работа или работните часови, или да понуди соодветна алтернативна работа. Доколку и тоа не е можно потребно е работничката да биде изземена од нормалниот тек на работата за времето кое е неопходно да се заштити здравјето и безбедноста на бремената работничка и нејзиното дете. За време на изземањето на работничката од нормалниот тек на работа потребен за заштита на нејзиното здравје и безбедност на работа, како и заштита на бременоста и здравјето на доенчето на работничката и следува плата како да е на работа.

Согласно *Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат* (Објавен во "Службен весник на РМ", бр.119/11) доколку при проценката на ризикот на работното место се утврди постоење на ризик за здравјето на бремената работничка, бременоста или здравјето на нејзиното доенче што не може да се елиминира на друг начин, работодавачот ќе изврши промена на условите за работа или работното време. Доколку промената на условите за работа или работното време е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот ќе ја распореди работничката на друго соодветно работно место каде не постојат ризици за нејзиното здравје, плодот и доенчето.

Доколку распоредувањето на друго работно место е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот е ќе ја изземе работничката од нормалниот тек на работа за целиот период кој е потребен за заштита на нејзиното здравје и безбедност на работа, како и заштита на бременоста и здравјето на доенчето.

Со измените на Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2012), со членот 265 се предвидува глоба, доколку не се почитува одредбата којашто ја уредува ноќната работа на жените во индустријата и градежништвото. Имено, за сторен прекршок на работодавач-правно лице за распоредување на жена на ноќна работа во индустрија и градежништво, му се изрекува глоба во висина од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, на одговорното лице кај работодавачот му се изрекува глоба во висина од 500 до 1000 евра во денарска противвредност и на работодавач-физичко лице глоба во висина од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност.

---

[30] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 15.

**Член 8§4**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да го регулираат вработувањето на ноќни работни места на жени во текот на бременоста, жени кои неодамна се породиле и жени кои ги дојат своите новороденчиња.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Во извештајниот период не се направени измени на законот во поглед на овој став.

Во *Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат* покрај општите одредби за заштита на работниците кои се веќе утврдени во правилниците кои се однесуваат на гранични вредности на изложување, дадена е листата на штетните фактори и работни услови на кои не треба да бидат изложени бремените работнички, како и работничките кои неодамна се породиле или дојат и истите се дадени во Прилог бр. 1, кој е составен дел на правилник. Во оваа листа е наведено дека работничката не може да врши прекувремена работа и работа ноќе.

**Член 8§5**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да забранат секое вработување на жени во текот на бременоста, жени кои неодамна се породиле и жени кои ги дојат своите новороденчиња на подземни работи во рудници, и на сите работни места што се несоодветни заради тоа што се опасни, штетни по здравјето или особено тешки, и да преземат соодвети мерки за заштита на правата од работен однос на овие жени.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Согласно измените и дополнувањата на Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” бр.13/13) во членот 25 се предвиде нов став 4 со кој се регулираше дека доколку работата предизвикува значителен ризик за здравјето на мајката и детето, а таквите ризици се предвидени согласно прописите од областа на безбедност и здравје при работа кои се однесуваат на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат, работодавачот е должен да ја извести работничката за опасностите кои произлегуваат од работата при склучувањето на договорот за вработување.

Согласно член 162 од Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” бр.13/13) за време на бременост и уште една година по породувањето, работничката не смее да врши работи, ако тие со зголемена опасност влијаат на нејзиното здравје или здравјето на детето. Работите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството и тие се содржани во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат. Така, согласно Правилникот, за сите активности кои можат да вклучат специфичен ризик поврзан со изложеност на бремените работнички, работничките кои неодамна се породиле или дојат на агенси на работното место, работодавачот треба да:

- изврши проценка на ризиците за безбедноста и здравјето на бремената работничка во однос на негативното влијание врз здравјето на физичките, хемиските и биолошки штетни фактори и опасности на работно место што се поврзани со појава на болест и/или повреда на работа и нивните можни штетни влијанија врз бременоста и доењето на работничките, при што посебно ќе се земат во предвид опременоста и распоредот на работното место, природата и времетраењето на изложеноста на физичките, хемиските и биолошките фактори, видот, опсегот и начинот на користење на работните сретства, постапките и организацијата на работа, нивото на стручна подготовка и обука;

- посебно треба да се процени влијанието на ноќната и прекувремената работа врз здравјето на бремената жена и плодот т.е. здравјето на детото во текот на доењето;
- да ги утврди превентивните и корективни мерки што треба да се преземат; и
- да ги информира работничките и нивните претставници за резултатите од извршената проценка на ризикот и за превентивните мерки и тоа пред распоредување, како и при секоја суштинска промена на работните услови.

Покрај општите одредби за заштита на работниците кои се веќе утврдени во правилниците кои се однесуваат на гранични вредности на изложување, листата на штетните фактори и работни услови на кои не смеат да бидат изложени бремените работнички, како и работничките кои неодамна се породиле или дојат се дадени во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник. Листата на штетни фактори и работни услови на кои не треба да бидат изложени бремените работнички, работничките кои неодамна се породиле или дојат, но врз основа на претходно направена проценка на ризик на работното место, се дадени во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Доколку при проценката на ризикот на работното место се утврди постоење на ризик за здравјето на бремената работничка, бременоста или здравјето на нејзиното доенче што не може да се елиминира на друг начин, работодавачот ќе изврши промена на условите за работа или работното време. Доколку промената на условите за работа или работното време е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот работничката ќе ја распореди на друго соодветно работно место каде не постојат ризици за нејзиното здравје, плодот и доенчето. Доколку распоредувањето на друго работно место е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот ќе ја изземе работничката од нормалниот тек на работа за целиот период кој е потребен за заштита на нејзиното здравје и безбедност на работа, како и заштита на бременоста и здравјето на доенчето.

Бремената работничка користи платено отсуство за извршување на медицински прегледи пред породувањето, доколку таквите прегледи треба да се извршат во текот на работното време.

<u>Листа на штетни фактори и работни услови на кои не треба да бидат изложени бремените работнички, работничките кои неодамна се породиле или дојат</u>

Бремените работнички не треба да бидат изложени на следните штетни фактори/агенси ниту да работат во следните услови:

<u>1. Штетни фактори/агенси</u>

а) Физички штетни фактори

i. Хипербарична атмосфера (комори под притисок и подводно нуркање)

б) Биолошки агенси

i. Токсоплазма

ii. Рубеола вирус – освен доколку е докажано дека бремените работнички се заштитени на соодветен начин преку комплетна имунизација.

ц) Хемиски агенси

iii. Олово и соединенија на олово, доколку тие можат да бидат апсорбирани во човечкиот организам.

iv. Хемиски супстанци обележени со фразите на ризик R61 (може да предизвикуваат оштетување на нероденитe деца) и R63(постои можен ризик за оштетување на нероденитe деца)

2. Работни услови

а) Подземни рударски работи

3. Организација на работа

а) работа ноќе

б) прекувремена работа

Работничките што дојат не смеат да бидат изложени на следните штетни фактори, ниту да работат во следните услови:

1. Штетни фактори/агенси

а. Хемиски агенси

i. Олово и соединенија на олово, доколку тие можат да бидат апсорбирани во човечкиот организам.

ii. Хемиски супстанци облежени со фразата на ризик R64 (може да предизвика оштетување на доенчињата).

2. Услови за работа

а. Подземна работа во рудник.

3. Организација на работа

а. Работа ноќе

б. Прекувремена работа

Листа на штетни фактори/агенси и работни услови на кои по извршена проценка на ризик не смеат да бидат изложени бремените работнички, работничките кои неодамна се породиле или дојат

Бремените работнички не треба да бидат изложени на штетни фактори/агенси ниту да работат во услови за работа наброени подолу, доколку при проценката на ризик се утврди дека постои ризик за нивното здравје и бременоста:

1. Физички штетни фактори

а) Нагли движења и неповолна положба на телото при работа

б) Патување и изложеност на општи вибрации со ниски фреквенции

ц) Вибрации кои се пренесуваат директно на абдоменот

д) Бучава

е) Неповолни микроклиматски услови – високи и ниски температури

ф) Јонизирачко зрачење

г) Нејонизирачко зрачење со можни ефекти врз плодот

2. <u>Биолошки агенси</u> клсифицирани во категориите 2, 3 и 4 од Директивата 90/679/ЕЕЗ, доколку е познато дека таквите агенси или терапевтските мерки кои се применуваат во случај на заболувања предизвикани со тие агенси, го загрозуваат здравјето на бремената жена и на плодот и тоа:

а) Вируси

i. Херпес вируси: цитомегаловирус, херпес симплекс и varичела зостер вирус
ii. Б-19 паравирус
iii. Вирус на рубеола
iv. Енетеровируси: коксаки Б, еховируси и полиовирус
v. ХИВ-1 и ХИВ-2 вируси
vi. Лимфоцитен хориоменингитис вирус
vii. Вирус на хепатитис Б и хепатитиц Ц
viii. Вирус на вакцинија и на големи сипаници
ix. Аденовируси
x. Вирус на западен енцефаломиелитис
xi. Вирус на венецуелски енцефаломиелитис

б) Бактерии

i. Treponema pallidum
ii. Mycobacterium tuberculosis
iii. Lysteria monocytogenes
iv. Salmonella typhi

ц) Протозои

v. Plasmodium spp.
vi. Trypanozoma cruzi

<u>3. Хемиски агенси</u>

а) Хемиските супстанци означени со фразите на ризик: R40 (ограничени податоци за канцерогени ефекти), R45 (може да предизвикаат канцер), R46 (може да предизвикаат наследни генетски оштетувања),: R47 (може да предизвикаат вродени аномалии), R48 (може да предизвикаат оштетување на здравјето при продолжена експозиција), R49 (може да предизвикаат канцер при инхалација)

б) Полициклични ароматични јагленоводороди присутни во јагленовите саѓи, катранот, смолата
ц) Жива и соединенија на жива
д) Антимитотични лекови
е) Јаглероден моноксид
ф) Штетни хемиски агенси со позната апсорција преку кожа

<u>4. Процеси на производство</u>

а) Производство на аурамин
б) Изложеност на прашина, пареи и аеросоли кои се создаваат при печење и електро-рафинирање на бакарно-никелни соединенија
ц) Силнокиселински процеси при производството на изопропил алкохол

<u>5. Услови за работа</u>

а) Работа под услови на силен стрес и психички напор што може
да биде штетно за плодот
б) Тешка физичка работа
ц) Ракување со товар потежок од 5 кгр.

## ЧЛЕН 16 - Право на семејството на социјална, правна и економска заштита

**Член 16**

Со цел создавање на неопходни услови за целосен развој на семејството, како основна клетка на општеството, страните-договорнички се обврзуваат да ја унапредуваат економската, правната и социјалната заштита на семејниот живот, преку социјални и семејни додатоци, фискални олеснувања, поттикнување на изградбата на станови соодветни на потребите на семејствата, помош на млади семејства и други соодветни мерки.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Закон за семејството

Со Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12 и 38/14) се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, определени облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови и постапката за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство.

Со овој пропис семејството е дефинирано како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. При тоа се утврдува дека семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување. Односите помеѓу членовите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање.

Вонбрачната заедница е дефинирана како заедница на живот на маж и жена и е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница, доколку траела најмалку една година.

Законот утврдува дека правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот.

Закон за социјалната заштита

Во Република Македонија социјалната заштита како област е уредена со Законот за социјалната заштита (“Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13 , 79/13, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014 и 116/14).

Корисници на социјална заштита, според овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран постојан престој во Република Македонија, согласно со закон.

Државјаните на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран привремен престој во Република Македонија, согласно со закон, ги користат правата од социјалната заштита под услови утврдени со овој или друг закон и меѓународни договори и конвенции.

Право на социјална заштита има лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, под услови и на начин утврдени со закон.

Како семејство, во смисла на овој закон, се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да се издржуваат.

Како домаќинство се подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат, во постапката за остварување на право на социјална парична помош.

## **1. Социјална заштита**

*Домување за семејства*

Потребата за социјално домување според стандардите за минимални просторни услови (опременост на станот со основна комунална инфраструктура, минимум потребен простор во $m^2$ според број на членови, како и регулирање на правната сигурност за користење на станот) во Р. Македонија се обезбедува преку државни мерки за граѓани од различни категории, а особено за семејства со ниски приходи и ранливи групи на граѓани. Во оваа насока особено се значајни следниве нормативни акти и национални документи:

- Стратегија за домување на РМ 2007/2012;
- Закон за домување (“Сл. Весник на РМ“ бр. 99/2009;
- Закон за социјалната заштита;

- Националната стратегијата за намалување на сиомаштијата и социјалната исклученост 2010-2020;
- Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија;
- Проект за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи - Ф/П 1340.

Програмата за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија, се реализира преку повеќе мерки:

- во текот на 2010 година дадени се на продажба 94 стана изградени во градот Скопје наменети за решавање на станбеното прашање на млади брачни двојки и самохрани родители станбено необезбедени граѓани на Република Македонија, која постапка заврши во 2011 година, со склучување на поединечни купопродажни договори;
- во текот на 2010 и 2011 година распределени се 293 стана на социјално ранливи групи граѓани изградени по Проектот за домување на социјално ранливи групи во градовите Охрид, Кичево, Кочани и Кавадарци и Крива Паланка, по основ на социјално домување на стан во сопственост на РМ со непрофитна закупнина.

Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи - Ф/П 1340, се реализираше со изградба и распределба на вкупно 851 стан, во повеќе општини. Проектот за домување на социјално ранливи групи - Ф/П 1674 предвидува изградба и распределба на вкупно 1754 стана за социјално ранливи групи и изградба на 851 стан за лица со ниски приходи, како станови во државна сопственост, а кои се даваат под закуп со непрофитно домување.

Во спроведувањето на Проектот за доделување на социјален стан во сопственост на стан во сопственост на РМ, дефинирани се 6 целни групи:

- деца без родители над 18 години;
- невработени лица и лица корисници на социјална помош;
- жители на региони погодени од природни катастрофи;
- инвалидизирани лица или домаќинства кои имаат инвалидизирано лице;
- социјално загрозени лица припадници на ромската популација; и
- самохрани родители со малолетни деца.

Станови по градови (доделени и кои треба да се доделат)

| | Вкупно станови | Доделени станови со решение од Комисија и склучен договор за закуп со ЈП | Станови кои треба да се доделат |
|---|---|---|---|
| Скопје | 9 | 3 | 6 |
| Дебар | 1 | 1 | / |
| Охрид | 1 | 1 | / |
| Струмица | 7 | 1 | 6 |
| Гевгелија | 4 | 2 | 2 |
| Велес | 3 | 1 | 2 останати станови кои се во лоша состојба, а во Нас. Порцеланова и с. Богомила |
| Кавадарци | 1 | 1 | / |
| Прилеп | 1 | 1 | / |
| Битола | 12 | 6 | 6 |
| Кратово | 2 | / | 2 |
| Штип | 4 | / | 4 |
| Радовиш | 1 | / | 1 |
| ВКУПНО: | 46 | 17 | 29 |

Извор: Министерство за труд и социјална политика

| Категории на граѓани корисници на социјален стан под закуп | | РАСПРЕДЕЛЕНИ СТАНОВИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Склучени договори за закуп со АДИСД | | | | | | | | | | | Вкупно |
| | | Скопје | Македонска Каменица | Охрид | Кичево | Кочани | Кавадарци | Крива Паланка | Берово | Штип | Битола | Берово | |
| | | 2/1/ 2010 | 4/22/ 2010 | 3/29/ 2011 | 3/23/ 2011 | 4/27/ 2011 | 4/14/2011 | 11/9/ 2011 | 3/29/ 2013 | 2/20/ 2014 | 4/15/ 2014 | 2/20/ 2014 | |
| 1 | Деца без родители или родителска грижа-лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители | 88 | 1 | 10 | 0 | 5 | 3 | 2 | 6 | 4 | 13 | 2 | 134 |
| 2 | Корисници на социјална или постојана парична помош | 4 | 13 | 17 | 17 | 9 | 14 | 17 | 6 | 22 | 22 | 10 | 151 |
| 3 | Лица погодени од елементарни - природни непогоди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Инвалидни лица или лица на кои им е потребна помош и | 2 | 10 | 12 | 3 | 4 | 4 | 12 | 3 | 12 | 16 | 2 | 80 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | грижа од друго лице и семејства со инвалидизирани лица | | | | | | | | | | | | |
| 5 | Социјално загрозени лица припадници на Ромската етничка заедница | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 4 | 1 | 10 |
| 6 | Самохрани родители со малолетни деца | 8 | 5 | 31 | 11 | 11 | 9 | 15 | 13 | 52 | 23 | 5 | 183 |
| 7 | Слепи лица | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **102** | **29** | **71** | **32** | **29** | **30** | **46** | **30** | **91** | **78** | **20** | **558** |

Извор: Министерство за труд и социјална политика

Законот за социјалната заштита, предвидува право на парична помош за социјално домување, кое се обезбедува за социјално загрозени лица - станбено необезбедени:

- корисници на постојана парична помош; и
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за корисниците на постојана парична помош, со акт ги определува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, а средствата за остварување на правото се обезбедуваат од буџетот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст се уредува со правилник („Службен весник на РМ“ бр.54/10 ). Согласно овој акт, социјалното домување се остварува на начин што ќе овозможи:

- закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел;
- санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот;
- надомест на трошоци за сместување во студентски дом.

За остварување на правото на парична помош за социјално домување, потребно е лицето претходно да остварило право на сместување во установа за социјална заштита или згрижувачко семејство, да се наоѓа во положба на социјална загрозеност и да е станбено необезбедено.

За социјално загрозено лице при остварување на правото на парична помош за социјално домување, се смета корисник на право на парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа (согласно со Законот за социјалната заштита), чии приходи по сите основи, како и приходите на неговиот брачен другар и другите членови на неговото семејство со кои тоа живее во заедница и за кои постои обврска за меѓусебно издржување согласно со Законот за семејството, да се пониски од 5600 денари по член на семејство. При определување на приходи не се смета паричниот надоместок за помош и нега од друго лице, детскиот додаток и посебниот додаток остварени согласно закон.

Како станбено необезбедено лице, се смета лице кое не поседува стан или друг недвижен имот во лична сопственост, во сопственост на неговиот брачен другар или нивното малолетното дете и не користи стан под закуп

во сопственост на Република Македонија, како и лице до правосилно завршување на оставинска постапка за распределба на оставина на оставител, на кој може да се јави како наследник согласно со закон.

Како станбено необезбедено лице не се смета лице кое:

- отуѓило недвижен имот во лична сопственост, во сопственост на неговиот брачен другар или нивното малолетно дете, во последните три години пред поднесување на барањето;
- врз доброволна основа или на друг начин е прифатено од родител, близок сродник или од трето лице и со тоа го решило станбеното прашање; и
- не покренало постапка за распределба на оставина на оставител, на кој може да се јави како наследник согласно со закон или во текот на постапката не се прифатил за наследник.

Центарот за социјална работа, со решението со кое одлучува за право на парична помош за социјално домување за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел, ја определува висината на надоместокот за социјално домување во зависност од просечната висина на закупнината на територијата од неговата месна надлежност и договорот за закуп во следниве износи:

- за самец - до 4.000 денари за месечна закупнина;
- за семејство од два до четири члена - до 6000 денари за месечна закупнина; и
- за семејство од пет и повеќе члена - до 8.000 денари за месечна закупнина.

Центарот за социјална работа, во решението ги вклучува и комуналните трошоци (електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина) и тоа во висина за:

- самец - до 1.500 денари;
- семејство од два до четири члена - до 2.000 денари; и
- семејство од пет и повеќе члена до 2.500 денари.

Центарот за социјална работа остварувањето на правото на парична помош за социјално домување со доделување на средства за санација, адаптација и реконструкција на руиниран и недоизграден станбен простор во сопственост на корисникот на правото на парична помош за социјално домување, го врши врз основа на предмер-пресметка изготвена од стручно лице, за фактичките трошоци за неопходните градежни работи, кои треба да се изведат за создавање на основни услови за живеење.

Корисник на парична помош за социјално домување, кој е на редовно школување и е сместен во студенстки дом, правото на парична помош за социјално домување го остварува во висина на трошоците за сместувањето.

Во согласност со ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија 2010-2020, реализирани се конкретни мерки и активности за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на граѓаните на Република Македонија, преку процес во кој учествуваат сите релевантни министерства и институции одговорни за реализација на предвидените активности. Согласно донесената стратегија, а во насока на постигнување на стандардизирани и хармонични услови на домување за категориите граѓани кои се сметаат социјално исклучени во домувањето, во рамки на подрачјето транспорт, комуникации и домување континуирано се спроведуваат активности за намалување на степенот на супстандардни услови на домување кои опфаќаат изградба на водоводни и канализациони мрежи во сите општини на територија на Република Македонија, како и обезбедување на одржливо снабдување со вода за пиење на населението преку подобрување на системите за водоснабдување во осум општини: Гостивар, Тетово, Битола, Кавадарци, Неготино, Кочани, Радовиш и Гевгелија. До крајот на 2013 година завршени се 16 проекти за водоснабдување во 7 општини.

Во оваа насока се и активностите за изградба и доделување на станови под закуп на лица во социјален ризик и други ранливи групи на територија на Република Македонија, при што во текот на 2013 година изградени се три (3) објекти со вкупно 119 социјални станови (од 2007-2013 се распределени 558 стана во 10 општини).

Започнато е со подготовка на тендерска документација за изградба на 100 станбени единици во рамки на проектот „Локална интеграција на бегалци, внатрешно раселени лица и малцински групи“ од ИПА компонента 1 од Националната програма за 2011.

*<u>Установи за детска грижа</u>*

Во поглед на оваа тема, упатуваме на информациите содржани под член 17 став 1 од овој Извештај.

*<u>Услуги за семејно советување</u>*

Со цел за обезбедување на соодветно советување и психо-социјална поддршка на семејството, во текот на 2013 година се отворија регионални советувалишта за брак и семејство, со цел да се овозможи пристап на оваа услуга до сите граѓани, вклучително и за оние центри за социјална работа кои немаат услови за отворање на посебно советувалиште за брак и семејство. Воедно, регионалните советувалишта работат како помош на

центрите за социјална работа, секогаш кога е потребно да се посвети повеќе внимание и време за надминување на проблемите во семејсвото.

Во регионалните советувалишта за брак и семејство, работат стручни лица од центрите за социјална работа кои се со поголемо работно и стручно искуство во решавање на проблемите во бракот и семејството и кои се докажале во работењето. Упатувањето во овие регионални советувалишта го прават центрите за социјална работа, по слободна оценка на стручниот тим на центарот кој работи со конкретниот предмет. Услугата што ја даваат советувалиштата е бесплатна.

Советувалиштата даваат услуги на семејства со нарушени семејни односи, семејства кои се во постапка на развод на брак, како и на семејствата кои ја завршиле постапката за развод, но сè уште се со нерасчистени партнерски односи. Советовалиштата работат со родителите, со децата и заедно со родителите и децата, зависно од проблемите и потребите на конкретното семејство и зависно од оценката на стручниот тим за начинот и пристапот на работа по конкретниот предмет. Услугите кои ги дава Советувалиштето се во насока на надминување на проблемите во семејството, намалување на конфликтите, подобрување на семејните односи и родителските функции, во насока на јакнење на семејството и обезбедување на благосостојба и оптимален развој на детето. Програмата за работата на советувалиштата, е изработена од Заводот за социјални дејности и се базира на разбирањето на детето во контекст на неговото семејство и заедница, при што се вклучени и надворешните влијанија врз семејниот систем, внатрешните конфликти и комплексната динамика помеѓу членовите на семејството.

Покрај ова, советувалиштата даваат и услуги на пред брачно советување, по барање на корисниците на услугите, како и во постапките за склучување на брак од малолетно лице. Имено, Законот за семејството утврдува дека малолетното лице може да склучи брак под услов да има наполнето 16 години живот, да достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во бракот, а за што е потребно претходно прибавено мислење од здравствена установа и укажана стручна помош од центарот за социјална работа.

Основните цели на советувалиштето за брак и семејство, во рамките на центрите за социјална работа се:

- да ги запознаат и подготват идните брачни другари со значењето на бракот и последиците од неговото склучување;
- да им помогнат на брачните другари во надминување на несогласувањата;
- да ги запознаат родителите со родителските права и обврски кои произлегуваат од Законот за семејството при нарушени семејни односи;

- да им помогнат на родителите во реализација и остварувањето на родителското право во постапките при развод на брак и по развод на бракот;
- да им помогнат на децата во надминување на проблемите во случаи на развод на брак на нивните родители;
- да ги запознаат и подготват малолетните лица кои сакаат да склучат брак со значењето на бракот и последиците од неговото склучување.

Заклучно со 2013 година, отворени следните советувалишта:

- Скопје, за потребите на град Скопје;
- Велес, за потребите на Велес;
- Куманово, за потребите на Куманово и Крива Паланка;
- Гостивар, за потребите на Гостивар и Тетово;
- Кичево, за потребите на Кичево, Македонски Брод и Дебар;
- Охрид, за потребите на Охрид и Струга;
- Битола, за потребите на Битола, Ресен и Демир Хисар;
- Прилеп, за потребите на Прилеп и Крушево;
- Кавадарци, за потребите на Кавадарци и Неготино;
- Струмица, за потребите на Струмица, Берово, Делчево, Валандово, Гевгелија и Радовиш;
- Св.Николе, за потребите на Св. Николе, Кочани, Виница, Пробиштип, Кратово и Штип;

*Учесто на зруженија кои ги застапуваат семејствата*

Невладините организации во Република Македонија се основаат како здруженија, фондации, сојузи согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2010 и 135/2011). Со закон е уредено основањето, регистрацијата и престанокот на здруженијата.

Во системот на социјалната заштита се создаде основа различни субјекти да се јават како даватели на одредени услуги од социјална заштита. Законот за социјалната заштита во посебна глава го уредува работењето на невладините организации во оваа дејност, регистрирани за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита. Министерството за труд и социјална политика води регистар на здруженија кои обезбедуваат социјални услуги.

Постапката за упис во регистарот на здруженија ја води Комисија за соработка со здруженија, формирана од Министерот за труд и социјална политика, составена од три члена. Членовите на Комисијата се афирмирани стручни лица со најмалку три години работно искуство од областа на социјалната заштита. Комисијата го разгледува барањето на здружението за упис во регистарот, врши увид заради утврдување на исполнување на пропишаните услови и изготвува мислење, врз основа на кое Министерот

донесува решение за впишување на здружението во регистарот. За да може да се впише во Регистарот НВО треба да ги исполнува следниве услови:

- да има активно работење во областа на социјалната заштита или социјална политика најмалку три години од денот на основањето;
- да има реализирано најмалку три проекти од областа на социјалната заштита или социјална политика;
- да има соодветен простор за работа и кадровски услови;
- да има доказ за економско и финансиско работење врз основа на скратен сметководствен исказ од годишна сметка.

Министерството учествува во обезбедувањето на дел од средствата на здружението за вршење на одредени работи од социјална заштита, преку доделување на средства врз основа на објавен јавен конкурс за видот на одредените работи од социјална заштита за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс и временскиот период во кој ќе се извршуваат работите од социјалната заштита.

Постапката за делергирање на одредени услуги од социјална заштита се спроведува преку објавување на јавен оглас и потпишување на договор помеѓу избраното здружение на граѓани и Министерството за труд и социјална политика. Од делокругот на работите од социјална заштита, а кои се однесуваат на семејното насилство, на здружение на граѓани може да му се довери обавување на социјална услуга, привремено интервентво сместување на жртвите на семејно насилство, психо-социјална поддршка и давање на услуги на СОС линија. Оваа постапка е уредена со Правилник за начинот и постапката за доделување на средства на здружение на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита (Службен весник на РМ бр. 24/2005 и 38/2007).

Министерството за труд и социјална политика, континуирано вклучува релевантни здруженија од граѓанскиот сектор на ниво на креирање, спроведување и следење на иплементацијата на националните политики за заштита на семејсвото и социјално исклучениите лица.

Принципот на партиципативност на сите засегнати страни и транспарентност е особено почитуван при изготвување на легислативните акти и националните стратешки документи. Овие документи се изготвени од работни групи, составени од преставници на сите релевантни институции кои имаат мандат за постапување и невладините организаци. Во текот на изготвување на документите се организираат работилници и по потреба трибини.

Во Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година посебно внимание е посветено на улогата на цивилното општество, преку определување на областите на делување на

граѓанското општество, во насока на обезбедување помош на жртвите, спроведување на истражувања и анализи и промоција на нетолеранцијата кон семејното насилство.

Националната СОС линија за жртви на семејно насилство ја одржува НВО со финансиска поддршка од државата до 2013 година, на начин што на јавен оглас транспарентно е избрана невладина организација.

Со втората Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, исто така е воспоставено Национално координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство кое овозможува интерсекторска координација и соработка, при што како постојани членови вклучени се преставници на сите релевантни министерства, Секретаријатот за европски прашања при Владата на РМ, пратеници од Собранието на РМ и невладини организации.

Имплементацијата на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 година ја следи Национална оперативна група за намалување на сиромаштија и социјална исклученост во која е вклучена Македонската платформа против сиромаштија, која преставува сојуз на 91 здруженија на граѓани и 5 поединци кои се здружени со цел промовирање на социјалната еднаквост и правда, партиципативната демократија и граѓанската солидарност. Македонската платформа против сиромаштија беше целосно вклучена во процесот на подготовка на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост 2010-2020, а исто така понатаму и во процесот на подготовка и имплементација на годишни Оперативни планови за реализација на истата.

Во Националното тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, како и во Националното координативно тело за спроведување на Акциониот план за сексуална злоупотреба и педофилија, покрај преставниците на релевантните институции членуваа и преставници на задруженија, кои се бават со заштита на децата и семејството и тоа: Првата детска амбасада на светот „ Меѓаши“ и „За среќно детство“.

Координативното тело за следење на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, го сочинуваат покрај преставници на релевантните органи и установи за социјална заштита и преставници на Заедницата на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија и претставници на НВО „Порака“ Скопје и Здружението на социјални работници на Република Македонија.

Во Националното координативно тело за следење на еваулацијата на имплементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, покрај преставници на државните органи на управата и институциите, членуваат претставници на здруженија на граѓани и тоа: Сојуз на здруженија на пензионери, Црвен крст на Македонија и Здружение

за унапредување на условите за грижа и сместување на стари лица „Хуманост“ –Скопје.

### 2. Правна заштита

*Права и обврски на сопружниците*

Согласно Законот за семејството, како полноважен брак се смета бракот кој е склучен со слободно изјавена волја пред надлежен орган (член 15). Со законските одредби експлицитно се потенцира дека бракот не е полноважен кога согласноста за склучување на брак е дадена под присила или во заблуда (Член 19). Во делот на одредбите за поништување на брак, Законот за семејството предвидува дека бракот ќе се поништи ако се утврди дека е склучен под принуда.

Во бракоразводните парници постои обврска за судот да спроведе рочиште за мирење. Со Законот за семејството е уредена постапката за развод на брак, која може да се иницира до суд со тужбата за развод на брак или со предлогот за спогодбен развод на бракот. Законот предвидува дека постапка за мирење на брачните другари е задолжително дејствие, освен во случаевите кога; еден од брачните другари е неспособен за расудување; еден или обата брачни другари живеат во странство; едниот брачен другар е со непознато место на живеење подолго од шест месеци и по противтужба за развод на брак, без оглед кога е таа поднесена, а обидот за мирење на брачните другари по тужбата завршил безуспешно. Постапката за мирење во бракоразводната постапка ја спроведува центрите за социјална работа или суд, во зависност од тоа дали брачните партнери имаат деца, имаат малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право.

Центарот за социјална работа спроведува постапката за мирење, кога постапката за развод на брак се води за брачни партнери со заеднички деца. Постапката се отпочнува по добиено писмено известување од судот, кој во рок од осум дена по приемот на тужбата доставува до центарот за социјална работа кон известувањето доставува и податоци кога постапката за развод на брак е поведена, основните причини поради кои се бара развод на бракот и податоци за децата. Центарот за социјална работа е должен во рок од три месеци од приемот на известувањето да ја заврши постапката за мирење на брачните другари.

Постапката за мирење на брачните другари пред центарот за социјална работа е уредена со Законот за социјалната заштита (Член 199 - 201). Со овие одредби се утврдува дека постапува центарот за социјална работа кој е лоциран на подрачјето на општината, за која е месно надлежен судот пред кој се води постапката за развод на бракот по истиот предмет. Во постапката за мирење во центарот за социјална работа, брачните другари присуствуваат лично, при што е исклучена јавноста и присуството на полномошник. По спроведената постапка, центарот е должен без одлагање да достави до надлежниот суд писмен извештај за исходот на постапката за

мирење.

Ако брачните партнери немаат заеднички малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право, постапката за мирење на брачните другари ја спроведува судот, при што има овластување да оцени дека е целисходно мирењето да се отстапи на центарот за социјална работа (член 237 став 5 од Законот за семејството). Судот постапката за мирење на брачните другари ја спроведува на посебно рочиште, кое не смее да се спои со рочиштето за главна расправа на кое присуствува претседателот на советот, без присуство на записничар (член 238 и 239). Во текот на мировната постапка, судијата настојува да се испитаат причините што довеле до поведување на постапка за развод на бракот, се обидува да се измират брачните другари, а доколу утврди потреба, има овластување на брачните партнери да им препорача да се обратат на предбрачното и брачното советувалиште или друга установа која може да им даде потребен совет (член 242). Воедно, при спроведвање на ова постапка, како и во текот на целата постапка за развод на брак, судот соработува со центарот за социјална работа (член 244). Судијата кој/која ја спроведува постапката за мирење составува само службена белешка, за исходот на постапката.

Со цел обезбедување на посебна заштита на децата во постапката за развод на бракот на нивните родители, определено е дека судот ќе го повика центарот за социјална работа да учествува на рочиштето заради заштита на интересите на децата и ќе му ги достави сите одлуки донесени во таа постапка. Центарот за социјална работа во оваа постапка дава предлог за чување, издржување и воспитание на децата, а може во границите на овој предлог, да изнесува нови факти и докази што странките не ги навеле, да вложува правни средства и да презема други процесни дејства во интерес на децата (член 249).

Права и должности во вршење на родителското право

Со Законот за семејството е уредено дека во постапката за развод на брак, судот одлучува кај кого од родителите децата ќе се доверат на понатамошно чување и воспитување, а другиот родител ќе се задолжи за издржување на детето. Во овој случај судот го повикува Центарот за социјална работа да учествува на рочиштето заради заштита на интересите на децата и му ги доставува сите одлуки донесени во таа постапка. Воедно, Центарот за социјална работа ќе даде предлог за чување, издржување и воспитување на децата, а може во границите на овој предлог, да изнесува нови факти и докази што странките не ги навеле, да вложува правни средства и да презема други процесни дејства во интерес на децата (член 249).

Законот за семејството во делот на уредување на односите помеѓу родителите и децата, го вградува принципот дека постапките се водат во најдобар интерес на детето.

Центарот за социјална работа има надлежност како старателски орган да врши надзор над родителите во вршењето на родителското право и има овлстување за преземање на мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето. Една од мерките кои центарот за социјална работа ги презема од извршениот надзор на вршењето на родителското право е покренување на постапка пред суд за одземање на родителското право за едниот родител, односно обата родитела. Оваа постапка се иницира против родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителското право со поднесување на тужба до суд, во вонпроцесна постапка.

Како злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности, Законот за семејсвото ги утврдува следните дејствија на родителот:

- спроведува физичко или емоционално насилство над детето;
- полово го искористува детето;
- го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст;
- му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции;
- го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија;
- го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето; и
- ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

Во случај кога судот ќе го одземе родителското право, центарот за социјална работа ја презема грижата за детето и одлучува за неговата понатамошна заштита.

*Услуги за медијација*

Законот за семејството определува дека работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, семејното насилство, дел од работите сврзани со посвојувањето, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарна тимска работа (член 14 став 1).

Советодавната и советувалишната интердисциплинарна тимска работа има особено примена во уредување на односите на родители и децата, вршењето на родителското право, доверувањето на дете кај еден од родителите во постапка за развод на брачната заедница и уредување на личните односи на детето со родителот со кого тоа не живее заедно. Во оваа насока, Законот за семејството утврдува дека родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено. Согласно со член 76 од овој

пропис, само во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право, решава центарот за социјална работа.

*Домашно насилство врз жените*

Соодветна правна рамка за превентивно делување и целисходен третман на последиците од семејно насилство е утврдена со Законот за семејството и Законот за социјалната заштита.

**Закон за семејството**

Согласно овој пропис, семејното насилство се разбира како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв кон:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство;
- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството;
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри;
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство;
- лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство, чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Под блиски лични односи, во смисла на овој закон, се подразбираат лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница (чл.94-б).

Со овој пропис се утврдува мандат на центрите за социјална работа за работа со жртви на семејно насилство и постапувањето на судот за изрекување на привремени мерки за заштита. Имено, центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека во семејството постои насилство од било каков вид и дека постои сериозна опасност за животот и здравјето на член од семејството, ги презема следниве мерки на заштита:

1. обезбедува нужно сместување за лицето-жртва на насилството, кое може да трае најмногу 6 месеци, со можност за продолжување за уште 6 месеци;
2. обезбедува соодветна здравствена заштита;
3. обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;
4. ги упатува во соодветно советувалиште;
5. доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;

6. го известува органот за прогон;
7. дава секаков вид на правна помош и застапување;
8. покренува постапка пред надлежниот суд;
9. по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита; и
10. презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Мерките на заштита, центарот ги презема задолжително кога жртва на семејно насилство е малолетно дете или лице со одземена деловна способност.

Сознанијата дека е сторено семејно насилство, центарот за социјална работа ги добива од граѓани, службени и правни лица, и здруженија на граѓани кои се должни без одлагање да достават известување за случајот на семејно насилство и да достават службени списи по предметот.

**Судска заштита**: Центарот за социјална работа поднесува барање за иницирање на постапка за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до надлежниот суд и тоа задолжително за малолетни и деловно неспособни лица, а за полнолетни и деловно способни лица, само со согласност на жртвата на семејното насилство.

Центарот за социјална работа кон барањето доставува записник и извештај за презeмините дејствија, во кој може да даде и предлог за изречување на привремена мерка. Судот може на сторителот на семејното насилство да му ги изрече следните привремени мерки:

1. забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2. забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
3. забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
4. да одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;
5. забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;
6. да го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
7. да изрече задолжително издржување на семејството;
8. да нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;

9. да нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;
10. да го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство; и
11. да изрече било која друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Пријава за семејно насилство до Центарот за социјална работа може да поднесе брачниот другар, родителите или децата или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар или лица кои се наоѓаат во блиски лични односи кон кои се преземени дејствија на семејно насилство, без оглед дали е поднесена тужба во кривична постапка.

Во поглед на судската одлука за изречените привремени мерки на заштита од семејно насилство, центарот за социјална работа ги има следните надлежности:

- го следи извршувањето на изречената мерка и за текот на спроведувањето на мерката го известува судот на негово барање;
- може да поднесе предлог до надлежниот суд за укинување на изречената мерка и пред истекот на рокот за кој е изречена мерката, доколку оцени дека истата ја постигнала целта заради која е изречена;
- може да поднесе предлог за измена на изречената мерка или за нејзино продолжување, доколку оцени дека изречената мерка е несоодветна или дека ќе ги постигне бараните резултати, но дека за тоа е потребно истата да трае подолг временски период.

Во спроведување на заштитните мерки центарот за социјална работа соработува со граѓани, правни лица и организации.

Со Законот за семејството е уредена и постапката за изрекување на привремените мерки за заштита од семејното насилство, составот на судот, текот на расправата и правните средства против одлуката на судот.

Пропишани се и казнени одредби за субјектите за кои со законот е утврдена обврската за задолжително пријавување на семејно насилство до недлежниот центар за социјална работа. Во оваа насока, Законот предвидува дека со глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице што нема да го извести центарот за социјална работа за свое сознание дека постои семејно насилство. Со глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска

противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице кое во текот на своето работење преземало одредени дејствија при семејното насилство, а кое нема веднаш, а најдоцна во рок од 72 часа од преземањето на дејствијата, службената документација и известувањето за преземените дејствија и друга документација (записник, изјава од сведок, наоди од лекар и друго), да ги достават до надлежниот центар за социјална работа. За оваа ситуација предвидена е глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност и за одговорното лице во правното лице.

Во 2006 донесени се измени и дополнување на Законот за семејствотото („Службен весник на РМ„ број 33/06), со кои е утврдена конкретна надлежност за поединечни институции (Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство и судот) за извршување на изречени привремени мерки на заштита.

Во 2007 донесен е Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки на заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот („Службен весник на РМ„ број 103/07), заради унифицирање на постапките на сите центри за социјална работа.

Во 2008 донесени се измени и дополнувања на Законот за семејството со кои се врши усогласување на дефиницијата на семејно насилство со Кривичниот законик, дадена е можност на здруженијата на граѓани да обезбедуваат некои од мерките за заштита на жртвите на семејно насилство. Должноста за известување на институциите и органи кои превземаат дејствија на заштита од семејно насилство до надлежниот центар за социјална работа е утврден на 72 часа од преземањето на дејствието. Воедно со измените се дава дополнителна можност на жртвата освен посредно преку центарот за социјална работа, сама непосредно да поднесе предлог до судот за изрекување на Привремена мерка за заштита.

Првата Националната стратегијата за заштита од семејно насилство 2008-2011 година воспоставува мултисекторски и интегриран пристап за обезбедување на главната стратешка цел на намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација, заради ефективно и ефикасно делување за справување со семејното насилство со обезбедување на единствен став и пристап. Утврдени се следните осум цели на Стратегијата:

- Воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап во заштита на жртвите на семејно насилство;
- Превенирање на појавата на семејно насилство преку воспитно образовниот процес;
- Едукација на професионални структури;

- Подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство;
- Унапредување на граѓанскоправниот систем на заштита;
- Унапредување на казненоправниот систем на заштита;
- Воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите на семејно насилство, од страна на сите релевантни институции; и
- Воспоставени механизми за спроведувањето на стратегијата.

За следење на имплеметацијата на мерките, предвидени со оваа стратегија, Владата на РМ формираше Национално координативно тело, составено до преставници на сите релевантни министерства и преставници на здруженија на граѓани. Ова тело имаше обврска за доставување на шестмесечни извештаи до Владата за степенот на реализацијата на мерките и оперативните планови на секое ресорно министерство и невладиниот сектор.

Како логичен континуитет на напредокот и постигнатите цели од предходната стратегија, во јули 2012 година, Владата на Република Македонија ја усвои Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година. Оваа стратегија се имплементира преку петте стратешки области и тоа:

- Спречување;
- Заштита, помош и поддршка на жртвите;
- Гонење на сторителите;
- Мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби;
- Имплементација, следење и евалуација.

Со цел да се постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на полето на спречување и заштита од семејно насилство во Република Македонија, Владата формираше Националното координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство составено од претставници на ресорните министерства, Секретаријат за европски прашања, пратеници од позицијата и опозицијата во Собранието на РМ и претставници од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство која е составена од невладини организации кои работат на ова поле. Како повремени членови се вклучуваат преставници на сите релевентни институции, органи, Завод за социјални дејности; центри за социјална работа, Агенција за вработување на РМ, Академија за обука на судии и јавни обвинители, основни судови, основни јавни обвинителства, Сектор за внатрешни работи, секторите за основно, средно и високо образование при Министерство за образование и наука, Биро за развој на

образованието, здравствени установи, академски институции, претставници од единиците на локалната самоуправа, граѓанските организации и меѓународните организации.

Покрај формираното Националното координативно тело, Владата назначи и Национален известувач кој е одговорен за следното:

- Надгледување на севкупните активности за спречување и заштита од семејно насилство;
- Собирање и анализа на податоци од релевантните партнери;
- Мониторинг и евалуација на имплементираните активности по НАП;
- Донесување на заклучоци и давање препораки за подобрување на активностите за имплементација на политиките за подобар институционален одговор;
- Давање препораки за ревизија на стратешките цели;
- Изготвување на годишен извештај;
- Остварување на комуникација со релевантните национални институции, како и комуникација со меѓународни институции од земјата и странство.

Владата на Република Македонија донесе Заеднички Протокол за постапување во случаите на семејно насилство, кој има за цел да се утврдат процедурите за постапување на надлежните институции и организации за унапредување на заштитата и помошта на жртвите на семејно насилство. **Заедничкиот протокол за постапување во случај на семејно насилство**, за секоја надлежна институција вклучително и граѓанските организации дава насоки за спроведување на процедурите и спречување од дополнителна виктимизација на жртвата на семејно насилство. Овој заеднички протокол е базиран на секторските протоколи според кои ќе постапуваат соодветните професионални работници**,** но и нивно вмрежување и соработка.

За центрите за социјална работа, детално е разработено постапувањето по пријава на случај на семејно насилство. Во оваа насока се специфицира поведување на постапка, постапувањето во итни случаи, правењето на проценката за потребите на жртвата и интервенцијата во конкретен случај, целосното информирање за правата на жртвата и сервисите кои се во функција на нејзина заштита. Дадени се насоки за обезбедување на информации од МВР, здравствените институции, НВО, образовни институции, единици на локална самоуправа и други лица и институции со цел преземање на потребни мерки на заштита од страна на центарот за социјална работа. Постапките се водат врз основа на начелото на доверливост, слободно изразена согласност на жртвата за преземање на

мерки на заштита, при што се бара разговорот да се обавува во посебна просторија.

Во делот на постапувањето на **полициските службеници**, дадени се насоки за постапување по добиена пријава за семејно насилство, евидентирање на пријавата, интервеција преку излегувањето на лице место на настанот. За овие активности се изготвени упатства за постапување при интервенцијата со жртвата и со насилникот за да се спречи натамошното насилство. Полициските службеници посебно постапуваат во случај кога во домот се присутни деца, а кога е потребна итна заштита, особено на децата, се активираат социјалните служби (центрите за социјална работа).

Целта на **здравствените установи** според овој Протокол е да им пружат на жртвите целосна здравствена заштита со цел зачувување на телесното и психичкото здравје на жртвата, како и санација на настанатите повреди и психотрауми. Во случај на сомнеж дали повредата или здравствената состојба е последица на семејно насилство, здравствениот работник е должен да обави интервју со лицето, да го охрабри и убеди да му се довери за можното постоење на семејно насилство, и да дознае што е можно повеќе за околностите во кои настанала повредата.

Во случај на сознание за семејното насилство, здравствените работници се должни да постапат на следниов начин:

1. Согласно правната регулатива, семејното насилство да го пријават во полицијач
2. Да ги утврдат причините и начинот на настанување на повредата и да се обави комплетен здравствен преглед;
3. Да разговара со жртвата за можностите за решавање на проблемот, да ја посоветува, да ѝ ги посочи нејзините права;
4. На барање на надлежните органи да ја достави целокупната документација која е од значење за разрешување на случајот и казнување на сторителот.

Здравствениот работник, документацијата со која што располага во однос на состојбата во која што се наоѓа жртвата на семејното насилство, во согласност со жртвата, ја проследува до релевантните институции кои што се вклучени во интегрираниот и координираниот систем на интервенции за помош на жртви на семејно насилство, согласно важечките законски прописи, а тие се должни добиените податоци да ги третираат како доверливи, во согласност со Законот за заштита на пациентите и Законот за заштита на личните податоци.

Здравствените работници се должни да го почитуваат правото на избор на жртвата во сите случаи, освен во случаите во кои здравствениот работник ќе оцени дека животот на жртвата се доведува во опасност поради ризик од можно насилство и/или сторено насилство или во случаи

на опасност за траен тежок инвалидитет.

На барање на судските органи здравствените работници/вештите лица обезбедуваат, во рамките на судските постапки, проценка на насилството/повредата, начинот на настанување, условите во кои што настанала повредата итн.

Во **образовниот систем**, Протоколот за постапување со деца во случаи на семејно насилство упатува на решенијата што Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за просветна инспекција, како и подзаконските акти, ги даваат за заштита на правата на детето. Во оваа насока се преземаат мерки на превенција за оформување на безбедна средина за живот и образование на учениците и мерки на интервенција во ситуации кога се јавува насилство, злоставување и занемарување во институции од воспитно-образовен карактер.

**Граѓанскиот сектор** работи на идентификација, превенција, ресоцијализација и реинтеграција на жртвите на семејно насилство. Граѓанските организации кои работат на ова поле имаат и законска можност за градење на неопходен координативен пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство. Со последните измени и дополнувања во легислативата (Закон за семејство и Кривичен Закон) граѓанските организации имаат можност да обезбедуваат мерки за заштита на жртвите на семејно насилство, имаат и должност за известување на сите кои превземаат дејствија за заштита од семејно насилство. Граѓанските организации согласно Законот за бесплатна правна помош исто така имаат можност да ѝ овозможат и бесплатно правно застапување на жртвата. Граѓанските организации како значаен фактор во превенција и справување со семејното насилство во Р. Македонија, работат на подигање на јавната свест и сензибилизација за проблемот на семејно насилство, работат на откривање и пријавување на случаите, соработуваат со сите надлежни институции кои работат со заштитата на жртви на семејно насилство.

Како **специјализирани сервиси** за заштита на жртвите на семејно насилство, се воспоставени:

1. Национална СОС линија (објавена на web страната на министерството за труд и социјална работа) и една локална СОС линија;
2. Центар за лица жртви на семејно насилство (шелтер центар) воспоставениод страна на државата – 4 Регионални центри за лица жртви на семејно насилство, но и 3 од страна на НВО;
3. Отворено е и првото Советувалиште за родители и деца жртви на семејно насилство, каде акцентот во работењето се децата кои припаѓаат на категоријата на деца во социјален ризик. Сепак, посебно внимание се обрнува на специфичните потреби на децата кои се соочуваат со семејно насилство;

4. Отворено е едно советувалиште за работа со сторители на семејно насилство.

Исто така „економската еманципација на жените жртви на семејно насилство“ е вклучена во активните мерки за вработување односно преку Оперативниот план за вработување на Владата на Република Македонија. Програмата за економско јакнење на жените жртви на семејно насилство се реализира од 2010 година преку трите подпрограми и тоа:

- Самовработување;
- Субвенционирано вработување;
- Квалификација/доквалификација.

Во 2010 година истата се имплементираше во пет Пилот општини на територијата на РМ (Скопје, Тетово, Куманово, Битола и Кавадарци).

Во наредниот период (2011-2013), продолжи имплементацијата на Програмата за економско јакнење на жени жртви на семејно насилство на целата територија на Република Македонија. Во Оперативниот план за вработување досега успешно се вклучени околу 60 жени.

Во рамките на економската програма, опфатени се жртви на семејно насилство со психосоцијални обуки, 235 жртви ги унапредија своите професионални вештини преку обуки за јакнење на кариера, а 237 претставниците на приватниот сектор се сензитивизираа за општествената одговорност на претпријатијата кон ранливите групи.

Со цел поголемо вклучување на жртвите на семејно насилство во програмите за вработување, обучени се 70 професионални структури од 30 Центри за социјална работа и 30 Центри за вработување за работа со жртви на семејно насилство.

На крајот од 2013година направена е анализа на состојбата со семејно насилство, врз основа на која се формираше Работна група за изготвување на посебен системски Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и истиот е донесен во септември 2014 година, со што значително ќе се унапреди националната легислатива во оваа област.

**Закон за социјална заштита.**

Со измените и дополнувањето на Законот за социјалната заштита во 2004 година („Службен весник на РМ„ број 65/04), како нови форми на вониституционална заштита, помеѓу другите предвиден е и Центар за лица-жртви на семејно насилство, кој може да биде основан како установа за социјална заштита или како организационен дел на соодветна установа. Центарот за лица жртви на семејно насилство обезбедува привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу шест

месеци со можност за продолжување за уште шест месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

За спроведување на законските надлежности, формирани се служби во Центрите за социјална работа за работа со жртви на семејно насилство. Формирана е мрежа од Засолништа за жртви на семејно насилство, како посебни организациони единици на центрите за социјална работа.

Спроведување на надлежностите на центрите за социјална работа во доменот на семејното насилство, подетално е уредено со *Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата-жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот*. Овој правилник има за цел ефикасно спроведување на фазите на откривање, проценка, планирање, третман и заштита, како и еваулација на преземените мерки.

Правилникот предвидува дека овие мерки се преземаат со цел да се спречи натамошно насилство, да ѝ се помогне на жртвата да ги надмине последиците од доживеаното насилство и да се создадат услови за нејзина интеграција во социјалната средина по завршениот третман. Центарот за социјална работа по добивање на сознанија за сторено семејно насилство, спроведува стручен третман со лицето-жртва на семејно насилство, по потреба остварува контакт и со неговите сродници и други лица, со цел да се определи најдобар облик на заштита и преземат соодветни мерки на заштита. Мерките за заштита се определуваат по извршената проценка на идентификуваните потреби за заштита на семејството и лицето-жртва на семејно насилство и тоа според видот, интензитетот, контекстот на случување на насилството, здравствениот и семејниот статус на лицето-жртва на семејно насилство, возраста, како и други околности, врз основа на кои се изготвува наод и мислење на стручен работник и стручен тим. Стручниот работник во центарот за социјална работа, по извршената проценка изготвува индивидуален план за работа со лицето-жртва на семејно насилство, согласно со добиените сознанија и неговите потреби за третман и заштита од семејно насилство, како и за преземање на други потребни мерки согласно со Законот за семејството. Индивидуалниот план содржи редослед на преземање на мерките за заштита, нивното времетраење, начин на следење и оцена на мерките на заштита од страна на одговорниот стручен работник од центарот за социјална работа, без оглед дали мерките за заштита се спроведуваат од центарот за социјална работа или друга соодветна установа, советувалиште и здружение на граѓани или се преземаат други мерки согласно со Законот за семејството. Овој правилник го разработува начинот на постапување на стручните лица во Центарот за социјална работа и преставува задолжителен акт за стручните лица.

Со правилникот е утврдена процедурата за сместување во центар за лица жртви на семејно насилство (шелтер центар). Сместувањето во центар за лица жртви на семејно насилство се презема како мерка за заштита во случај кога:

- За лицето жртва на семејно насилство е утврдено дека постои сериозна опасност и закана за животот и здравјето;
- При отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца;
- Се врши задолжителен лекарски преглед пред сместување на жртвата.

Во случај на згрижување во засолниште, стручниот тим изготвува поединечни наоди на стручните работници и наод и мислење на стручен тим и се изготвува решение за сместување. Писмено се известува командирот на полициската станица на чие подрачје е сместена жртвата, како и писмено се известува полициската станица во местото на живеење на жртвата дека истата е згрижена од страна на центарот за социјална работа.

По сместување на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица жртви на семејно насилство, стручните лица од центарот за социјална работа и стручните лица од центарот за лица жртви на семејно насилство ја продолжуваат постапката за преземање на натамошни мерки на заштита, во зависност од потребите за заштита и помош на жртвата.

Заводот за социјални работи, со цел за обезбедување на интердисциплинарната работа во центарот за социјална работа во насока на обезбедување на брза, ефикасна и ефективна помош, поддршка и заштита на жртвите на семејното насилство, изготви стандардни процедури кои содржат чекори за постапување на стручниоте лица за работа по предмети од семејно насилство.

Во системот на социјалната заштита се создаде основа различни субјекти да се јават како даватели на одредени услуги од социјална заштита. За прв пат е дадена можност здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита да се регистрираат во Регистар кој го води Министерството за труд и социјална политика, со цел одредени социјални услуги да им се делегираат со делумно финансирање од страна на Министерството. Постапката се спроведува преку објавување на јавен конкурс и потпишување на договор помеѓу избраното здружение на граѓани и Министерството за труд и социјална политика. Од делокругот на работите од социјална заштита, а кои се однесуваат на семејното насилство, на здружение на граѓани може да му се довери обавување на социјална услуга во дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар за жртви на семејно насилство, како и

спроведување на одредени мерки на заштита на жртвите на семејно насилство, согласно со Законот за семејството.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Организацијата на жените на град Скопје формираше Национална СОС линија за помош на жртвите на семејно насилство, која претставува 24 часовен сервис за информации и помагање на жртвите на семејно насилство, со финансиска поддршка на министерството.

Една од привремените мрки за заштита од семејно насислво која ја изрекува судот се однесува на задолжително упатување на насилникот во советувалиште, со цел за вклучување во програма за психосоцијален третман. За реализација на оваа мерка, отворено е првото Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство, во Скопје. Во ова советувалиште за сторители на семејно насилство се упатуваат со одлука на судот, но има и иницијални барања од страна на сторителите за вклучување во програмата.

Со оглед дека вакви советувалишта можат да се основаат од страна на државата, приватната иницијатива и од невладиниот сектор, донесени се:

- Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установата за социјална заштита-советувалиште за извршители на семејно насилство ("Службен весник на Република Македонија" бр.69/2012);
- Програма за работа психосоцијален третман на сторители на семејно насилство;
- Прирачник за психосоцијален третман на сторители.

За спроведување на оваа програма обучени се 14 професионалци за работа со сторители на семејно насилство и нивен психосоцијален третман.

**Национална стратегија за Семејно насилство**

Во функција на воспоставување сѐопфатен и ефикасен систем за заштита и превенција од семејно насилство во Република Македонија, на Седница на Владата на РМ на ден 15.04.2008 донесена е првата Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

Главна стратешка цел на оваа Стратегија е намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација, заради ефективно и ефикасно делување за справување со семејното насилство со обезбедување на единствен став и пристап.

Основни цели на стратегијата се:

- Воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство;
- Превенирање на појавата на семејно насилство преку воспитно образовниот процес;
- Едукација на професионални структури;
- Подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство;
- Унапредување на граѓанско-правниот систем на заштита;
- Унапредување на казнено-правниот систем на заштита;
- Воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите на семејно насилство, од страна на сите релевантни институции;
- Воспоставување на механизми за спроведувањето на стратегијата.

За спроведување на ефикасна помош, поддршка и заштита од семејно насилство, во доменот на зајакнување на капацитетите на стручните лица спроведени се следниве обуки:

- Обучени се 9 советници од Биро за развој на образованието и 20 фацилитатори на Алгоритам центар за спроведување и следење обуки за креирање сèопфатна програма за превенција на насилство во основните училишта во Р. Македонија;
- Обучени се училишни лидери во 20 основни училишта. Од секое училиште се избрани по 4 училишни лидери, со цел креирање на училишна политика која ќе промовира и поттикнува ненасилно однесување во училишната средина;
- Обучени се 559 професионалци од центрите за социјална работа, здравствените установи, воспитно-образовните установи, локалната самоуправа и граѓанските организации од 31 општина за мултиагенциска работа за борба против семејно насилство;
- 280 професионалци се обучени за употреба на изготвениот Заеднички Протокол за постапување на релевантните институции во случај на семејно насилство за стручни лица од центарот за социјална работа, полициски службеници, здравствството, суд и граѓански здруженија, во соработка со НВО секторот;
- 17 стручни лица од центарот за социјална работа Скопје, министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија се обучени за тренери за психо-социјална поддршка на жртви на семејно насилство;

- Обучени се 76 стручни лица во 25 центри за социјална работа во поглед на зајакнување на стручната работа за обезбедување на психо-социјална подршка на жртвите на семејно насилство;
- 30 стручни лица од центрите за социјална работа се обучени за стандардите на центрите за социјална работа во постапувањето со жртви на семејно насилство и обезбедување правна помош;
- 15 стручни лица од центарот за социјална работа, Завод за социјални дејности и Ззавод за ментално здравје се обучени за работа во советувалиште за деца и мајки жртви на семејно насилство;
- Во здравствениот сектор, 1980 здравствени работници (општи лекари, психијатри, педијатри, гинеколози и лекари од брза помош) се сензибилизирани за рана детекција и превенција од семејно насилство;
- 70 универзитетски кадри од 9 факултети: Социјална работа и политика, Педагогија, Психологија и Медицински факултет, Правен факултет, Институтот за социолошко политичко правни истражувања и Факултетот за Родови студии, Факултет за Високо образование на сестри, Факултет за безбедност се обучени за модулите на Светската здравствена организација за превенција на насилство;
- 14 професионалци се обучени за работа со сторители на семејно насилство и нивен психосоцијален третман;
- Во 5 општини отпочнато е со јакнење на капацитетите со цел развој на применлив модел за работа на Локалните превентивни центри: Струмица, Валандово, Штип, Крива Паланка, Кратово, Делчево, Берово;
- Со цел за поголемо вклучување на жртвите на семејно насилство во програмите за вработување, обучени се 70 професионални структури од центарот за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Македонија за работа со жртви на семејно насилство;
- 160 Полициски службеници, судии, обвинители и стручните лица од центрите за социјална работасе обучени за практичната примена на постапувањето во случај на семејно насилство и координирано преземање на законски мерки помеѓу центрите за социјална работа и полициските службеници преку спроведени 8 еднодневни обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи;
- 29 судии, 16 обвинители заедно со стручните лица од центрите за социјална работа, се обучени за воспоставување на координиран механизам помеѓу центрите за социјална работа и судовите за

клучните елементи на супервизија на родителските права за заштита на децата од семејно насилство.

Во тек е имплементација на Националната стратегија за спречување на семејно насилство 2012-2015, кој документ претставува континуитет на напредокот и постигнатите цели на претходната Национална стратегија 2008 – 2011. Основна стратешка цел на Стратегијата за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 е: Унапредување на мерките за превенција, широко препознавање и подобрена заштита на жртвите на семејно насилство преку координиран мултисекторски пристап на национално и локално ниво. Основната стратешка цел се имплементира преку пет стратешки области и соодветните активности, и тоа: спречување, заштита, помош и поддршка на жртвите, гонење на сторителите, мултисекторска соработка и подигање на институционалните капацитети и специјализираниоте служби и мплементација, следење и евалуација.

Клучни подрачја на делување за имплементација на стратешките мерки и активности на Стратегијата 2012-2015, се во насока на:

- Донесување на нова правна и институционална рамка за справување со сите видови на семејно насилство и категориите на жртви, со посебен акцент на ранливите категории на жртви, а особено мултиплицираната ранливост како резултат на возраст (и стари лица), пол, инвалидитет и било кое друго својство кое во македонскиот контекст генерира мултиплицирана ранливост;
- Усовршување на постоечките механизми за спречување и заштита од семејно насилство и нивно континуирано развивање и надополнување во согласност со најновите меѓународни и регионални стандарди;
- Воспоставување на постојан национален координиран систем за следење и евалуација на имплементацијата на стратешките политики (Постојано национално координативно тело);
- Унапредување на соработката и координацијата меѓу централното ниво и локалните актери во спречување и сузбивање на семејното насилство;
- Развивање на стандардизирани индивидуални пакети на мерки за превенција и помош на жртвите кои ги адресираат нивните индивидуални потреби;
- Унапредување на реинтеграцијата на жртвите во сите сфери на општеството;
- Унапредување на истрагите и кривичното гонење со доследно препознавање на правата на жртвите и нивен третман во казнено-правниот систем;

- Стандардизација и проширување на достапноста на мерките за помош и поддршка на жртвите, како и мерките за третман на сторители;
- Зголемена координираност на казненоправниот систем како целина и на системот на социо-здравствена заштита на жртвата, но и нивна меѓусебна координираност и надополнување.

Во периодот 2010 -2014 година, состојбата со жртви на семејно насилство на теритиоријата на РМ е следна:

| | 2010 година | 2011 година | 2012 година | 2013 година |
|---|---|---|---|---|
| Нови случаи | 651 | 733 | 854 | 801 |
| Полова структура | | | | |
| Жени | 525 | 576 | 657 | 598 |
| Мажи | 85 | 93 | 116 | 104 |
| Деца | 41 | 64 | 81 | 99 |
| Состојба/Статус | | | | |
| Вработени | 294 | 269 | 246 | 226 |
| Невработени | 318 | 362 | 464 | 455 |
| Пензионери | 39 | 102 | 144 | 120 |
| Националност | | | | |
| Македонска | 458 | 577 | 668 | 643 |
| Албанска | 90 | 69 | 74 | 65 |
| Ромска | 60 | 51 | 67 | 54 |
| Друга | 43 | 36 | 45 | 39 |
| Вид на насилство | | | | |
| Физичко | 339 | 512 | 610 | 539 |
| Психичко | 395 | 509 | 535 | 660 |
| Економско | 2 | 6 | 9 | 15 |
| Сексуално | 3 | 2 | 3 | 5 |
| Доставени предмети до суд | 158 | 251 | 310 | 212 |
| Изречени мерки | 137 | 183 | 223 | 189 |
| Сместување во засолниште | 25 | 27 | 42 | 33 |

Извор: Министерство за труд и социјална политика на РМ

**Кривичен законик**

Со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ„ бр.19/2004) се пристапи кон вградување на одредби за семејното насилство во постојниот Кривичен законик. Според Кривичниот законик (КЗ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009, 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012 и 166/2012), под семејно насилство се подазбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи (чл. 122, т.21).“

Дефиницијата во КЗ ги утврдува видовите на семејно насилство, дејствијата на извршување, предизвиканата последица, својството на сторителот и објектот на заштита.

Кривичниот законик разликува 9 кривичните дела коишто експлицитно го инкриминираат како отежнителна околност дејствието на извршување на основното дело кога е сторено при вршење на семејно насилство, и тоа:

- Убиство, член 123, став 2,т.2;
- Убиство на миг, чл.125;
- Телесна повреда, член 130, став 2;
- Тешка телесна повреда, член 131, став 2 и 6;
- Присилба, член 139, став 2;
- Противправно лишување од слобода, член 140, став 2;
- Загрозување на сигурноста, член 144, став 2;
- Полов напад врз малоленитк кој не наполнил 14 години, член 188, став 2;
- Посредување во вршење проституција, член 191, став 4,

како квалифицирани облици на основните кривични дела.

## 3. Економска заштита

Економската заштита на материјално необезбедените семејства и социјално исклучените лица, се обезбедува преку ситемот на социјалната

заштита.

Законот за социјалната заштита ја дефинира социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и стареење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија; и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Услугите и мерките во системот на социјалната заштита се остваруваат како право на парична помош од социјална заштита, вонинстиуционална или институционална заштита. Системот на социјалната заштита континуирано се реформира со цел да се унапреди заштитата согласно потребите на најранливите категории на граѓани.

Со основниот текст на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), граѓаните во социјален ризик можат да ги остварат следните права на парична помош од социјална заштита:

- социјална парична помош,
- постојана парична помош,
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа,
- парична помош на мајка која родила четврто дете,
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- еднократна парична помош и помош во натура,
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот,
- парична помош за социјално домување и
- правото на здравствена заштита.

Со овој пропис, а заради спречување и намалување на социјалниот ризик за граѓаните, создадена е законска основа Владата на Република

Македонија да може да донесува програми за мерки за субвенционирање на потрошувачката на енергија и други комунални услуги, условени парични давања и други мерки за спроведување на програмите кои се носат согласно со овој закон, а со кои подетално се утврдуваат корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр 36 /11 ), се воведува ново право како паричен додаток за слепило и мобилност. Со ова право се обезбедува на слепите лица да им овозможи поголемо задоволување на нивните потреби кои што се поврзани со слепилото и посебен додаток за мобилност за лицата со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој коишто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволат основните животни потреби и за лицата со 100% телесена попреченост за нивна подобра мобилност, а со цел да се обезбеди полесно социјално вклучување за овие лица.

Со Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/11 од 13.04.2011 година) се овозможи лицата кои користат право на додаток за мобилност или слепило да имаат право на придружник доколку се наоѓаат на болничко лекување во јавна здравствена установа, при што средставата за сместување и исхрана на придружникот во установата се на товар на Министерството за труд и социјална политика.

Со Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен Весник на Република Македонија" бр.166/12) се создава основа Владата на РМ да донесува посебна програма со која ќе се врши вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа. Со овој пропис се врши зголемување на на висината на правото на социјална парична помош за 5%. При тоа, како основица се зема утврдениот износ на основицата за исплата на ова право во 2009 година, усогласена со порастот на трошоците на живот објавени од Државниот завод за статистика во јануари 2012 година. Воедно се изврши прецизирање и правилно усогласување со порастот на трошоците на живот на висината на правото на социјална парична помош.

Со Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен Весник на Република Македонија" бр. бр.15/13 ) се врши покачување на висината на правото за студирање од 9.000ден. на 12.000ден, за лицата кои користат социјален стан под закуп, односно од 18.000 ден. на 24.000 денари, за лицата кои не користат ваков стан, со цел за поголем стимул на лицата кои имале статус на дете без родители и родителска грижа да го продолжат високото образование.

Со Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен Весник на Република Македонија" бр. бр.79/13) се прошируваат видовите на згрижувачки семејства и тоа како општо,

специјализирано, интервентно и привремено згрижувачко семејство. Се определуваат работите кои ги врши секој вид на згрижувачко семејство, како и начинот на избор на обликот и видот на згрижувањето и се уредуваат договорните односи помеѓу центарот за социјална работа и згрижувачкото семејство и се уредува висината и начинот на надоместокот на трошоците за сместеното лице притоа се дополнуваат правата на парична помош од социјална заштита со **ново право** на парична помош за згрижувач. Со овој пропис се уредува можноста за корисник – плодоуживател на земјоделско земјиште во државна сопственост, доколку по истекот на две години на користење на земјоделското земјиште го раскине договорот за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост на плодоуживање поради нерентабилно и неекономично работење, да поднесе барање за остварување на право на социјална парична помош. Заради зголемување на можноста за работно ангажирање на корисниците на социјална парична помош на јавни работи, се зголеми периодот на ангажирање на овие корисници до 90 дена во една календарска година. Воедно, се обезбедува сигурност за ангажираните работници, преку нивно задолжително осигурување од организаторот на работата по основа на инвалидност и телесно оштетување, за повреда на работа или професионална болест. Организаторот на работата со корисникот на социјална парична помош потпишува договор за вработување, а за периодот на ангажирањето правото на социјална парична помош мирува.

Со Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр.187/13) се подобри социјалната заштита за тотално глувите лица кои што се со потполно згасната слушна перцепција со воведување на **ново право на додаток за глувост,** во номинален месечен износ од 4.000 денари, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година, а средствата за негова реализација да се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Правото на додаток за мобилност се обезбедува и за лицата со квадриплегија над 26-годишна возраст, чијшто вид и степен на попреченост е утврдена со наод, оцена и мислење на надлежен стручен орган. Воедно, се овозможува правото на мобилност и слепило да го користат и лицата кои се згрижени во установа за социјална заштита, со решение на центар за социјална работа.

Се воведува **ново право на парична помош**, кое може да го оствари самохран родител којшто ќе се грижи за своето дете кое што има пречки во развојот во континуитет од 15 години, без истото да биде сместено во установа за социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по навршени 62 години на живот (жена) односно 64 години на живот (маж), а висината на паричниот надоместок ќе изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година.

Трендот на зголемување на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош продолжи со донесување на овој пропис, така што висината за овие права се зголеми за 5%, сметано од 1 март 2014 година.

## 1. Парични права од социјална заштита

### 1.1. Социјална парична помош

Правото на социјална парична помош се остварува согласно одредбите од член 45 до член 56 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош („Сл. Весник на РМ„ бр.54/13).

Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција. Како домаќинство се подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат. Висината на социјалната парична помош за носителот на правото изнесува 2.334 денари. За секој следен член на домаќинството основицата се зголемува за коефициент 0,37, а најмногу до пет члена.

Висината на социјалната парична помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се со негативен предзнак, не се врши усогласување на основицата. Правото на социјална парична помош се исплатува како разлика помеѓу утврдениот износ на социјалната парична помош и вкупните приходи по сите основи на сите членови на домаќинството.

### 1.2 Постојана парична помош

Правото на постојана парична помош се остварува согласно одредбите од член 57 до член 67 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Сл. Весник на РМ„ бр.58/2013).

Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи. Неспособно за работа во смисла на овој закон се смета лице:

- со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и лице со комбинирани и други пречки во развојот, кое заради степенот на попреченоста не може да се стекне со образование, како и лице со телесна попреченост, поради која е неспособно за работа;
- лице душевно заболено и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради која е неспособно за работа;
- самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител согласно со Законот за семејството до три години возраст на детето;
- дете без родители и без родителска грижа кое не се штити врз основа на правото на сместување, кое нема приходи по основа на имот и имотни права и не остварува средства по основа на други прописи, но најмногу до 18 годишна возраст; и
- лице постаро од 65 години.

За материјално необезбедено лице се смета лице кое нема приходи или чии приходи по сите основи по член на семејство се помали од 5.000 денари, усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

### 1.3. Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа

Согласно член 68 и 69 од Законот за социјална заштита заради поуспешна ресоцијализација на децата без родители и родителска грижа по нивното напуштање на установите и згрижувачките семејства, е утврдено овие деца да остваруваат право на парична помош во висина од 4.000 денари односно, 5.600 денари доколку се на редовно школување.

Согласно член 69-а од Законот за социјална заштита лица кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и родителска грижа, под услов да се запишани како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи (прв и втор степен на студии и докторски студии) остваруваат право на парична помош за студирање. Висината на паричната помош за студирање изнесува 12.000 денари, односно 24.000 денари, во зависност од тоа дали лицето користи социјален стан под закуп. Ова право се воведе со цел да се поттикне оваа категорија на лица да го заокружат

своето образование, како би се олеснило нивното вклучување во социјалната средина и нивно полесно вработување.

### 1.4. парична помош на мајка која родила четврто дете

Право на парична помош има мајка која родила четврто живородено дете од 1 јануари 2009 година. Правото го остварува мајка која се грижела за децата до нивната 18 годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот. Правото не може да се оствари доколку на мајката и било одземено родителското право над едно од децата. Висината на паричната помош за ова право изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

### 1.5. Парична помош на згрижувач

Право на парична помош за згрижувач има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку пет години, по наполнување на 62 годишна возраст, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа. Правото не може да се оствари доколку центарот еднострано го раскинал договорот за сместување на корисници со згрижувачот. Висината на паричната помош за згрижувачот изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

### 1.6. Паричен надоместок за помош и нега од друго лице

Правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице се остварува согласно член 72 до член 78 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго. Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице. Потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем има лице со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот,

самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги обавува основните физиолошки потреби.

Потреба од помош и нега од друго лице во помал обем има лице со умерени пречки во менталниот развој и лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби.

Потреба од помош и нега од друго лице, има и лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги задоволи основните животни потреби.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем изнесува 4.185 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 3.702 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

### 1.7. Еднократна парична помош и помош во натура

Еднократна парична помош и помош во натура се остварува согласно член 79, 80 и 81 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на остварување на правото на правото на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право. Еднократна парична помош и помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 30.000 денари, и тоа:

- За задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија и смрт на член на семејството;
- На семејство чиј член е корисник на земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на државата, во моментот на склучување на договорот за плодоуживање согласно со прописите;
- Лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство; и
- Станбено необезбедено лице- корисник на постојана парична помош, како помош во обезбедување на нужно сместување.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на членот на семејството кое е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост, кое согласно со Законот за социјална заштита би можело да оствари право на сместување во установа за социјална заштита, како и за потребите на лице-жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 4.500 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик кој не остава трајни последици, а е неопходно социјално и материјално обезбедување на лицето.

Износот на еднократната парична помош изнесува 180.000 денари за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на 18-годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина.

Еднократната парична помош се остварува во надлежниот центар за социјална работа, а во итни и неодложни случаи министерот може да донесе решение за доделување еднократната парична помош.

### 1.8. Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, се остварува во центарот за социјална работа.

Висината на надоместокот на плата изнесува 4.800 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Придонесите и другите обврски се пресметуваат и наплатуваат согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Социјалните придонеси ќе се пресметуваат и плаќаат согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

### 1.9. Додаток за слепило и мобилност

Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице со навршени 26 години, а правото на додаток за мобилност се обезбедува за лице со навршени 26 години, со 100% телесен инвалидитет кое самостојно

користи инвалидска количка или лице со квадриплегија или со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој кое користи инвалидска количка со придружник, поради создавање на услови за изедначување на нивните можности за вклучување во секојдневниот живот во заедницата на овие лица. Месечниот износ на додатокот изнесува 7.000 денари, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и истиот се обезбедува од Буџетот на Република Македонија.

Додаток за слепило и мобилност не можат да остварат лицата, ако користат право на цивилна или воена инвалиднина, согласно со закон.

Правото на додаток на слепило и мобилност се остварува врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје). Во постапка по жалба против решението на центарот одлучуваат тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје) кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен.

Доколку лицата кои го користат овој додаток се наоѓаат на болничко лекување во јавна здравствена установа имаат право на придружник, при што средставата за сместување и исхрана на придружникот во установата се на товар на Министерството.

Право на додаток на слепило и мобилност може да оствари лице чиј годишен нето приход по сите основи изнесува најмногу до вкупниот годишен износ на просечни нето месечни плати исплатени за секој месец за претходната година.

### 1.10.Додаток за глувост

Правото на додаток за глувост се обезбедува за тотално глуво лице со навршени 26 години коешто има потполно згасната слушна перцепција и истото не може да ги задоволи своите животни потреби без толкувач на знаковен јазик. Правото на додаток за глувост се остварува врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје).

Во постапка по жалба против решението на центарот одлучуваат тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетските клиники во Скопје) кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен.

Право на додаток за глувост може да оствари лице чиј годишен нето приход по сите основи изнесува најмногу до вкупниот годишен износ на просечни нето месечни плати исплатени за секој месец за претходната

година. Месечниот износ на додатокот за глувост изнесува 4.000 денари, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година и истиот се обезбедува од Буџетот на Република Македонија.

### 1.11. Право на парична помош на самохран родител кој има дете со пречки во развојот

Правото на парична помош го остварува самохран родител кој се грижел за детето до неговата 26 годишна возраст, во континуитет од наредните 15 години, без истото да биде сместено во установа за социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж. Правото не може да се оствари доколку на самохраниот родител му било одземено родителското право над детето.

Висината на паричната помош на самохран родител кој има дете со пречки во развојот изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

### 1.12. Социјално домување

Согласно член 83 од Законот за социјална заштита децата без родители и родителска грижа имаат право и на парична помош за социјално домување, кое се обезбедува на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст. Правото на парична помош за социјално домување, се остварува на начин што ќе овозможи закупнина на индивидуален стан или негов дел, во висина од 4000 до 8000 денари кон кои се додаваат и средства за комунални трошоци во висина од 1.500 денари до 2.500 денари, зависно од бројот на членовите во семејството; парична помош за санација, адаптација и реконструкција на сопствен имот; и парична помош како надомест за сместување во студентски дом.

### 1.13. Здравствена заштита

Право на здравствена заштита имаат корисниците на:

- постојана парична помош,
- лица сместени во згрижувачко семејство,
- лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита),
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице,

- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош,
- лице - жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со Законот за семејството и лице - жртва на трговија со луѓе,
- лице опфатено со организирано живеење со поддршка.

Корисниците остваруваат право на здравствена заштита, ако не можат да се осигураат по друга основа.

**Корисници на права на парична помош од социјална заштита**

| | Вкупен број на корисници | Вкупен број на корисници | Вкупен број на корисници | Вкупен број на корисници |
|---|---|---|---|---|
| Година | Социјална парична помош | Туѓа нега | Постојна парична помош | Еднократна парична помош |
| 2005 | 68,621 | 22,550 | 5,269 | |
| 2006 | 66,243 | 20.500 | 4,981 | |
| 2007 | 66,623 | 18.410 | 5,010 | |
| од 01/08 до 12/08 2008 | 57,555 | 19,640 | 5,222 | |
| од 01/09 до 12/09 2009 | 52,684 | 19,994 | 5,494 | 1,844 |
| од 01/10 до 12/10 2010 | 50,611 | 22,368 | 5,687 | 469 |
| од 01/11 до 12/11. 2011 | 45,017 | 22,380 | 5,700 | 738 |
| од 01/2012 до 05/2012 | 37,312 | 25,444 | 5,723 | 892 |

Извор: Министерство за труд и социјална политика

Во обласа на социјалната заштита, во текот на извештајниот период се преземаа мерки за намалување на сиромаштијата на социјално

најзагрозените домаќинства, мерки за унапредување на заштитата на особено ранливите групи на граѓани, натамошно унапредување на вонинституционалната заштита и јакнење на капацитетите за обезбедување на социјалните услуги за граѓаните. Во оваа насока, а врз основа на следењето на остварувањето на социјалната заштита согласно потребите на граѓаните, подготвени и усвоени се неколку измени и дополнувања на Законот за социјална заштита.

Висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош, континуирано се зголемува еднаш годишно за 5%, сметано од 2013 година. Покрај тоа, се презедоа мерки за подобрување на заштитата на лицата во ризик од социјална исклученост, со воведување на нови парични права од социјална заштита и тоа:

- право на додаток за глувост за лицата со изгубен слух, како и воведување на категоријата лица со квадриплегија во остварувањето на постојното право на додаток за мобилност, со цел да се подобрат условите за социјално вклучување на овие лица;
- парична помош на самохран родител кој што ќе се грижи за своето дете со пречки во развојот во континуитет од 15 години без да биде сместено во установа за социјална заштита, со цел да се обезбеди социјалната сигурност за родителот, доколку е невработен и не користи право на пензија.

Во овој период се презедоа и конкретни мерки кои имаат за цел да овозможат поголемо вклучување на корисниците на социјалната парична помош на пазарот на труд:

- Се подготви и се отпочна со спроведување на Програма за субвенционирање на вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13), за субвенционирано вработување на 125 невработени лица - корисници на социјална парична помош, при што работодавачот за секое вработено лице добива субвенција за бруто плата во износ од 14.000 денари месечно, за период од 6 месеци, како и 3.000 МКД месечно за покривање на трошоците за обука и материјали. Обврска на работодавачот е да го задржи на работа вработеното лице најмалку уште 6 месеци по користењето на субвенцијата, т.е. вкупно 12 месеци;
- Со измени во Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ“ бр.38/2014) и измени во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“ бр.39/2014) се воведе мерка за субвенционирање на работодавачите во приватниот сектор кои ќе вработат невработени лица-приматели на социјална парична помош. Субвенцијата на работодавачот за вработеното лице е во висина

од 80% од социјалната парична помош исплатена на лицето/домаќинството и се исплаќа во период од 24 месеци, со обврска работодавачот на вработеното лице да му исплатува најмалку минимална плата утврдена со закон.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2012/2013 година успешно се реализираше со опфат на 7.200 корисници, ученици од домаќинства - корисници на социјална парична помош. Оваа мерка продолжи со имплементацијата на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за тековната учебна 2013/2014 година.

Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош се реализираше во текот на 2013 година. Во овој период со субвенции се стекнаа 7,331 домаќинства, на кои им се исплатени вкупно 48,139 месечни субвенции во износ од 700 денари, по доставени платени сметки за потрошена енергија. Во јануари 2014 година се донесе и Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2014 година (објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2014). Со Програмата се утврдени условите и начинот на субвенционирањето на потрошувачката на енергија (електрична енергија, огревно дрво, јаглен, екстра лесно масло/нафта за домаќинства и централно греење) во текот на 2014 година. Корисници на Програмата се домаќинствата - корисници на правото на социјална парична помош и постојана парична помош.

Со реализација на Програма Д-10 за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа, во текот на 2013 година се вработија 83 лица.

Во изминатиот период се презедоа и конкретни мерки за овозможување на поголема достапност на социјалната работа и социјалната заштита до сите граѓани, особено до оние кои живеат во руралните средини и во населени места кои се надвор од седиштето на Центарот за социјална работа. За оваа цел, во согласност со направената анализа на потребите на граѓаните, обезбедните просторни услови и расположивиот стручен кадар, се реализираше Акционен план за отварање на нови дисперзирани одделенија во центрите за социјална работа, при што заклучно со декември 2013 година се отворија 14 вакви одделенија во општини надвор од седиштето на центарот. Со претходно отворените 18 подрачни одделенија за непосредна социјална работа до 2012 година, во системот на социјалната заштита се отворени вкупно 32 подрачни одделенија, како посебни организациони единици во рамките на центрите за социјална работа.

Покрај тоа, во периодот септември-ноември 2013 година, се реализираше и проектот „Отворени денови за социјална заштита во

рурални средини“, со кој се овозможи приближување на социјалната заштита и социјалната работа до жителите во руралните средини, се обезбеди подобра превенција и рано откривање на изложеноста на социјален ризик, како и навремена интервенција од страна на центрите за социјална работа. Во рамки на овој проект се опфатија 662 рурални средини во 75 општини на територија на Републиката, со учество на околу 3,850 граѓани од овие средини, при што на организираните средби жителите беа непосредно информирани за правата и услугите од социјалната заштита и им беа давани конкретни стручни совети и упатства за остварување на одредено право од социјалната заштита.

Врз основа на извршената еваулација на постигнатите ефекти од спроведениот проект во текот на 2013 година, организирањето на вакви „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини“ продолжи во текот на 2014 година (февруари-мај и септември-декември)

Паралелно, продолжија и континуираните активности за зајакнување на капацитетите на стручните лица во системот на социјална заштита. Комисијата за лиценцирање по извршените проверки на примената на стручното знаење во практичната работа, до крајот на 2013 година издаде 771 лиценца за работа на стручни работници во установите за социјална заштита. Успешно се реализира Програмата за континуиран професионален развој на стручните лица во системот на социјална заштита, во рамките на која беа спроведени обуки за вкупно 432 вработени во установите за социјална заштита, а беа изготвени и стандарди и процедури за постапување на стручните лица во центрите за социјална работа за давање на услуги од социјална заштита.

Во првиот квартал на 2014 година, Програмата за континуиран професионален развој на стручните лица во системот на социјална заштита, се реализираше со организирање на обуки за работа со семејство, со деца, вклучително и работа со деца на улица за вкупно 118 вработени во установите за социјална заштита.

Во делот на реализација на Оперативниот план за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, меѓу другото, се спроведоа активности насочени кон јакнење на капацитетите на локалните самоуправи за развој на социјални услуги на локално ниво, при што во неколку општини се спроведе обука за врботените во општинската администрација, центрите за социјална работа и невладиниот сектор за мапирање на категории на граѓани изложени на социјални ризици, утврдување на нивните потреби и достапните ресурси во локалната заедница, воспоставување на координирана соработка помеѓу сите релевантни субјекти и формирање на координативни тела за социјална заштита итн.

Со воспоставување на електронска евиденција на корисници на парични права и услуги од социјална заштита во центрите за социјална

работа, Заводот за социјални дејности и Министерството за труд и социјална политика, се поедноставија административните процедури, осбено преку воспоставен систем на размена на информации по службена должност со институциите кои водат бази на податоци, потребни во постапките за остварување на парични права од социјална заштита. Имено, потребните податоци за корисниците ги обезбедуваат центрите за социјална работа по службена должност, преку размена на податоци и со Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Управата за јавни приходи на Република Македонија, Агенцијата за финансиска поддршака на земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за катастар на недвижен имот на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Со основниот текст на Законот за заштита на децата, донесен во 2000 година, е уредена материјата која се однесува на заштитата на децата. Во овој закон направени се неколку измени и дополнувања и тоа: во 2003 година, во 2004 година, во 2005 година, а во 2008 година измени и дополнувања во истиот се направени во функција на обезбедување на имплементација на Стратегијата за демографски развој во Република Македонија 2008-2015 година (со кој се востанови ново право родителски додаток за дете /за второ, трето и четврто дете/, а правото за помош и опрема на новороденче се трансформира во право еднократна парична помош за новороденче, во чие остварување не влијае материјалната состојба на семејството). Во 2009 година измените и дополнувањата содржани во овој закон се во насока на осовременување односно на прилагодување кон современите текови во општеството. Заради потребата, заштитата на децата воопшто, но и во одделни случаеви во животот, да се подигне на повисоко ниво, во законот се вградени поголем дел од определбите од Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, други соодветни конвенции, протоколи и други документи. Со Законот се уредува системот и организацијата за заштитата на децата, како дејност од јавен интерес.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата (член 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13).

Во законот се дава и дефиниција на поимот дете при што како дете во смисла на овој закон се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот. По исклучок при остварувањето на детски додаток како дете се смета лице до наполнети 18 години живот и доколку лицето кое е на училишна возраст се наоѓа на редовно школување (член 11).

Согласно Законот, заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

Права за заштита на децата, согласно член 6 од Законот за заштита на децата, се:

1) детски додаток;
2) посебен додаток;
3) еднократна парична помош за новороденче;
4) родителски додаток за дете; и
5) партиципација.

Овие права под услови утврдени со овој закон ги обезбедува државата. Законот дава можност поголем обем на правата да може да обезбеди општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори, а советот на општината, советот на општината на Градот Скопје и Советот на Градот Скопје ги утврдува начинот и поблиските критериуми за остварување на правата за заштита на децата.

<u>Детски додаток</u>

Детски додаток е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето (член 21).

Со член 22 од Законот утврдено е дека „Право на детски додаток се обезбедува на дете, државјанин на Република Македонија, кое е на редовно школување во Република Македонија. Правото на детски додаток може да го оствари еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него (во натамошниот текст: корисникот) под услови утврдени со овој закон. Корисникот треба да биде државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија последните три години пред поднесување на барањето. Корисникот правото на детски додаток може да го оствари само по еден основ.“ Оваа одредба е со одложна примена и ќе се применува по влезот на Република Македонија во ЕУ. До влезот на Република Македонија во ЕУ во примена ќе биде член 16 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр. 98/00,17/03, 65/04,113/05,98/08 и 107/08) каде е утврдено дека право на детски додаток остварува еден од родителите на детето, државјанин на Република

Македонија со постојано место на живеење во Републиката, за дете државјанин на Република Македонија и на редовно школување во Републиката, ако родителот е: вработен во трговско друштво, јавно претпријатие, јавна установа, установа и друго правно лице кое врши стопанска дејност и друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единица на локална самоуправа и друго домашно и странско физичко лице и правно лице кое вработува работници, со најмалку половина од полното работно време, односно со него изедначеното работно време; корисник на правата од пензиско и инвалидско осигурување, според одредбите на Законот за пензиско и инвалидско осигурување; невработено лице кое прима паричен надоместок; корисник на постојана парична помош; воен инвалид и корисник на семејна инвалиднина; земјоделец - обврзник на данок од приход кој врши земјоделска дејност како единствено и главно занимање и занаетчија кој врши стари занаети и занаетчија кој врши занаетчиски дејности кои се дефицитарни.

По исклучок ако родителот или член на неговото семејство е сопственик на деловен простор, основач на трговско друштво или установа, не може да оствари право на детски додаток за дете.

Странски државјанин кој има живеалиште на територијата на Република Македонија може да оствари детски додаток за дете согласно Законот за заштита на децата и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија (член 23).

Детскиот додаток се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството (член 24).

Право на детски додаток се обезбедува на дете до наполнување на 18 години живот и доколку детето од училишна возраст е на редовно школување и тоа: на дете кое е редовен ученик во основно училиште до завршувањето на школувањето за толку години колку што трае редовното школување, заклучно до 31 август во годината; и на дете кое е редовен ученик во средно училиште, за секоја учебна година заклучно со 31 август во годината но најдолго до наполнување на 18 години живот.

На дете на кое му престанало својството на редовен ученик не му следува детски додаток и правото му престанува од првиот ден на наредниот месец по престанување на тоа својство.

Дете кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа пред наполнети 15 години од животот или за време на редовното школување, има право на детски додаток за време на траењето на неспособноста на детето, но најдолго до 18 години живот. Како наполно и трајно неспособно за работа се смета и дете на кое му е признато право на работно оспособување се до негово успешно завршување, но најдолго до наполнување на 18 години живот.

По исклучок право на детски додаток има дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон.

Детски додаток следува за децата кои родителот ги издржува и тоа за деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, како и за внуци, браќа, сестри и за други деца земени на издржување.

За децата земени на издржување, детски додаток следува и кога тие имаат родители, ако: родителите им се наполно или трајно неспособни за работа; се на издржување казна затвор; им е одземено родителското право и родителите се на редовно школување.

За деца земени на издржување детски додаток следува во случај кога и родителите и децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат.

Детски додаток следува и за дете кое е без родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство.

Детски додаток не следува: за дете кое поради воспитување, школување или оспособување е во завод или установа во кои целосно бесплатно е згрижено за време додека е во заводот или установата; и за дете државјанин на Република Македонија за кое родителот остварил право на детски додаток согласно со прописите на друга држава.

Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на приходите кои ги остварува семејството и бројот на членовите на семејството.

Приходи врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се сметаат приходите остварени по сите основи на сите членови на семејството како приход на семејството, и тоа:

1. плата и надоместоци на плата (намалени за придонесите утврдени со закон );
2. пензиски примања согласно со закон;
3. паричен надоместок за невработени лица;
4. постојана парична помош;
5. социјална парична помош;
6. приходи по основ на: имот и имотни права; по основ на вршење самостојна дејност, по основ на вршење занаетчиска дејност и други на данок подложни приходи (од авторски права, права од индустриска сопственост, договор за дело, вештачење, повремени приходи);
7. приходи по основ на вршење земјоделска дејност кој претставува катастарски приход кој служел како основица за утврдување на данокот од приход од земјоделска дејност;

8. приходи по основ на привремена работа во странство;
9. примања остварени во странство на работници деташирани во странство;
10. алиментација и стипендии;и
11. цивилна инвалиднина.

Како приход не се сметаат: посебен додаток, надоместоци за телесно оштетување, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, еднократна парична помош, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, приходите на згрижувачкото семејство, паричен надоместок за трошоците за згрижено лице во згрижувачко семејство, помош во случај на елементарни непогоди, субвенции по основ на вршење на земјоделска дејност како единствено занимање и алиментација која ја дава родителот за издршка на детето од разведен брак.

При утврдување на правото на детски додаток, вкупно остварените приходи во претходната година од точките 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10 и 11 и вкупно остварените приходи од претпретходната година од точките 6 и 7 на сите членови на семејството поединечно се собираат и се делат со 12, односно на онолку месеци за колку се остварени. Просечните месечни приходи на семејството се делат со бројот на членови на семејството.

Семејство во смисла на овој закон (член 28) го сочинуваат брачните, односно вонбрачните другари, децата родени во брак, вон брак или посвоени, посиноци, внуци без родители земени на издржување и малолетни браќа и сестри (доколку немаат родители и се без средства за егзистенција), кои сочинуваат заедница на живеење, стопанисување и трошење.

За член на семејство не се сметаат: лицата на кои државата им обезбедила целосно бесплатно издржување, кои престојуваат најмалку шест месеци во странство или се наоѓаат на издржување на казна затвор.

Право на детски додаток има дете во семејство чии приходи по сите основи по член на семејство изнесуваат до 2.490 денари, а за дете на самохран родител изнесуваат до 4.980 денари. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Висината на детскиот додаток изнесува:

- за дете од предучилишна возраст и за дете ученик во основно училиште 716 денари;
- за дете ученик во средно училиште до наполнување на 18 години живот 1.136 денари.

За децата наполно и трајно неспособни за работа, висината на детски додаток се определува на следниот начин:

- за дете наполно и трајно неспособно за работа до навршени 15 години живот 716 денари;
- за дете наполно и трајно неспособно за работа над 15 години живот до наполнување на 18 години живот 1.136 денари.

Вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото изнесува 1.800 денари.

Износите на висините и вкупниот месечен износ се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Посебен додаток

Со член 32 став (1) од Законот е уредено дека посебен додаток како паричен надоместок се обезбедува за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.

Дете со пречки во развојот и со специфични потреби во смисла на овој закон (член 33) е дете со: тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој; умерена, тешка или длабока ментална попреченост; најтешки облици на хронични заболувања; најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице; практично глуво и тотално глуво лице; лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам, лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор) и повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

Право на посебен додаток има еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, со постојано место на живеење во Република Македонија, ако е детето државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата (член 34 став 1).

Новина во овој дел од Законот е овозможувањето користење на правото на посебниот додаток на лицата со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, кое има дете со пречки во развојот и со специфични потреби (34 став 2), оваа одредба е со одложно дејство, по влезот на Република Македонија во Европската унија (член 241 од овој закон).

Висината на посебниот додаток изнесува 4.202 денари.

Износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Еднократана парична помош за новороденче

Согласно членот 36 од Законот се обезбедува право на еднократна парична помош за новороденче, кое се обезбедува на семејството за прво новородено дете. За прво новородено дете се смета дете кое е прво живородено дете по ред на раѓање на мајката. За прво новородено дете ќе се сметаат и децата кога мајката при првото раѓање ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).

Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.

Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 4.829 денари.

Износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Родителски додаток за дете

Правото на родителски додаток го остварува мајка која непосредно се грижи за детето за кое поднела барање, чии деца од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување и на која не ѝ е одземено родителското право над децата од претходниот ред на раѓање.

Правото не може да се оствари ако мајката за време на бременоста не вршела здравствени прегледи и контроли кај избран лекар-специјалист по гинекологија и акушерство.

Правото не може да се оствари односно ќе го изгуби веќе оствареното право, доколку: не се вршат задолжителните вакцинации на детето согласно со закон  и детето не биде запишано и редовно не ја следи наставата во основно училиште согласно со закон.

По исклучок правото на родителски додаток се остварува и за детето:

- кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон и кое поради степенот на попреченоста не може да се образува согласно со закон;

- ако мајката во моментот на поднесувањето на барањето живее и работи во странство.

Во случај мајката да не е жива, да го напуштила детето, или од оправдани причини да е спречена непосредно да се грижи за детето, правото наместо мајката може да го оствари таткото или старателот доколку ги исполнува погоренаведените  услови.

Оправдани причини се: подолготрајно континуирано болничко лекување на мајката; сериозно нарушена здравствена состојба на мајката; студиски престој, усовршување и специјализација на мајката; и одземена деловна способност на мајката.

Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048 денари. Износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Редоследот на раѓањата на децата кај правото на родителски додаток за дете се утврдува спрема бројот на живи деца на мајката утврдени во однос на денот на поднесување на барањето за остварување на правото на родителски додаток за дете, спрема датата и часот на раѓањата запишани во матичната книга на родените, кој редослед се утврдува на ист начин и во случаите кога мајка ќе роди повеќе деца одеднаш.

Согласно преодните одредби од Законот, со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да се остварува стекнатото право на родителски додаток за дете (за трето и четврто дете). Корисници кои се стекнале со право на родителски додаток за дете (за трето и четврто дете) согласно со одредбите на членовите 30-а и 30-б од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08), одредбите на членовите 98 и 99 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 83/09) и прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон во висина утврдена со членот 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 156/09) продолжуваат да го остваруваат односно користат правото на родителски додаток за дете (за трето и четврто дете).

Согласно преодните одредби од Законот (член 239) е утврдено дека во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се пониски од последната година на усогласување, или се со негативен предзнак, не се врши усогласување на висината на правата, како и на висината на просечните месечни приходи по член на семејството за остварување на правото на детски додаток (граничниот износ), односно истите ќе се обезбедуваат со последната усогласена година како поповолна за корисникот.

Во 2014 година на 17 јануари е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14). Измените и дополнувањата на овој закон се во насока на подобрување на финансиската состојба на самохраните родители корисници на право на посебен додаток за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Износот на висината на правото на посебен додаток за корисниците самохрани родители кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот се зголемува за 50% и во Законот е изразен во номинален износ од 6.303 денари, а се утврдува и кој е самохран родител на дете за кое се остварува право на посебен додаток во зголемен износ, со примена од 1 јануари 2014 година. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

За спроведување на Законот за заштита на децата во делот на правата за заштита на децата во 2013 година се донесе следната подзаконска регулатива:

- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата ( „Службен весник на Р М” бр. 70/2013);
- Правилник за формата и содржината на барањето за донесување на решение од директорот на центарот за социјална работа („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за начинот на водење на евиденцијата и документацијата, содржината и формата на евиденцијата за правата за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 62/2013).

Во 2014 година се донесоа соодветните измени и дополнувања на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 51/2014) и на Правилник за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Р М” бр. 51/2014);

| Додатоци за деца | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| **Корисници на права** | | | | | |
| Додаток за деца | | | | | |
| Број на деца | 34 423 | 26 588 | 22 626 | 19 306 | 17 463 |
| Број на семејства | 18 748 | 13 866 | 11 450 | 9 423 | 8 811 |
| Корисници на посебен додаток | | | | | |
| Број на деца | 5 903 | 6 350 | 6 504 | 6 762 | 6 916 |
| Број на семејства | 5 708 | 6 117 | 6 286 | 6 521 | 6 666 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 8 950 | 8 986 | 8 778 | 8 898 | 8 521 |
| **Расходи, во илјади денари** | | | | | |
| Додаток за деца | 260 724 | 214 423 | 178 350 | 154 347 | 142 794 |
| Посебен додаток | 280 503 | 300 854 | 295 146 | 334 308 | 339 743 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 42 825 | 43 303 | 43 356 | 44 860 | 42 305 |

Извор: Државен завод за статистика

**Права на социјална заштита за малолетни корисници, 2012 година**

| | Вкупно | Деца без родители и родителска грижа | Проблеми во бракот и семејството | Деца со воспитно-социјални проблеми | Малолетни сторители на кривични дела | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со пречки во вербалната комуникација | Лица со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Аутизам | Лица со комбинирани пречки во развојот | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги од социјална заштита** | **15 546** | **4 267** | **378** | **448** | **442** | **114** | **119** | **126** | **299** | **731** | **11** | **711** | **7 900** |
| Старателство | 1 305 | 1 244 | 10 | 16 | 10 | - | - | 1 | - | 11 | - | 12 | 1 |
| Посвојување | 100 | 99 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| од тоа меѓународни посвојувања | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Сместување: | 1 362 | 756 | 27 | 49 | 14 | 2 | 9 | 7 | 29 | 281 | 7 | 179 | 2 |
| Сместување во згрижувачко семејство | 355 | 314 | 6 | - | 6 | - | 2 | 1 | 1 | 12 | - | 12 | 1 |
| Сместување во установа за социјална заштита | 453 | 286 | 1 | 39 | 8 | 2 | 7 | 6 | 13 | 26 | - | 64 | 1 |
| Сместување во мал групен | 76 | 76 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друга помош | 4 771 | 28 | 9 | 7 | . | 10 | 10 | 31 | 57 | 82 | . | 98 | 4 439 |
| Помош во натура | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Помош за школување | 1 848 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 843 |
| Нега и други услуги во стан | 150 | - | - | - | - | 10 | 10 | - | 20 | 80 | - | 30 | - |
| Други додатоци | 2 772 | 22 | 9 | 7 | - | - | - | 31 | 37 | 2 | - | 68 | 2 596 |
| Други услуги од социјална заштита | 6 881 | 1 315 | 323 | 366 | 416 | 94 | 96 | 87 | 193 | 307 | 4 | 298 | 3 382 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| **Мерки на социјална заштита** | **3 111** | **128** | **338** | **354** | **1 212** | **63** | **62** | **11** | **79** | **150** | **-** | **117** | **597** |
| Помош за сместување на деца во детски установи-градинки, продолжен престој во училиште | 19 | 5 | - | - | - | - | - | - | 1 | 11 | - | 2 | - |
| Упатување на школување и оспособување | 50 | - | 13 | - | - | 4 | 14 | - | - | 16 | - | 3 | - |
| Мерки за заштита на жртви на | 139 | - | 134 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 5 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Други мерки од социјална заштита | 1 577 | 114 | 151 | 178 | 130 | 59 | 48 | 11 | 78 | 123 | . | 112 | 573 |
| **Услуги на социјална работа** | **13 722** | **596** | **4 694** | **560** | **887** | **171** | **228** | **164** | **670** | **974** | **31** | **673** | **4 074** |
| Помош во средување на брачни и вонбрачни семејни односи | **3 031** | **2** | **2 939** | **11** | **7** | **1** | **-** | **-** | **1** | **-** | **-** | **-** | **70** |
| Спроведување на постапка за мирење на брачни партнери | 510 | - | 510 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Доверување на деца од брачна / вонбрачна заедница | 1 337 | 1 | 1 313 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 23 |
| Уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител (кога нема постапка за развод и по и затвор | 926 | 1 | 882 | 1 | 1 | 1 | - | - | 1 | - | - | - | 39 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | развод на брак) | | | | | | | | | | | | | |
| | | Помош во средување на семејни односи | 258 | - | 234 | 10 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | 8 |
| | Категоризација (распоредување) | | 1 146 | - | - | - | - | 34 | 62 | 32 | 205 | 272 | 9 | 244 | 288 |
| | Други услуги на социјална работа | | 9 545 | 594 | 1 755 | 549 | 880 | 136 | 166 | 132 | 464 | 702 | 22 | 429 | 3 716 |

Извор: Државен завод за статистика

| Права на социјална заштита за малолетни корисници, 2013 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Деца без родители и родителска грижа | Проблеми во бракот и семејството | Деца со воспитно-социјални проблеми | Малолетни сторители на кривични дела | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со пречки во вербалната комуникација | Лица со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Аутизам | Лица со комбинирани пречки во развојот | Други |
| **Услуги од социјална заштита** | **9 137** | **4 180** | **584** | **370** | **628** | **104** | **105** | **117** | **297** | **573** | **67** | **521** | **1 591** |
| Старателство | 1 247 | 1 198 | 6 | 11 | 4 | - | - | - | 4 | 14 | - | 10 | - |
| Посвојување | 91 | 81 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 9 |
| од тоа меѓународни посвојувања | 7 | 7 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Сместување: | 1 339 | 589 | 39 | 50 | 14 | 8 | 13 | 11 | 96 | 247 | 9 | 216 | 47 |
| Сместување во згрижувачко семејство | 341 | 285 | 12 | - | - | - | - | - | 8 | 21 | - | 14 | 1 |
| Сместување во установа за социјална заштита | 491 | 251 | 10 | 34 | 14 | 6 | 11 | 6 | 32 | 26 | . | 95 | 6 |
| Сместување во мал групен дом | 55 | 10 | - | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | 40 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Организиран о живеење со поддршка | 28 | - | - | - | - | - | - | - | - | 13 | - | 15 | - |
| | | Сместување во центар за жртви на семејно насилство | 17 | - | 17 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Право на дневно згрижување во дневен центар | 407 | 43 | - | 11 | - | 2 | 2 | 5 | 56 | 187 | 9 | 92 | - |
| | | Центар за давање помош во домашни услови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Права од социјална парична помош: | | 881 | 716 | 2 | 12 | - | - | 8 | 1 | 9 | 34 | 1 | 14 | 84 |
| | | Постојана парична помош | 169 | 132 | - | - | - | - | - | - | - | 9 | - | 3 | 25 |
| | | Еднократна парична помош | 229 | 196 | - | 2 | - | - | - | - | 3 | 3 | 1 | 2 | 22 |
| | | Право на здравствена заштита | 483 | 388 | 2 | 10 | - | - | 8 | 1 | 6 | 22 | . | 9 | 37 |
| | Друга помош | | 481 | 78 | 2 | - | - | - | - | - | 3 | 1 | 1 | 9 | 387 |
| | | Помош во | 118 | 65 | - | - | - | - | - | - | 3 | 1 | 1 | 1 | 47 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| натура | | | | | | | | | | | | | |
| Помош за школување | 316 | 13 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 301 |
| Нега и други услуги во стан | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Други додатоци | 47 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 8 | 39 |
| Други услуги од социјална заштита | 5 098 | 1 518 | 535 | 297 | 610 | 96 | 84 | 105 | 184 | 277 | 56 | 272 | 1 064 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| **Мерки на социјална заштита** | **1 639** | **8** | **93** | **593** | **868** | **3** | **12** | **.** | **.** | **14** | **.** | **3** | **45** |
| Помош за сместување на деца во детски установи-градинки, продолжен престој во училиште | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| Упатување на школување и оспособување | 36 | - | 5 | - | - | 3 | 12 | - | - | 13 | - | 3 | - |
| Мерки за заштита на жртви на семејно насилство | 25 | - | 25 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мерки спрема малолетници: | | 1 209 | 3 | 21 | 433 | 730 | - | - | - | - | - | - | - | 22 |
| | | Укор (опомена) | 531 | 1 | 4 | 247 | 266 | - | - | - | - | - | - | - | 13 |
| | | Засилен надзор од страна на родители или старатели | 325 | . | . | 72 | 247 | - | - | - | - | - | - | - | 6 |
| | | Засилен надзор во згрижувачко семејство | 35 | . | 1 | 34 | . | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Засилен надзор во друго семејство | 1 | 1 | . | . | . | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Засилен надзор од орган за старателство | 236 | 1 | 15 | 57 | 160 | - | - | - | - | - | - | - | 3 |
| | | Упатување во воспитна установа | 37 | . | 1 | 15 | 21 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Упатување во воспитно-поправен дом | 34 | . | . | 8 | 26 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Упатување во малолетничк и затвор | 10 | . | . | . | 10 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Други мерки од социјална | | 368 | 5 | 42 | 160 | 138 | - | - | - | - | - | - | - | 23 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| заштита | | | | | | | | | | | | | |
| **Услуги на социјална работа** | **11 036** | **504** | **5 332** | **421** | **549** | **209** | **158** | **111** | **462** | **595** | **36** | **594** | **2 065** |
| Помош во средување на брачни и вонбрачни семејни односи | 4 476 | 1 | 4 142 | - | - | 1 | - | - | 1 | - | - | - | 331 |
| Спроведување на постапка за мирење на брачни партнери | 921 | - | 858 | - | - | 1 | . | - | - | - | - | - | 62 |
| Доверување на деца од брачна / вонбрачна заедница | 1 309 | - | 1 299 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 10 |
| Уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител (кога нема постапка за развод и по развод на | 1 544 | 1 | 1 542 | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | брак) | | | | | | | | | | | | | |
| | | Помош во средување на семејни односи | 702 | - | 443 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 259 |
| | Категоризација (распоредување) | | 1 010 | - | . | - | - | 21 | 29 | 17 | 176 | 181 | 12 | 232 | 342 |
| | Други услуги на социјална работа | | 5 550 | 503 | 1 190 | 421 | 549 | 187 | 129 | 94 | 285 | 414 | 24 | 362 | 1 392 |

Извор: Државен завод за статистика

| Права на социјална заштита за полнолетни корисници, 2012 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Социјално исклучени | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со пречки со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Лица со комбинирани пречки во развојот | Материјално необезбедени | Стари лица | Други корисници |
| **Услуги од социјална заштита** | **87 964** | **933** | **3 289** | **769** | **10 128** | **8 695** | **17 705** | **20 043** | **8 926** | **17 476** |
| Старателство | 1 011 | - | 1 | 3 | 6 | 480 | 203 | 3 | 47 | 268 |
| Сместување: | 991 | 244 | 2 | 2 | 39 | 309 | 60 | 3 | 293 | 39 |
| Сместување во згрижувачко семејство | 44 | - | 1 | - | - | 25 | 4 | - | 14 | - |
| Сместување во установа за социјална заштита | 617 | 154 | - | 1 | 23 | 153 | 43 | 2 | 239 | 2 |
| Организирано живеење со поддршка | 36 | - | - | 1 | - | 32 | 3 | - | - | - |
| Сместување во центар за жртви на семејно насилство | 30 | 28 | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| Право на дневно згрижување во дневен центар | 264 | 62 | 1 | - | 16 | 99 | 10 | . | 40 | 36 |
| Центар за давање помош во | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | домашни услови | | | | | | | | | |
| | Права од социјална парична помош | | 51 864 | 236 | 2 361 | 327 | 7 051 | 5 243 | 15 684 | 7 151 | 7 604 | 6 207 |
| | | Постојана парична помош | 6 048 | 39 | 66 | 17 | 454 | 972 | 1 600 | 506 | 1 519 | 875 |
| | | Еднократна парична помош | 7 971 | 159 | 46 | 10 | 265 | 389 | 152 | 6 178 | 250 | 522 |
| | | Парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа | 127 | 6 | - | - | - | 3 | - | 53 | - | 65 |
| | | Парична помош за студирање | 32 | 1 | . | . | . | . | . | 6 | . | 25 |
| | | Парична помош на мајка која родила четврто дете | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Паричен надоместок за помош и нега од  друго лице | 30 678 | 2 | 1 308 | 252 | 5 248 | 3 062 | 12 432 | 58 | 4 777 | 3 539 |
| | | Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни | 49 | - | - | - | - | 3 | 5 | - | - | 41 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| или ментални пречки во развојот | | | | | | | | | | |
| Парична помош за социјално домување | 60 | - | - | - | - | 2 | - | 3 | - | 55 |
| Додаток за слепило и мобилност | 1 495 | - | 889 | 22 | 526 | 2 | 10 | - | 28 | 18 |
| Право на здравствена заштита | 5 404 | 29 | 52 | 26 | 558 | 810 | 1 485 | 347 | 1 030 | 1 067 |
| Друга помош | 6 314 | 8 | 3 | 1 | 23 | 27 | 80 | 3 127 | 24 | 3 021 |
| Помош во натура | 433 | 3 | - | 1 | 5 | 2 | 2 | 253 | 20 | 147 |
| Помош за школување | 30 | - | - | - | - | - | - | 30 | - | - |
| Нега и други услуги во стан | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Други додатоци | 5 851 | 5 | 3 | - | 18 | 25 | 78 | 2 844 | 4 | 2 874 |
| Други услуги од социјална заштита | 27 784 | 445 | 922 | 436 | 3 009 | 2 636 | 1 678 | 9 759 | 958 | 7 941 |
| | | | | | | | | | | |
| **Мерки на социјална заштита** | **2 744** | **536** | **89** | **85** | **93** | **173** | **199** | **363** | **150** | **1 056** |
| Упатување на школување и оспособување | 23 | - | - | - | 1 | 17 | 1 | - | - | 4 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мерки за заштита на жртви на семејно насилство | 317 | 125 | - | - | - | 1 | 3 | 5 | 32 | 151 |
| Предложени привремени мерки за заштита спрема сторители на семејно насилство | 342 | 254 | - | - | - | 2 | - | 2 | 6 | 78 |
| Помош во вработување и во заштитни трговски друштва | 93 | 34 | 6 | 6 | 1 | 32 | 2 | - | - | 12 |
| Други мерки од социјална заштита | 1 969 | 123 | 83 | 79 | 91 | 121 | 193 | 356 | 112 | 811 |
| **Услуги на социјална работа** | **13 234** | **387** | **233** | **83** | **256** | **724** | **375** | **1 772** | **414** | **8 990** |
| Помош во средување на брачни и вонбрачни семејни односи | 4 524 | 42 | 1 | - | - | 4 | - | 32 | 16 | 4 429 |
| Спроведување на постапка за мирење на брачни партнери | 2 067 | 1 | 1 | - | - | 2 | - | 15 | 5 | 2 043 |
| Доверување на деца од брачна / вонбрачна заедница | 307 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | 305 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител (кога нема постапка за развод и по развод на брак) | 211 | - | - | - | - | - | - | 3 | - | 208 |
| Помош во средување на семејни односи | 1 939 | 41 | - | - | - | 2 | - | 12 | 11 | 1 873 |
| Други услуги на социјална работа | 8 710 | 345 | 232 | 83 | 256 | 720 | 375 | 1 740 | 398 | 4 561 |

**Права на социјална заштита за полнолетни корисници, 2013**

| | Вкупно | Социјално исклучени | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со пречки со телесен инвалидитет | Лица со пречки во менталниот развој | Лица со комбинирани пречки во развојот | Материјално необезбедени | Стари лица | Други корисници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги од социјална заштита** | **88 419** | **2 409** | **5 044** | **1 034** | **10 576** | **7 977** | **16 973** | **21 479** | **7 952** | **14 975** |
| Старателство | 964 | 5 | 1 | 2 | 111 | 342 | 118 | 3 | 88 | 294 |
| Сместување: | 834 | 154 | 2 | 2 | 41 | 214 | 88 | 7 | 304 | 22 |
| Сместување во згрижувачко семејство | 63 | 10 | - | - | 6 | 19 | 7 | - | 21 | - |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Сместување во установа за социјална заштита | 418 | 77 | - | 1 | 32 | 84 | 47 | 6 | 165 | 6 |
| | | Организирано живеење со поддршка | 40 | - | - | 1 | 1 | 30 | 8 | . | - | - |
| | | Сместување во центар за жртви на семејно насилство | 24 | 21 | - | - | - | - | - | 1 | - | 2 |
| | | Право на дневно згрижување во дневен центар | 289 | 46 | 2 | - | 2 | 81 | 26 | - | 118 | 14 |
| | | Центар за давање помош во домашни услови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Права од социјална парична помош | | 58 186 | 333 | 3 892 | 399 | 7 629 | 5 137 | 14 795 | 9 038 | 6 499 | 10 464 |
| | | Постојана парична помош | 5 950 | 6 | 74 | 28 | 461 | 1 070 | 1 728 | 455 | 1 717 | 411 |
| | | Еднократна парична помош | 10 145 | 195 | 35 | 14 | 331 | 396 | 199 | 7 995 | 288 | 692 |
| | | Парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа | 127 | 7 | - | - | - | - | 1 | 57 | - | 62 |
| | | Парична помош за студирање | 138 | - | - | - | - | - | 2 | 15 | - | 121 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Парична помош на мајка која родила четврто дете | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | | Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 32 679 | 3 | 1 784 | 337 | 4 950 | 3 013 | 11 033 | 272 | 3 199 | 8 088 |
| | | Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 56 | - | - | - | 3 | 10 | 3 | - | - | 40 |
| | | Парична помош за социјално домување | 7 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | 3 |
| | | Додаток за слепило и мобилност | 3 781 | 118 | 1 972 | 3 | 1 472 | 21 | 76 | . | 15 | 104 |
| | | Право на здравствена заштита | 5 303 | 4 | 27 | 17 | 412 | 627 | 1 753 | 240 | 1 280 | 943 |
| | Друга помош | | 5 803 | 1 387 | 2 | 2 | 12 | 25 | 15 | 4 021 | 141 | 198 |
| | | Помош во натура | 2 409 | 51 | 2 | 2 | 6 | 16 | 3 | 2 137 | 66 | 126 |
| | | Помош за школување | 1 405 | 1 294 | - | - | - | - | - | 111 | - | - |
| | | Нега и други услуги во стан | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Други додатоци | 1 989 | 42 | - | - | 6 | 9 | 12 | 1 773 | 75 | 72 |
| Други услуги од социјална заштита | 22 632 | 530 | 1 147 | 629 | 2 783 | 2 259 | 1 957 | 8 410 | 920 | 3 997 |
| **Мерки на социјална заштита** | **3 045** | **707** | **113** | **88** | **76** | **182** | **199** | **398** | **218** | **1 064** |
| Упатување на школување и оспособување | 19 | - | - | - | 1 | 17 | 1 | - | - | - |
| Мерки за заштита на жртви на семејно насилство | 429 | 138 | - | - | - | - | - | 29 | 55 | 207 |
| Предложени привремени мерки за заштита спрема сторители на семејно насилство | 402 | 276 | - | - | - | 3 | - | 11 | 5 | 107 |
| Помош во вработување и во заштитни трговски друштва | 7 | - | 1 | 1 | 1 | 4 | - | - | - | - |
| Други мерки од социјална заштита | 2 188 | 293 | 112 | 87 | 74 | 158 | 198 | 358 | 158 | 750 |
| **Услуги на социјална работа** | **12 821** | **303** | **230** | **107** | **227** | **368** | **244** | **1 685** | **438** | **9 219** |
| Помош во средување на брачни и вонбрачни семејни односи | 5 391 | 12 | 3 | - | - | - | - | 80 | 17 | 5 279 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Спроведување на постапка за мирење на брачни партнери | 2 476 | - | 1 | - | - | - | - | 32 | . | 2 443 |
| | | Доверување на деца од брачна / вонбрачна заедница | 630 | - | - | - | - | - | - | 4 | . | 626 |
| | | Уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител (кога нема постапка за развод и по развод на брак) | 376 | - | 1 | - | - | - | - | 13 | . | 362 |
| | | Помош во средување на семејни односи | 1 909 | 12 | 1 | - | - | - | - | 31 | 17 | 1 848 |
| | Други услуги на социјална работа | | 7 430 | 291 | 227 | 107 | 227 | 368 | 244 | 1 605 | 421 | 3 940 |

Извор: Државен завод за статистика

| Установи за социјална заштита | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| **Домови за доенчиња и мали деца** | | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| | Корисници | 98 | 115 | 108 | 79 | 77 |
| | Вработени | 65 | 65 | 65 | 59 | 59 |
| **Детски домови** | | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| | Корисници | 75 | 59 | 60 | 62 | 47 |
| | Вработени | 44 | 44 | 44 | 46 | 43 |
| **Установи за згрижување на деца и млади без родители и родителска грижа** | | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| | Корисници | 84 | 84 | 87 | 97 | 92 |
| | Вработени | 44 | 40 | 42 | 41 | 41 |
| **Установи за згрижување на лица со посебни потреби** | | **3** | **3** | **3** | **3** | **3** |
| | Корисници | 432 | 390 | 378 | 383 | 373 |
| | Вработени | 319 | 301 | 301 | 296 | 297 |
| **Меѓуопштински центри за социјална работа** | | **30** | **30** | **30** | **30** | **30** |
| | Вработени | 1 025 | 1 040 | 1 034 | 1 026 | 1 057 |
| **Трговски друштва за вработување на инвалиди (приватна сопственост)** | | **338** | **268** | **251** | **235** | **232** |
| | Корисници | 2 353 | 2 394 | 2 292 | 2 151 | 2 274 |
| | Вработени[1)] | 5 342 | 5 551 | 5 302 | 4 951 | 5 234 |
| **Установи-домови за возрасни лица** | | **5** | **5** | **15**[2)] | **16** | **18** |
| | Корисници | 542 | 555 | 854 | 913 | 917 |
| | Вработени | 122 | 132 | 250 | 270 | 305 |
| **Заводи за згрижување, воспитание и образование на деца и млади** | | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| | Корисници | 22 | 23 | 25 | 20 | 20 |
| | Вработени | 40 | 40 | 40 | 38 | 33 |
| **Установи за згрижување на деца и млади со воспитно-социјални проблеми** | | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| | Корисници | 59 | 55 | 48 | 53 | 34 |
| | Вработени | 37 | 33 | 32 | 49 | 50 |

Извор: Државен завод за статистика

**ЧЛЕН 17 - Право на мајките и децата на социјална и материјална заштита (ЕСП од 1961 год.)**

> **Член 17**
>
> Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на мајките и децата на социјална и материјална заштита, страните-договорнички ќе ги преземат сите соодветни и потребни за таа цел мерки, вклучувајќи го и воспоставувањето или одржувањето на соодветни институции или служби.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба од 1961 година (ЕСП). Референтен период - 1/1/2010-29/2/2012.**

**Млади престапници**

Со измените на Законот за малолетничка правда од октомври 2010 година "(Службен весник на Република Македонија" број: 145/2010) се воведуваат измени во членот 141, при што правото на обештетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, наместо дотогашниот фонд за обештетување, се остварува согласно Програма.

Врз основа на овој член:

"Заради обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда.

За реализација на Програмата ("Службен весник на Република Македонија" број: 105/13) од Буџетот на Република Македонија односно Министерството за правда одобрени се 500.000,00 денари.

Во рамки на референтниот период на овој Извештај, се реализираа бројни активности на полето на малолетничката правда.

Во октомври 2010 година започна реализацијата на ИПА Проектот: Правда за децата. Период за реализација на проектот беше 2010-2012 година.

Во рамките на овој проект се реализирани следните активности:

- Унапредување на правната рамка, стандардите и протоколите за примена на Законот за малолетничка правда;
- Зајакнување на институционалните и човечките капацитети;
- Развој на планови и инструменти за превенција од малолетничкото престапништво.

Со цел унапредување на правната рамка, стандардите и протоколите за примена на Законот за малолетничка правда:

- Изготвена е Анализа за празнините и недостатоците во системот на малолетничката правда која беше споделена на 4 работилници со учество на сите професионалци во системот на малолетничка правда. Работна група во Министерството за правда ја разгледуваше оваа анализа и препораките и согледувања се вградени во Законот за правда за децата донесен во октомври 2013 година;
- Изработен е Протоколот за упатување на деца во конфликт со законот;
- Се одржаа две работилници за изготвување едноминутни видеа за децата кои во моментот престојуваат во две установи за деца. Целта на работилниците беше да им даде можност на децата да се изразат; да развијат основни комуникациски и аудио-визуелни познавања; да се дружат и соработуваат со своите врсници; да се унапреди тимската работа, да им се зајакне самодовербата и да се поттикне нивната креативност;
- Донесен е Правилник за стандарди за воспоставување на пријатни простории за интервјуирање и работа со деца во центрите за социјална работа и
- Усвоени се и се приемнуваат 21 индикатор за следење на примена на Законот за малолетничка правда. Врз основа на овие индикатори се изготвени Годишниот извештај за работа на Државиот совет за превенција на малолетничкото престапништво за 2011 и 2012 година.

Со цел зајакнување на институционалните и човечките капацитети:

- Реализирани се 4 обуки и обучени се 28 медијатори за работа со деца. Изработен е Прирачник за обука на медијатори;
- Во Центарот за социјална работа во Скопје се спроведува Програмата за менторство на деца кои се во конфликт со законот вклучувајќи и креирање на алатки за индивидуални мерки и планови за менторство, менторство на деца кои служат алтернативни мерки и спроведување на анализа за примена на алтернативните мерки;
- На 17.02.2011година се отвори Центар за малолетници во Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми во Скопје;
- Изготвени се Упатство и Прирачник за правда за децата врз основа на кои беа обучени 385 професионалци:судии, обвинители, адвокати, социјални работници, медијатори што овозможи зголемување на нивните знаења за правда за децата, алтернативи на казната затвор и ресторативна правда.

Во рамки на третата компонента: Развој на планови и инструменти за превенција од малолетничкото престапништво:

- Се подржа Државниот совет за превенција на малолетничка превенција во носење на Стратегијата за превенција на малолетничкото претставништво во 2010 година, истата беше дистрибуирана на надлежни институции;
- Се подржа формирањето на 10 локални совети за превенција на малолетничко престапнитво;
- Беше донесено упатство кој им помогне на локалните совети да донесат акциони планови за превенција.

Со цел подигање на јавната свест, во текот на 2011 година, одржани се јавни дебати во Собранието на РМ, телевизиски и радио емисии, изработени се брошури за професионалци кои работат со деца во конфликт со законот и за правата на децата.

Во поглед на прашањето на Комитетот за тоа колкав е најдолгиот можен период на притвор на малолетници пред судење, вклучувајќи ги сите можни пролонгирања и колкава е најдолгата казна затвор која може да му биде изречена на малолетен прекршок[31], информираме дека согласно член 118 од Законот за правда за децата:

"(1) Притворот се одредува со решение на судијата за деца и може да трае најдолго 30дена.

(2) По образложен предлог на судијата за деца, а по претходно прибавено мислење од Јавниот обвинител и од Центарот, Советот за деца на Основниот суд може од оправдани причини да го продолжи притворот за уште 60 дена."

Согласно член 51 од овој закон:

"(3) Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.

(4) При одмерувањето на казната судот не може да изрече затвор за деца во траењеподолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мера на таа казна. "

Комитетот од од друг извор забележува дека Комитетот за правата на децата на Обединетите Нации изразува загриженост за фактот дека децата помали од 14 години можат да бидат предмет на корективни мерки одлучени и применети од страна на центрите за социјална работа и дека според истиот извор, во неколку случаи децата, наводно, биле третирани како возрасни престапници и децата не се одвоени од возрасните затвореници. Исто така, Комитетот бара во следниот извештај да се објасни

[31] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 18.

кои се тие корективни мерки (мерки за помош и заштита) и дали младите престапници се секогаш одвоени од возрасните, и за време на притворот пред судење и во затворите[32]. Во овој поглед информираме дека согласно член 40 од Законот за извршување на санкциите: "(4) Казната малолетнички затвор спрема малолетните лица до наполнување на 23-годишна возраст се извршува одвоено од полнолетните лица осудени на казна затвор."

Член 120 од Законот за правда за децата:

"(1) Во притворот детето се сместува одвоено од полнолетните лица.

(2) На детето му се обезбедува во притворот право на работна и друга активност што е корисна за неговото воспитување и за отстранување на негативните последици на лишувањето од слобода врз неговата личност.

(3) Во текот на траењето на притворот на детето му се гарантира и обезбедува правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватно и доверливо контактирање по потреба, правото на медицинска помош и заштита и правото на следење на информации преку средствата за јавно информирање. "

Во поглед на прашањето на Комитетот дали младите престапници кои служат казна имаат законско право на образование[33], информираме дека во членовите од 258-273 од Законот за извршување на санкциите се содржани посебни одредби за издржување на казната малолетнички затвор. Така согласно Член 266 и 267: "На малолетните лица видот на работите и основното образование треба да им се определува според програмата за третман.

Во установата за малолетници може да се организира настава за основно воспитание и образование и други видови на стручно оспособување на малолетните лица во зависност од условите и можностите на установата.

Изборот на работата, видот на наставата и стручното оспособување се врши според можностите на установата за малолетници, имајќи ги притоа предвид физичките способности, личните својства и склоноста на малолетното лице за одделен вид занимање.

Ако во установата за малолетници нема услови за организирање на настава, малолетните лица можат да посетуваат настава во училиште во седиштето на установата за малолетници. "

Исто така, и во член Член 276 од овој закон, со кој се уредува извршувањето на воспитна мерка, се утврдува дека на малолетните лица им се обезбедуваат услови за основно и средно воспитание и образование и за стручно оспособување.

---

[32] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 18.

[33] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 18.

**Податоци за бројот и возраста на малолетниците**
**кои се во притвор или затвор или сместени во казнена установа**

| | Број на малолетници во притвор | Затвор | | | Заводска мерка : Упатување во Воспитно - поправен дом | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на осудени лица | Возраст | | Број на осудени лица | Возраст | |
| 31.12.2010 година | нема податок | 28 | нема податок | | 41 | нема податок | |
| | | | | | ВКУПНО | 69 | |
| 31.12.2011 година | нема податок | 21 | нема податок | | 42 | *14-16 години* | 4 лица |
| | | | | | | *16-18 години* | 16 лица |
| | | | | | | *21-23 години* | 22 лица |
| | | | | | ВКУПНО | 63 | |
| 31.12.2012 година | 0 | 28 | *16-18 години* | 3 | 40 | *14-16 години* | 8 лица |
| | | | | | | *16-18 години* | 19 лица |
| | | | *19-23 години* | 18 | | *21-23 години* | 13 лица |
| | | | | | ВКУПНО | 60 | |
| 31.12.2013 година | 2 | 9 | *16-18 години* | 1 | 36 | *14-16 години* | 4 лица |
| | | | | | | *16-18 години* | 15 лица |
| | | | *19-23 години* | 8 | | *21-23 години* | 17 лица |
| | | | | | ВКУПНО | 47 | |

Извор: Министерство за правда

## **ЧЛЕН 17 - Право на децата и младинците на социјална, правна и економска заштита (РЕСП од 1996 год.)**

**Член 17§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на децата и младинците да растат во средина која го поттикнува целосниот развој на нивната личност и нивните физички и ментални способности, страните-договорнички се обврзуваат, директно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни и неопходни мерки кои имаат за цел:

А) да осигурат дека децата и младинците, имајќи ги предвид правата и обврските на нивните родители, ја добиваат грижата, помошта, образованието и обуката која им е поребна, особено преку воспоставување и одржување на институции и служби кои се доволни и соодветни за оваа цел;

Б) да ги заштитат децата и младинците од запоставување, насилство или експлоатација;

В) да обезбедат заштита и специјална помош од државата за деца и младинци кои се времено или трајно лишени од семејна поддршка.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Со оглед на тоа што Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.98/2000) беше предмет на повеќе измени и дополнувања (вкупно девет: „Службен весник на Република Македонија“ бр.17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11), се наметна потребата од донесување на нов Закон за заштита на децата во кој што се прецизира новиот концепт за доградба на системот на заштита на децата, особено делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови и со признавање на плурални односи во вршењето на дејноста. Доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и на заштитата на децата. Заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата да се остварува преку грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти на подигање на нивото и квалитетот на развој и на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата. Зајакнување на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контрола.

Создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата.

Собранието на Република Македонија на 12 февруари 2013 година го донесе Законот за заштита на децата, кој на 14 февруари е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 23/2013 година, а е влезен во сила од 22 февруари 2013 година.

Со Законот се воспоставува систем на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој на детето кој претставува поддршка на: целокупен развој и добробит на детето од предучилишна возраст, преку овозможување на услови и поттикнување на развојот на неговите капацитети, проширување на искуствата и градењето на сознанија за себе, другите луѓе и светот; воспитната функција на семејството; понатамошното воспитување и образование и вклучување во општествената заедница; развивање на потенцијалот на детето како претпоставка за понатамошен развој на општеството и негов напредок, излегување од кругот на сиромаштијата преку инвестирање во човечкиот капитал, интегрирање во системот на згрижување и воспитание на децата и на центри за ран детски развој.

Со Законот се овозможува на домашно правно и физичко лице да основа агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и се дава можност на физички лица да вршат определени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност, во домот на родителите и во сопствениот дом.

Воведувањето на лиценцирањето непосредно ќе допринесе за подигнување на квалитетот на услугите кои ги пружа стручниот кадар во установите за деца. Поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, информирање на родителите за активностите кои се спроведуваат во градинките и центрите за ран детски развој како и други податоци преку кои би допринеле за реализирање на целите во овој домен во установите и другите облици на заштита на децата.

Со Законот се уредува системот и организацијата на заштита на децата, како дејност од јавен интерес.

Заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.

Заради потребата, заштитата на децата воопшто, но и во одделни случаеви во животот, да се подигне на повисоко ниво од сегашното, во законот и сега се вградени поголем дел од определбите од Конвенцијата за правата на детето, други соодветни конвенции, протоколи и други документи.

Со овој закон се предвидува и вклучување на родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, институции на државната и локалната власт и јавни правни лица и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Основна цел на Законот е неговото осовременување и приближување на законските решенија кон законодавството на земјите од Европската унија како и определби поврзани со Конвенцијата за правата на децата и други документи кои се насочени кон заштитата на децата.

Со овој закон се уредува системот и организацијата за заштита на децата. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата (член 2).

Заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.

Облици за заштита на децата, согласно Законот се:

- згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- одмор и рекреација на деца; и
- други облици на заштита.

Согласно Законот за заштита на децата, згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст се организира и остварува во јавни и приватни установи за деца - детски градинки.

Установи за згрижување и воспитание на деца се детски градинки и центри за ран детски развој и можат да бидат јавни (државни, општински и на општината во Градот Скопје) и приватни.

Згрижување и воспитание на деца може да се организира и остварува и во други установи и просторни услови, под услови утврдени со овој закон.

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот,

односно до вклучување во основото образование. Под правни лица се подразбираат установи организирани како јавни установи и приватни установи .Под физички лица, се подразбираат физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишнавозраст.

Одредени работи од дејноста зрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, односно до поаѓање во основното училиште на повик може да врши и Агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста. Во детските градинки се обезбедува згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст. Јавната детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест годишна возраст, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

За децата кои не се опфатени со згрижување и воспитание во детската градинка може да се организираат и други скратени вонинституционални форми за згрижување и воспитание согласно со Законот за заштита на децата.

Јавна детска градинка се основа од страна на Советот на општината, Советот на општината во Градот Скопје и Владата на Република Македонија под услови утврдени со Законот. Детска градинка во приватна сопственост се основа од страна на домашно или странско физичко или правно лице под услови утврдени со Законот.

Странските правни или физички лица со седиште односно место на живеење во земјите-членки на Европската Унија и ОЕЦД можат да основаат детски градинки во приватна сопственост како и домашните правни и физички лица.

Средства за основање и работа на установата ги обезбедува основачот.

Јавна детска градинка се основа од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје и Владата, со одлука за основање на јавна детска градинка по претходно прибавено мислење од Министерството односно на предлог на Министерството за јавна детска градинка основана од Владата.

Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година. Доколку во јавна детската градинка се има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца која е именувавана од директорот. Составот и начинот на работа на комисијата како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со советот на општината и советот на општината во Градот Скопје, а Министерството за јавна детска градинка основана од Владата. Родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат

потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

Правата и обврските на градинката и корисниците на услугите се уредуваат со договор, со кој особено се регулираат меѓусебните односи на давателот и корисникот на услугата, квалитетот на услугата, начинот на плаќањето, изборот на програмата, должината на престојот на детето во установата и други прашања во поглед на заштита на детето и дејноста на градинката.

Дејноста на детската градинка се остварува според програми за остварување на дејноста согласно Законот. Детската градинка е должна на родителите да им ги претстави програмите кои ги изведува, нивните цели, содржини и методи на работа. Родителите имаат право за своите деца во детските градинки да избираат програми за згрижување и воспитание на децата. Детската градинка според времетраењето остварува програми за:

- целодневен престој (во траење од 9 до 11 часа);
- полудневен престој (во траење од 4 до 6 часа и може да се изведува предпладне, попладне или наизменично);

Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата;

- скратени програми (во траење од 260 до 600 часа) се наменети за деца на возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата. Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување;
- Пилот програми - се програми со посебни педагошки принципи кои се изведуваат во јавни детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието; и
- вонинституционални форми за активности со деца, кои претставуваат кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

Работата во детската градинка се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи и тоа:

1. до 12 месеци - од 6 до 8 деца;
2. над 12 месеци до 18 месеци - од 8 до 10 деца;
3. над 18 месеци до 2 години - од 10 до 12 деца;
4. над 2 години до 3 години - од 12 до 15 деца;
5. над 3 години до 4 години - од 15 до 18 деца;
6. над 4 години до 5 години - од 18 до 20 деца;
7. над 5 години до 6 години - од 20 до 25 деца.

По исклучок во зависност од возраста на децата, може да се организира:

1. Хетерогена група-
   - до две години - од 10 до 12 деца
   - од две години до поаѓање во основно училиште - од 18 до 20 деца
2. Комбинирана група – од 12 месеци до поаѓање во основно училиште - од 15 до 20 деца
3. Група деца со пречки во развојот – од 5 до 8 деца.
4. Група деца од шест години, односноод поаѓање во основно училиште до десет години - од 20 до 30 деца

Во групите може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.

По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, јавната детска градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени, за што согласност дава основачот на установата.По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, приватната детска градинка во групите може да има помал број на деца од бројот на деца погоре, за што согласност дава основачот на установата.

Во детската градинка активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо. За децата на припадниците на другите заедници воспитно-образовните активности во детските градинки се изведуваат на јазикот на соодветната заедница, за група деца, согласно со одредбите од овој закон. Доколку постои интерес за изведување на активности и на други јазици, воспитно образовните активности во детски градинки може да се изведуваат за група деца согласно со одредбите од овој закон.

Детска градинка организира згрижување и воспитание на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, сообразно на видот и степенот на

попреченоста. Како деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост се сметаат: слепи и слабовидни деца, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност како и деца со тешкотии во однесувањето и личноста. Згрижувањето и воспитанието на децата со лесна попреченост во менталниот развој и телесна попреченост кои имаат потреба од прилагодено изведување на програмите за предучилишни деца со дополнителна стручна помош или со прилагодени програми, се организира во редовните групи. Згрижувањето и воспитанието на децата со умерена попреченост во менталниот развој или телесна попреченост, се организира во посебни групи според посебни програми.

Јавна детска градинка одделни услуги од својата дејност може да организира и во други просторни услови (основно училиште, болница, дом на култура, месна заедница и други установи и објекти), како и давање одредени услуги од дејноста на градинката на деца и семејства, согласно со законот за заштита на децата.

Кога во местото на живеење нема јавна детска градинка, а родителите имаат интерес за вклучување во детска градинка на одреден број деца, според кои во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста може да се формира една група, детската градинка од најблиската општина одделни услуги од својата дејност по претходно добиена согласност од Министерството може да ги организира во други просторни услови. Постапката за отварање на група во други просторни услови градинката ја поведува по барање на основачот и општината во која нема детска градинка. Кога во јавната детска градинка нема слободни места, а родителите имаат интерес за вклучување во детска градинка на одреден број деца, според кои во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста може да се формира една група, детската градинка одделни услуги од својата дејност може да организира во други просторни услови по претходно добиена согласност од Министерството. Во случај кога во определена општина нема јавна детска градинка или јавен центар за ран детски развој основан од општината или има правни лица кои немаат доволен капацитет, а родителите имаат изразен интерес и има потребен број на деца за основање на нови установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, општината или општината во градот Скопје може, во рок од 30 дена од документирањето на потребата, да отпочне постапка за доделување на концесија или доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство со правни лица во приватна сопственост кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, согласно закон.

Центар за ран детски развој

Дејноста која се врши во рамки на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст може да се остварува и во центар за ран детски развој. Јавен центар за ран детски развој на општината и општината во градот Скопје

се основа од страна на советот на општината и советот на општината во градот Скопје, односно од Владата, по претходно прибавено мислење од Министерството, односно на предлог на Министерството. Центар за ран детски развој во приватна сопственост може да се основа од домашно правно или физичко лице или од странско правно или физичко лица со седиште односно место на живеење во земјите-членки на Европската Унија и ОЕЦД. Одобрение за основање на приватен центар за ран детски развој го дава Владата по претходно мислење на министерството, доколку се исполнети условите предвидени со Законот. Средствата за основање и работа на центарот за ран детски развој ги обезбедува основачот.

Центар за ран детски развој спроведува Програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште. Центарот според времетраењето остварува скратени програми во траење до три часа дневно со флексибилно работно време според потребите на родителите и заедницата. Кога во местото на живеење нема јавен центар за ран детски развој, а родителите имаат интерес за вклучување во центар за ран детски развој на одреден број деца, според кои во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста може да се формира една група, јавниот центар за ран детски развој од најблиската општина одделни услуги од својата дејност по претходно добиена согласност од Министерството може да ги организира во други просторни услови. Постапката за отварање на група во други просторни услови јавниот центар за ран детски развој ја поведува по барање на основачот и општината во која нема центар за ран детски развој.

Кога во јавен центар за ран детски развој нема слободни места, а родителите имаат интерес за вклучување во центар за ран детски развој на одреден број деца, според кои во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста може да се формира една група, јавниот центар за ран детски развој одделни услуги од својата дејност може да организира во други просторни услови по претходно добиена согласност од Министерството.

Работата во центарот за ран детски развој се организира во хетерогени групи со број на деца во група од 10 до 20 деца. Доколку во групата се опфатени деца на возраст од 3 до 4 години максималниот број на деца е 15 деца во група, а доколку во групата има деца со посебни потреби, но не повеќе од две деца во група, максималниот број на деца е 12 деца во група. По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, приватнниот центар за ран детски развој може да има помал број на деца од бројот на деца погоре утврден, за што согласност дава основачот на установата. Во центар за ран детски развој активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо. За децата на припадниците на другите заедници воспитните-образовните активности во центрите за ран детски развој се изведуваат на јазикот на соодветната заедница, за група деца, согласно со одредбите од овој закон. Доколку постои интерес за изведување на

активности и на други јазици, воспитните и образовните активности во центрите за ран детски развој може да се изведуваат за група деца согласно со одредбите од овој закон.

Основачот на центарот за ран детски развој не може да ја прошири или промени дејноста за која е основана, без претходно одобрение од Владата.

Предучилишното воспитување како интегрален дел од системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува преку годишна програма за работа на установите за деца кои вршат работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Годишната програма за работа особено содржи: организација и работно време на градинката, односно на центарот за ран детски развој, програмите на детската градинка, односно на центарот за ран детски развој, распоредување на децата во групи, работата на директорот и стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, односно во центар за ран детски развој, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Годишната програма за работа се донесува најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

Годишната програма за работа ја подготвуваат стручните органи на правните лица кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, врз основа на мислење од советот на родители.

Воспитно образовната работа во детска градинка, односно во центар за ран детски развој се изведува според програма за рано учење и развој базирана врз Стандарди за рано учење и развој, која ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот.

Програмата за рано учење и развој треба да е во согласност со развојните капацитети на децата од предучилишна возраст, да се базира врз потребите и интересите за рано учење и развој на децата и да е насочена кон целосно постигнување на развојните потенцијали кај секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби за рано учење согласно со Стандардите за рано учење и развој.

Програмата се менува согласно со резултатите од следењето и вреднувањето на развојните постигнувања кај децата базирани врз Стандардите за рано учење и развој.

Во детска градинка и центар за ран детски развој се организираат и други институционални активности за задоволување на специфичните интереси и потреби на детето во насока на јакнење на личноста на детето со развивање на неговите телесни, интелектуални, културни и други способности, кои се остваруваат согласно со посебни програми кои ги донесува директорот на детската градинка по предлог на стручниот тим, а ги одобрува управниот одбор на градинката, односно на центарот за ран детски развој.

Институционалните активности се специјализирани програми и се реализираат согласно со можностите на установите за деца кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во согласност со потребите и интересите на децата и родителите, како и единиците на локалната самоуправа.

Согласно Законот за заштита на децата се донесоа подзаконски акти кои се во насока на имплементација на одредбите од Законот, кои се однесуваат на имплементацијата на истиот:, за евиденција во установите за деца, за установите за деца, за формирање на советувалишта, за лиценцирањето, за инспекцискиот надзор, за педагошката евиденција и документација, за индикатори за вреднување на развојниот план, за водење на регистри, поблиски услови за вршење на одредени работи од дејноста на физичките лица и на агенциите, за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца, за начинот на давање на услуги на јавните детски градинки во други просторни услови, стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, и тоа:

- Правилник за начинот на водење на евиденцијата и документацијата, содржината и формата на евиденцијата за правата за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за поблиските услови и начинот на вршење на работите на агенцијата, за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште и деца на возраст до десет години живот („Службен весник на РМ”бр. 61/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на корисниците на услугите како и на дадените услуги на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за формата и содржината на службената легитимација, на лица ангажирани на повик од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст („Службен весник на РМ”бр. 61/2013);
- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на вршење на одредени работи, од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност на физички лица („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на корисниците, дадените услуги од страна на физичко лице, кое самостојно врши одредени работи, од дејноста

згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Службен весник на Р М” бр. 62/2013);

- Правилник за формата и содржината на образецот, начинот на издавање, употреба и одземање на службената легитимација, евиденцијата на издадените и одземените службени легитимации на инспектори за вршење надзор („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на овластено лице, начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените легитимации на овластени лица на општините, на општините во Градот Скопје, односно на Градот Скопје за вршење на инспекциски надзор („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на работа и обезбедување на услови за остварување на педагошко - методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети во јавните установи за деца („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца („Службен весник на РМ”бр. 61/2013);
- Правилник за начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација („Службен весник на РМ” бр. 62/2013);
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на РМ” бр.62/2013);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во

системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на РМ” бр.154/2013);

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Службен весник на РМ” бр. 61/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа („Службен весник на РМ” бр. 64/2013);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на РМ” бр. 87/2013);
- Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на РМ” бр. 154/2013);
- Правилник за индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст- („Службен весник на РМ” бр. 87/2013);
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца („Службен весник на РМ” бр. 88/2013);
- Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2014);
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (“Сл. Весник на РМ” бр.28/2014).

Проект **„Интегрирање на различностите и мултикултурализмот во Раниот детски развој„** во соработка со УНИЦЕФ и со финансиска поддршка од Британската Влада во вкупна сума од 530,000 $ УСД. Целта на проектот е развивање на основа за почитување на различности (во однос на

етничка, културна, религиозна припадност, по однос на пол и можности) и мултикултурализам кај децата на возраст од 0-6 години преку интегрирање на овие аспекти во националниот систем за ран детски развој. Периодот за имплементација на роектот е од октомври 2013 до јуни 2015 година.

Проектот-„**Бесплатна услуга за одмор и рекреација на 3000 деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток – зимски одмор**“ предвидува услуга за бесплатен одмор и рекреација за деца која опфаќа 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно) и овозможување на едукативни и забавни активности.

Одмор и рекреација на децата е облик на заштитата на деца кој како дејност се органицира за престој, активен одмор, социјалицација на децата, воспитно - образовни, културно-забавни, спортско рекреативни и други активности со децата за развивање на психомоторниот развој на децата и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и орентација во просторот.

Со проектот во 2012 година беа опфатени деца родени 1997 до 2001 година (од петто до осмо одделение) од семејства во социјален ризик корисници на социјална парична помош или постојана парична помош, како и корисници на посебен додаток.

Во 2012 година бесплатно на летување во детско одморалиште „Пелистер” Битола и Мајски Цвет Струга беа испратени вкупно 2000 деца.

Во 2013 година на зимски одмор бесплатно беа испратени вкупно 1000 деца.

За времето на престој – 7 дена (6 полни пансиони со 3 оброка дневно ) програмата на децата се реализира од страна на воспитувачи по групи и друг стручен кадар (педагошки раководител на смена, лекар, медицинска сестра, инструктори и др.) ангажирани од страна на детските одморалишта и волонтери од Црвениот крст на Република Македонија.

Услугата е искористена од страна на 2000 деца во текот на летниот распуст 2013 година и 1000 деца во текот на зимскиот распуст 2014 година. Децата корисници на посебен додаток имаат право на придружник за време на одмор и рекреација.

**Опремување со логички игри во детските градинки**

Во 2012 година со логички игри опремени се 300 групи во јавни општински детски градинки, за што се реализирани средства во износ од 330.000,00 денари. Овој проект продолжи и во 2013 година. Со логички игри опремени се 283 групи, за што се реализирани средства во износ од 283.000,00 денари.

**„Да ги заштитиме децата во сообраќајот“**

Подршка на проектот „Да ги заштитиме децата во сообраќајот” на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Кампањата

на ниво на држава ја координира Советот со целосна поддршка и вклученост на Министерството за внатрешни работи, Министерството за наука и образование и Министерството за труд и социјална политика.

**„Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем“**

Во 2012 година потпишан е Меморандум за соработка со Здружението на граѓани ОХО, со кој и јавните општински установи за деца - детски градинки во Република Македонија се вклучуваат во реализација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”.

**„Скопје низ детските очи“**

Се работи за вонинституционална активност на општински јавни установи за деца -детски градинки на подрачјето на општините во градот Скопје) „Скопје низ детските очи”. Целта на проектот е организирана посета на децата над пет годишна возраст на спомениците во септември и мај, а во зимскиот период во музеите, во Градот Скопје. При посетата на децата им беа објаснети спомениците/музејот, а потоа следуваше изработка на цртеж од тоа што им оставило впечаток.Од цртежите потоа се организираа изложби.

Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период особено внимание посвети за зголемување на капацитети за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст преку: Изградба на нови објекти наменети за јавни општински установи детски градинки, објекти во состав на јавните општински установи детски градинки или адаптација на просторот за отворање на групи во други просторни услови, односно градинки во рурални средини.

2012 година

- Отпочна со работа новоизградениот објект Пампурче во н. Новоселски пат, во состав на Јавна општинска установа детска градинка (ЈОУДГ) Росица-Горче Петров со капацитет за 210 деца од предучилишна возраст, и
- Отворена е група во други просторни услови на ЈОУДГ Ацо Караманов – о. Радовиш во с. Калуѓерица со капацитет за 20 деца.

2013 година

- Отпочна со работа новоизградениот објект во о Шуто Оризари - ЈОУДГ – 8 Април со капацитет за 120 деца од предучилишна возраст, и

- Отпочна со работа новоизградениот објект во о.Чешиново-Облешево - ЈОУДГ –Ѕвездички со капацитет за 50 деца од предучилишна возраст

Отворени се објекти во состав на Јавна општинска детска градинка и тоа:

- о Објект Сонце во состав на ЈОУДГ Буба Мара-Аеродром, со капацитет за 180 деца од предучилишна возраст;
- о Објект Ѕуница с. Драчево во состав на ЈОУДГ 8 Март – о. Кисела Вода, со капацитет за 75 деца;
- о Објект Морковче во с. Јурумлери во состав на ЈОУДГ 25. Мај-о. Гази Баба, со капацитет за 60 деца.

Отворени се групи во други просторни услови во:

- ЈОУДГ Фемо Кулаков –о.Неготино во селата: Тремник, со капацитет за 18 деца, Пепелиште со капацитет за 20 деца и Криволак, со капацитет за 18 деца;
- ЈОУДГ Павлина Велјанова - о. Кочани во с. Бели со капацитет за 20 деца;
- ЈОУГД 11 Септември - Ресен во с. Јанковец, со капацитет за 15 деца;
- ЈОУДГ Наша Иднина –о.Прилеп- во с. Тополчани со капацитет за 20 деца;
- ЈОУДГ Гоце Делчев –о. Виница во с. Трсино со капацитет за 30 деца;
- ЈОУДГ Јасна Ристеска – о.Охрид во с.Велгошти со капацитет за 18 деца и во с. Лескоец, со капацитет за 25 деца;
- ЈОУДГ Детелинка – Крива Паланка во с. Ранковце, со капацитет за 25 деца;
- Завршена е постапката за формирање групи во други просторни услови на ЈОУДГ Димче Мирчев о. Велес, со капацитет за 30 деца.

Опфатот на деца во јавни детски установи, приватни детски установи и Центри за ран детски развој изнесува 31.517 деца на возраст од 0-6 години. Процентуално опфатени деца од 0-6 години 11,6% во 2006, 18,3% во 2011, 22,3% во 2013 . од 3-6 години 2011 опфатени 22% а во 2013 год опфатени 34%.

Во 2013 година во однос на 2012 година за 12,8% е зголемен опфатот на децата од предучилишна возраст

## Статус на детето

Во поглед на барањето на Комитетот да биде информиран за правната рамка во поглед на тоа дека според член 17 од Повелбата мора да постојат постапки за утврдување на потеклото на посвоеното дете и тоа мора да има право да го знае своето потекло[34], информираме дека согласно со Законот за семејството, посебна заштита се обезбедува на децата без родители и без родителска грижа преку нивно посвојување со цел истите да живеат и растат во природна семејна средина. Посвојувањето согласно со Законот е тајно. Ваквата определба во поглед на посвојувањето е донесена поаѓајќи од традиционалниот начин на живеење и сфаќањата за семејството. Поаѓајќи од тоа, сметатме дека не се создадени услови за вградување на одредба во законот со која би овозможиле посвојувањето да биде јавно. Меѓутоа, тоа не значи дека во поглед на односите помеѓу родителите и децата се прави било каква дискриминација во поглед на остварувањето на правата и обрските на родителите и на децата. Со посвојувањето, согласно со Законот, се создаваат односи како со раѓање, односно посвоените деца ги имаат сите права и обврски како децата родени во брак.

## Заштита од лошо постапување и злоупотреба

Со измените на Законот за семејство ("Службен весник на РМ" бр. 38/14) се доуреди делот кој се однесува на тоа што се смета за злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности односно, се утврди дека наведувањето на детето на питачење или користење на детето за питачење ќе се смета за злоупотреба и грубо занемарување на вршење на родителските должности и се прецизира постапувањето на центарот за социјална работа. Имено, во случаите, кога центарот за социјална работа, ќе утврди дека родителот го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење, ќе му укажува на родителот за недостатоците и пропустите во вршењето на родителското право, ќе донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право и ќе спроведе стручно советодавна работа со родителите и со детето.

Доколку родителот на детето не постапи по укажувањата на центарот за социјална работа и повторно го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење, тогаш центарот за социјална работа, веднаш времено го одзема детето од родителот, покренува постапка за одземање на родителското право пред надлежен суд и задолжително поднесува кривична пријава против родителот кој го злоупотребува и занемарува родителското право, обезбедува соодветно згрижување на

[34] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 16.

детето и презема мерки за заштита на правата и интересите на детето, до донесување на конечната одлука на судот за одземање на родителското право.

Ако со наведувањето на детето на питачење или со користење на детето за питачење, родителот го довел во опасност животот на детето, тогаш центарот за социјална работа е должен веднаш времено да го одземе детето од родителот, да обезбеди соодветно згрижување на детето, да преземе мерки за заштита на правата и интересите на детето до донесување на конечната одлука на судот за одземање на родителското право и да поведе постапка за одземање на родителско право, без да му укажува на родителот за недостатоците и пропустите во вршењето на родителското право, без да донесува решение за постојан надзор над вршењето на родителското право и спроведување на стручно советодавна работа и задолжително поднесува кривична пријава против родителот кој го злоупотребува и занемарува родителското право.

Доколку центарот за социјални работи не постапи на овој начин се предвидени глоби.

Во поглед на констатацијата на Комитетот дека ситуацијата не е во согласност со Повелбата, бидејќи физичкото казнување не е јасно забрането во домот и во институциите[35], информираме дека Законот за заштита на децата предвидува заштита на децата од било каква форма на дискриминација, забрана за сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата, насилно одведување, продажба или трговија со децата, физичко или психичко насилство или нечовечко постапување, експлоатација и комерцијално искористување односно санкционирање на сè што претставува кршење на човековите права на децата.

Со Законот за семејството е уредена заштита на децата од запоставување, злоставување и насилство, преку утврдување на мерки на заштита и вршење на надзор над родителското право како и со воведување на одредби со кои се третира семејното насилство.

Во 2013 година извршени се измени на Законот за семејството во делот на заштита на децата од злоупотреба и занемарување кои се однесуваат на одземање на родителското право и поведување на кривична постапка против родителите кои го злоупотребуваат или занемаруваат своите деца.

**Деца во јавна нега**

Малолетните деца без родители и родителска грижа, до 18 години се под старателство на центрите за социјална работа и им е обезбедена

[35] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 16.

соодветна заштита и згрижување во установите за социјална заштита или во згрижувачките семејства.

Заради поуспешна ресоцијализација на овие деца по полнолетството и по нивното напуштање на установите и згрижувачките семејства во Законот за социјална заштита се утврдени низа на права кои можат да ги користат лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа.

По полнолетството и по напуштање на установите или згрижувачки семејства секое дете добива средства во износ од 180.000 денари. Во 2013 година правото на еднократна парична помош го оствариле 11 лица.

Овие лица остваруваат и право на парична помош во висина од 4.000 денари односно, 5.600 денари доколку се на редовно школување. Во 2013 година ова право го остваруваат 106 лица.

Исто така, тие имаат право и на парична помош за социјално домување, кое се обезбедува на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст. Правото на парична помош за социјално домување, се остварува на начин што ќе овозможи закупнина на индивидуален стан или негов дел, во висина од 4000 до 8000 денари кон кои се додаваат и средства за комунални трошоци во висина од 1.500 денари до 2.500 денари, зависно од бројот на членовите во семејството; парична помош за санација, адаптација и реконструкција на сопствен имот; и парична помош како надомест за сместување во студентски дом. Ова право во 2013 г. остваруваат 12 лица.

Лица кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и родителска грижа, под услов да се запишани како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи (прв и втор степен на студии и докторски студии) остваруваат право на парична помош за студирање. Висината на паричната помош за студирање изнесува 12.000 денари, односно 24.000 денари, во зависност од тоа дали лицето користи социјален стан под закуп. Според последниот податок, добиен од центрите за социјална работа, ова право го оствариле 123 лица. Ова право се воведе со цел да се поттикне оваа категорија на лица да го заокружат своето образование, како би се олеснило нивното вклучување во социјалната средина и нивно полесно вработување.

Заради нивна полесна интеграција во општествениот живот, Владата на РМ донесе Програма Д-10, во која се утврдија мерки за вработување на лицата кои до 18 години имале статус на деца без родители и без родителска грижа. Согласно програмата во 2013 година се вработени 83 лица кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа.

Во поглед на прашањето на Комитетот кои се критериумите за ограничување на старателството или на родителските права и колкав е степенот на тие ограничувања, кои се процедуралните заштитни мерки кои потврдуваат дека децата се одземаат од нивните семејства само под исклучителни околности и дали националните закони утврдуваат можност за понесување жалба против одлука за ограничување на родителските права, за земање на детето под државна нега или за ограничување на правото на пристап на детето до неговото семејство[36], информираме дека: Според член 87 став 1 и 2 од Законот за семејство Центарот за социјална работа може да донесе решение, со кое на родителот кој подолго од три месеца не давал издржување за детето, ќе му го ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти со детето, се додека не ги изврши обврските спрема детето. Оваа одредба не е здолжителна, туку е дадена можност центарот за социјална работа да ја примени во случај кога по спроведена стручно методолошка работа од страна на стручнитот тим ќе се процени дека е во интерес на малолетното дете заради задоволување на неговите потреби.

Согласно одредбите од Законот за семејството центарот за социјална работа врши надзор над вршењето на родителското право. Центарот за социјална работа е должен да презема потребни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето. Ако тоа го бараат интересите на детето, центарот за социјална работа ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет.

Ако тоа го бараат интересите на детето, центарот за социјална работа може да донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само во поглед на некое од нив.

Центарот за социјална работа со решение може да го одземе детето од едниот и да го довери на чување и воспитание на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа, кога родителите, односно родителот кај кого детето живее го запостави детето во поглед на чувањето и воспитанието или кога постои сериозна опасност за неговиот правилен развој и одгледување.

Согласно одредбите од Законот за семејство на родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка.

---

[36] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-4 (2011), ("Република Македонија", членови 7, 8 и 17 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2012), стр. 17.

Како злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности во смисла на ставот 1 од овој член, ќе се смета ако родителот:

- спроведува физичко или емоционално насилство над детето;
- полово го искористува детето;
- го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст;
- му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции;
- го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија;
- го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето; и
- ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

На родителот може да му биде одземено вршењето на родителското право во поглед на сите деца или во поглед на некое од нив.

Постапка заради одземање на родителското право може да поведе другиот родител, центарот за социјална работа или јавниот обвинител.

Центарот за социјална работа е должен да поведе постапка за одземање на родителското право кога, на кој и да било начин, ќе дознае дека за тоа постојат причини утврдени со овој закон. Центарот за социјална работа кога ќе дознае дека постои опасност од злоупотреба на родителското право или опасност од грубо занемарување на родителските должности, должен е веднаш да преземе мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Родителското право може, со одлука на судот, да му биде вратено на родителот кога ќе престане причината поради која тоа право му е одземено. Предлог за враќање на родителското право може да поднесе родителот или Центарот за социјална работа. Во овие постапки предвидена е двостепеност во одлучувањето, односно против донесените првостепени решенија дадена еможност за поднесување на жалба во рок од 15 дена од денот на приемеот на решението.

**Деца во згрижувачки семејства**

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| Сместени корисници во згрижувачки семејства | 214 | 226 | 237 | 280 |
| Број на згрижувачки семејства | 148 | 152 | 155 | 188 |

Извор: Министерство за труд и социјална политика

## Млади престапници

Новиот Закон за правда за деца се донесе во октомври 2013 година со што се направи натамошно унапредување на правната рамка за малолетничката правда.

Со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Исто така, со овој закон се уредуваат мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Целите на Законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, согласно Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Најзначајни новини во **Законот за правда за децата** се следните:

- Се врши усогласување на дефиницијата „малолетник“ со дефиницијата „дете“, согласно Конвенцијата за правата на детето;
- Вградени се следните начела, со кои се воспоставува врска помеѓу Конвенцијата за правата на детето и законот: недискриминација, право на слободно изразување и слобода да бара, прима и дава информаци, право на забрана на тортура, притворот, апсењето и затворањето на децата да се користи како последна мерка, презумција на невиност и остварување на најдобриот интерес на детето;
- Вградена е дефиницијата дете-жртва;
- Се врши регулирање на условите за учество на адвокат во постапка пред центрите за социјална работа;
- Условите кога судот може да изрече алтернативни мерки;
- Вградени се дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои не може да се упати на медијација (против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица, а согласно меѓународно ратификуваните договори);
- Допрецизирани се одредбите кои се однесуваат на повикување, приведување и задржување на дете во полициска станица;
- Правото на следење на информации преку средства за јавно информирање, за време на траење на притвор;
- Вградени се одредби за заштита на деца-жртви на кривични дела и деца - сведоци во кривична постапка.

Согласно новиот Закон за правда на децата за кривично дело за кое е утврдена казна затвор од најмалку пет години или кога постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, задолжително на разговорот присуствува адвокат кој ги заштитува правата и интересите на детето. Присуството на адвокат е задолжително и во случаите кога јавниот обвинител предлага мерки за дете во ризик над 14 години за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години, ако според процена на центарот постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, и ако во стручниот тим не учествува правник.

Новина во Законот за правда на децата во однос на правната помош на децата е кога родителите/от, односно старателите/от го избираат адвокатот, а доколку тоа не го сторат, центарот го определува адвокатот по службена должност од листата составена од Адвокатската комора на Република Македонија. Трошоците за адвокатот ги сносат родителите/от, односно старателите/от на детето, а во случаи кога не се во состојба да ги платат, тие паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија и се исплатуваат согласно со одредбите од Законот за бесплатна правна помош.

На квартална основа Министерството за правда доставува информација до Владата за спроведувањето на Законот за правда

Во 2013 година Министерот за правда на Република Македонија донесе Програма заради обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2013 година ("Службен весник на Република Македонија" број: 105/13). За реализација на оваа програма од Буџетот на Република Македонија односно Министерството за правда одобрени се 500.000,00 денари.

Оваа активност е реализирана врз основа на одредбата од член 141 од Законот за малолетничка правда:

Врз основа на овој член:

"Заради обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда. Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво, донесува Програма со која ги планира средствата од ставот 1 на овој член. Административно-техничките работи за исплатата на средствата од ставот 1 на овој член ги врши Министерството за правда. Со средствата од фондот управува Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво.

Во член 142 се уредува постапката за остварување на правото на обештетување при што се предвидува следното:

"Малолетникот може да поднесе барање за обештетување од средствата предвидени во Програмата за обештетување кога имотно-правното побарување не може поради фактички или правни пречки да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или другиот акт на насилство. Дотогашната одредба предвидуваше остварување на ова право односно поднесување барање за обештетување ако имотно-правното побарување и по повторен обид не може да се изврши. Конечното решение за исплата на обесштетувањето судот го доставува до Министерството за правда, кое ја извршува исплатата. За извршената исплата Министерството за правда го известува судот кој го донел решението, најдоцна еден месец од извршената исплата."

Овие одредби се вградени и во Законот за правда за децата.

Вкупна бројка на малолетници против кои е поднесен предлог за примена на санкција во 2013 е 749 или 48% од вкупниот број на малолетници за кои е поднесена кривична пријава. Споредено со 2012 година кога тој процент беше 46% укажува на тоа дека нема подобрување во однос на примената на вонсудски постапки.

Во 2013 година во судовите и јавните обвинителества не е применет институтот медијација.

Најголем број деца и малолетници жртви на кривични дела се идентификувани од СВР Битола – 94.

Во 2013 година биле евидентирани 1.353 деца и малолетници во ризик. Најголем број од нив се упатени до Центар за социјална работа Велес (270). До центрите во Скопје, Кавадарци, Струмица и Охрид се упатени помеѓу 100 и 200, а во сите останати под 100 случаи.

62% од сите деца и малолетници спрема кои се применети мерки на помош и заштита, се од подрачјата на ЦСР Скопје и ЦСР Велес;

Во 2013 година вкупниот број на деца и малолетници на кои им е изречена мерка укор е 482, од кои 30% се изречени во ЦСР Велес.

Во текот на 2013 година нема случаи на упатување во Центар за млади.

Мерката засилен надзор од родител/старател е применета во 63% од случаите, а засилен надзор од центрите за социјална работа е застапен со 37%.

За 43% е намален бројот на малолетници спрема кои се изречени заводски мерки споредено со 2012 година.

Може да се констатира дека во најголем број случаи се применуваат мерки/санции кои не вклучуваат лишување од слобода што кореспондира со принципите на Законот за правда на децата. Имено, во 42% од случаите се применети мерки на помош и заштита, 36% се мерки на засилен надзор, 19% дисциплински мерки и 2% заводски мерки.

| Социјална заштита на деца, млади и возрасни | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки | | Домови за ученици и студентски домови | | Установи за сместување на деца без родители и родителска грижа | | Установи за згрижување на лица со посебни потреби | | Заводи, установи за згрижување и образование на деца и млади со воспитно-социјални проблеми | | Установи-домови за возрасни лица | |
| | број на установи | број на деца | број на домови | број на ученици и студенти | број на установи | број на корисници | број на установи | број на корисници | број на установи | број на корисници | број на установи | број на корисници |
| 2010 | 54 | 23 157 | 39 | 7 851 | 3 | 258 | 3 | 390 | 2 | 78 | 5 | 555 |
| 2011 | 54 | 25 056 | 39 | 7 955 | 3 | 255 | 3 | 378 | 2 | 73 | 15 | 854 |
| 2012 | 57 | 26 885 | 39 | 8 209 | 3 | 238 | 3 | 383 | 2 | 73 | 16 | 913 |
| 2013 | 59 | 29 113 | 38 | 8 369 | 3 | 216 | 3 | 373 | 2 | 54 | 18 | 917 |

Извор: Државен завод за статистика

**Член 17§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на децата и младинците да растат во средина која го поттикнува целосниот развој на нивната личност и нивните физички и ментални способности, страните-договорнички се обврзуваат, директно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни и неопходни мерки кои имаат за цел да им обезбедат на децата и младинците бесплатно основно и средно образование и да ги поттикнат редовно да ја посетуваат наставата.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Остварувањето на донесените законски одредби за задолжително образование Министерството за образование и наука ги подржа со дополнителни измени и дополнувања на законската регулатива, донесување на позаконски акти и стратешки документи, спроведување на национални и регионални истражувања, проекти и преземање на директни мерки и активности во согласност со усвоените препораки.

Целта на активностите е зголемување на уписот во основното образование, постигнување на поголеми резултати на учениците, намалување на отсуствата од училиште, сведување на минимум, на бројот на ученици кои ќе го напуштат образованието, успешно завршување на основното образование, запишување во средно образование и успешно завршување на истото.

Во Република Македонија согласно законската легислатива основното и средното образование се задолжителни.

Законска легислатива во однос на образованието и обуката:

- Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ 2010/33, 2010/116, 2010/156, 2011/18, 2011/42, 2011/51, 2012/6, 2012/100, 2013/24);
- Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14);
- Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија” број 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13 и 41/14);
- Законот за Просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија бр.52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 и 14/2014);

- Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012 и 41/2014);
- Усвоена е Македонската рамка на квалификации, донесен е Закон за национална рамка на квалификации и отпочнат процес за Референцирање на Национална рамка на квалификации.

**Закон за основно образование**

Во однос на подобрување на квалитетот на образовниот процес, измените и дополнувањата на Законот за основно образование (“Сл. Весник на РМ”, бр33 од 09.03.2010 година) се однесуваат на:

- Самоевалуација на училиштето;
- Донесување на Програма за развој на училиштето од страна на училишниот одбор;
- Воведување на екстерно оценување на учениците;
- Задолжително усовршување, оспособување и напредување во звања на наставниците и стручните соработници.

Измените и дополнувањата на Законот за основно образование (“Сл. Весник на РМ”, бр 116 од 01.09.2010 година) меѓу другото, се однесуваа и на прекршочните одредби. Така, во Законот е предвидена глоба од 200 евра во денарска противвредност за изречен прекршок на родител односно старател, доколку не го запише ученикот во училиште во предвидениот рок и глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност за изречен прекршок на родител, односно старател, доколку не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

Измените и дополнувањата на Законот од 01.09.2010 година предвидоа и воведување на водење интегрирана база на податоци за оценки на учениците, отсуства на учениците, податоци за наставници, стручни соработници и воспитувачи, отсуства од работа на наставници, стручни соработници и воспитувачи, годишна програма за работа, учебници, училишни објекти.

Измените и дополнувањата на Законот за основното образование (“Службен весник на РМ” бр.18.од 14.02.2011) предвидоа:

- Воведување на задолжително оддржување на дополнителна и додатна настава;
- Советување на родители: “Програма за советување на родители на ученици во основните училишта”, ”Програма за советување на родители на ученици во средните училишта,” (“Сл. Весник на РМ” бр. 4/2012), “Програма за советување на ученици во основните училишта”, ”Програма за советување на ученици во средните училишта” (“Сл. Весник на РМ” 160/2013).

**Закон за средно образование**

1. Измените и дополнувањата на Законот за средото образование ("Сл. Весник на РМ" бр. 33 од 09.03.2010 година) се однесуваат на:

- Основање на приватно училиште;
- Интерно и екстерно проверување;
- Усовршување, оспособување и напредување на наставниците.

2. Измените и дополнувањата на Законот за средното образование на ("Сл. Весник на РМ" бр. 116 од 01.09.2010) се однесуваат на :

- Водење на интегрирана база на податоци;
- Задолжително користење на ИТ технологија во наставата;
- Интерактивност во наставата;
- Глоба од 2000 евра во денарска противвредност за прекршок на родителот, ако ученикот не е запишан во средното училиште или нередовно ја посетува наставата.

3. Измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Сл. Весник на РМ" бр. 24 од 15.02.2013 година) се однесуваат на:

- Годишна програма за работа на средното училиште;
- Воведување на советување на ученици чии родители/старатели се упатени на советување.

Заради обезбедување на дополнителни мерки за поддршка на децата од домаќинства, корисници на социјална парична помош за вклучување и редовно завршување на средното образование, во Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14 и 44/14), е предвидено Владата на Република Македонија со посебна програма да воведе условени парични давања за овие деца. Во оваа насока, секоја година се носат Програми за условени парични надоместоци за средно образование, сметано од учебната 2009/2010 година. Во тек е сумирање на резултатите од тековната програма за учебната 2013/2014 година.

Со Програмата за условени парични надоместоци за средно образование, се обезбедуваат дополнителни парични надоместоци за примателите на социјална парична помош, кои се наоѓаат во социјален ризик на материјална необезбеденост, а кое право е условено со запишување и посетување на средното образование и има за цел да го зголеми бројот на лица запишани во средно образование од домаќинства корисници на правото на социјална парична помош, како и реализација на задолжителното средно образование во Република Македонија.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование има за цел да го подобри пристапот и квалитетот на образованието на

ученици во средно образование од домаќинства кои се корисници на право на социјална парична помош. Програмата ги утврдува корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата за условен паричен надоместок за средно образование за секоја учебна година.

Годишниот износ на условениот паричен надоместок за средно образование во учебната 2012/2013 година по корисник изнесува 12000 денари.

Секоја програма за условен паричен надоместок за средно образование е подготвена врз основа на следењето на имплементацијата на претходната програмата за условен паричен надоместок за средно образование, сметано од првата имплементирана програма. Во оваа насока се врши оценка на ефектите од спроведување на програмата за претходната учебна година, во однос на ефектите на поврзување на паричните трансфери со мотивацијата на човечкиот капитал. Извршена е оценка на влијанието на четирите различни модалитети за исплата, два поврзани со времето на исплата на надоместокот и мотивацијата во однос на посета на наставата (еднакви исплати на надоместокот во секое тримесечје или пониски исплати на почетокот на училишната година, а повисоки на крајот), и два поврзани со различни приматели на надоместокот (родител/старател или носител на правото на социјална парична помош).

Продолжуваат мерките и активностите кои се во насока на спречување на вработување под 15 години и за намалување на раното напуштање на образованието преку доделување на бесплатни учебници за секој ученик од основно и средно, бесплатни превоз за учениците од основните и средните училишта и бесплатно сместување и храна за ученици кои учат во место различно од местото на живеење и непосредна финансиска поддршка - стипендии од ранливите групи (232 ученици со социјална подршка за 2012 год., 239 ученици за 2013 год., 30 ученика со посебни потреби за 2012 год, и 40 ученика за 2013 год, 3 ученика – деца без родители за 2012 год. и 22 ученика за 2013 год.) и финансиска подршка за ученици Роми (за 2010/11 год. – 611 ученик, за 2011/12 год. – 591 ученик, за 2012/13 год. – 593 ученик и за 2011/14 год. – 623 ученика) и условените парични надоместоци.

Како дополнителна поддршка на основното образование за задржување и завршување на учениците Роми и нивна успешна транзиција во средното образование предвидено е воведување на образовни медијатори и во тек е изработката на Стратешки документ со Акциски план за воведување на медијаторски систем за поддршка на ученици Роми во основното образование во соработка со министерството за образование и наука, Управата на заедниците и Националниот ромски центар и изработени се критериумите за избор на ментори.

Во средното образование воведен е систем за ментори и во тек е воведување на систем за тутори, кои се избираат според утврдени

критериуми и ги подготвуваат средношколците за продолжување во високото образование. За учебната 2010/2011 год., избрани се 160 ментора, за 2011/2012 год. се избрани 132 ментора, за 2012/2013 год. се избрани 106 ментора, 2013/2014 год. се избрани 102 ментори врз основа на распишани огласи.

Преку проектите во образованието - реконструкција на училишните објекти подобрени се просторно-техничките услови во училиштата и истовремено се изградени 29 основни и 4 средни училишни објекти и 39 спортски училишни сали.

**Запишани ученици во основно образование**
**на почеток на учебната година**

| Учебни години | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 218935 | 212331 | 222359 | 216180 | 210381 | 204439 | 198856 | 195311 |
| Ученици во I одделение | 25125 | 23895 | 41569 | 23103 | 23002 | 22224 | 21488 | 21544 |
| Ученици во II одделение | 25590 | 24912 | 23282 | 18244 | 22995 | 22692 | 22153 | 21359 |
| Ученици во III одделение | 26375 | 25460 | 24542 | 46287 | 18248 | 22727 | 22456 | 21955 |
| Ученици во IV одделение | 27302 | 26209 | 25215 | 24412 | 46045 | 18316 | 22407 | 22282 |
| Ученици во V одделение | 28545 | 27463 | 26048 | 25123 | 24509 | 45682 | 18245 | 22244 |
| Ученици во VI одделение | 28231 | 28068 | 26631 | 25501 | 24524 | 23765 | 44660 | 18055 |
| Ученици во VII одделение | 28527 | 27970 | 27645 | 26325 | 25139 | 24223 | 23558 | 44672 |
| Ученици во VIII одделение | 29240 | 28354 | 27427 | 27185 | 25919 | 24810 | 23889 | 23200 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Ученици во основно образование кои завршиле одделение**
**на крајот на учебната година**

| Учебни години | 2004/05 | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 227254 | 216100 | 207661 | 219289 | 213349 | 200696 | 196899 | 192908 |
| Ученици во I одделение | 26348 | 24762 | 23334 | 40807 | 22965 | 22124 | 21325 | 21471 |
| Ученици во II одделение | 26807 | 25317 | 24567 | 23352 | 18091 | 22365 | 21966 | 21272 |
| Ученици во III | | | 25084 | 24560 | 46217 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одделение | 27755 | 26096 | | | | 22455 | 22352 | 21875 |
| Ученици во IV одделение | 28789 | 27067 | 25740 | 24834 | 24082 | 18154 | 22164 | 22045 |
| Ученици во V одделение | 29246 | 27836 | 26446 | 25310 | 24285 | 43938 | 17704 | 21999 |
| Ученици во VI одделение | 29042 | 27827 | 27420 | 26206 | 24918 | 23302 | 44314 | 17462 |
| Ученици во VII одделение | 29931 | 8202 | 27323 | 27174 | 25876 | 23846 | 23288 | 43829 |
| Ученици во VIII одделение | 29336 | 28993 | 27747 | 27046 | 26915 | 24512 | 23786 | 22955 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Запишани ученици во средно образование**
**на почеток на учебната година**

| Учебни години | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 95867 | 95366 | 94545 | 93843 | 95343 | 94155 | 93064 | 89884 |
| Ученици во I година | 25761 | 25932 | 25220 | 25622 | 26592 | 24734 | 23700 | 22421 |
| Ученици во II година | 24694 | 24484 | 24834 | 23837 | 24126 | 25075 | 23699 | 22628 |
| Ученици во III година | 24259 | 23861 | 23680 | 23807 | 23321 | 23425 | 24251 | 22828 |
| Ученици во IV година | 21153 | 21089 | 20811 | 20577 | 21304 | 20921 | 21414 | 22007 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Ученици во средно образование кои завршиле**
**на крајот на учебната година**

| Учебни години | 2004/05 | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 95268 | 92218 | 92162 | 91423 | 90855 | 91664 | 90194 | 87693 |
| Ученици во I година | 25710 | 24351 | 24666 | 24107 | 24166 | 23683 | 22663 | 21765 |
| Ученици во II година | 24928 | 23827 | 23684 | 24026 | 23355 | 24371 | 22914 | 21943 |
| Ученици во III година | 24287 | 23469 | 23126 | 22875 | 23211 | 22963 | 23580 | 22309 |
| Ученици во IV година | 20343 | 20571 | 20686 | 20415 | 20123 | 20647 | 21037 | 21676 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

## <u>ЧЛЕН 19 - Право на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош</u>

**Член 19§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да одржуваат или да осигураат дека постојат соодветни бесплатни служби за помош на тие работници и особено за прибавување на точни информации и да ги преземаат сите потребни чекори, колку што тоа го дозволуваат националните закони и други прописи, против секоја лажна пропаганда во врска со емиграцијата и имиграцијата.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Во насока на обезбедување на информации на мигрантите од почетокот на 2008 година до денес во рамки на Агенцијата за вработување и нејзините подрачни служби се отворени 4 Миграциони сервисни центри. Во рамки на овие центри странките може да се информираат за можностите за работа и студирање во странство како и за процедурите за стекнување на виза, дозволи за работа и престој, пристап до здравствениот систем и образование во странство и други корисни информации доколку имаат намера да се преселат во странство. Информациите се обезбедуваат во форма на Насоки за земјите на дестинација, Формулари за признавање на квалификациите и други корисни информации. Во рамки на миграциските сервисни центри, исто така се организираат обуки и советувања за одредени теми на интерес на странките.

За лицата кои размислуваат да се вратат и сакаат да се информираат за можности во земјата, во рамки на миграциските сервисни центри можат да се добијат информации за услуги како што се: дополнителни обуки, курсеви за јазик или компјутери, помош при отворање на мали бизниси и помош при реинтеграција адаптирана на индивидуални потреби.

Во насока на јакнење на капацитетите на лицата ангажирани во рамки на миграциските сервисни центри, во изминатиот период беа реализирани две регионални средби на миграциските сервисни центри од регионот на југозападен Балкан.

Не се води прецизна статистика за лица кои ги користат услугите од миграциските сервисни центри, но се проценува дека на месечна основа бројот на лица кои ги користат услугите на 4$^{те}$ миграциските сервисни центри изнесува околу 120 лица.

Во однос на подигање на свеста кај населението за проблемите од лажни информации околу миграцијата во рамки на државата од страна на

Министерството за внатрешни работи – Сектор гранична полиција се реализираат по 10 средби на месечно ниво со граѓаните каде се разговара на темите за злоупотреба и превенција на илегалната миграција. Во рамки на овие средби лица од одговорните институции во државата им даваат релевантни и точни информации на засегнатите странки.

Мерките кои граничната полиција ги презема за обезбедување на сигурни и објективни информации, како и спречување на лажните пропаганди за емиграција и имиграција се интегриран дел од активностите на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи (МВР) и на министерствот во целина.

Почнувајќи од 16.06.2011 беа одржани вкупно 217 средби, од кои 100 средби со Советодавните групи на граѓани, 74 трибини, 34 едукативни работилници во Месни заедници, осум средби со невладини организации, по три средби со Локалниот совет за превенција, со Општините и со Месните заедници, за да се подигне јавната свест преку едукација на граѓаните за правилна употреба на безвизниот режим. Исто така, до сега поделени се 7600 флаери на македонски, албански и ромски јазик, со детални информации за безвизниот режим, 80 беџови, како и 292 постери за Миграцискиот сервисен центар, а преку 28 локални телевизиски куќи, како и со гостувања во Македонската телевизија и радио и преку електронските медиуми упатени се совети и апел за правилна употреба на безвизниот режим.

Превентивните мерки, согласно последниот Акциски план се дадени на ромските информативни центри, кои во соработка со министерството за внатрешни работи и понатаму преземаат активни мерки насочени кон сузбивањето на злоупотребата на визната либерализација.

**Член 19§5**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на таквите работници, кои легално престојуваат на нивната територија, не полош третман од оној на нивните државјани во однос на даноците, таксите и придонесите кои се плаќаат за вработените лица.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Во Република Македонија, општото даночно право, постапките на утврдување, контрола и наплата на даноците како и правата и обврските на даночните обврзници се уредени во Законот за даночната постапка, додека во посебните даночни закони се уредени сите прашања поврзани со конкретниот данок, односно кој претставува обврзник за плаќање на данокот, на која основа и по која стапката се пресметува и плаќа данокот и други прашања поврзани со соодветниот данок.

Од посебните даночни закони, со оданочувањето на работниците-мигранти поврзан е Законот за персоналниот данок на доход, со оглед на тоа дека овој закон го уредува оданочувањето на доходот кој го остваруваат физичките лица.

Согласно овој закон, обврзник на персоналниот данок на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. При тоа, резидент во смисла на овој закон претставува физичко лице кое на територијата на Република Македонија има постојано живеалиште или престојувалиште. Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Република Македонија престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12 месечен период.

Обврзник на персоналниот данок на доход е и физичко лице кое не е резидент на Република Македонија за доходот што е остварен на нејзината територија.

Доходот што подлежи на оданочување го сочинуваат следниве видови приходи остварени во земјата и во странство: лични примања; приходи од самостојна дејност; приходи од имот и имотни права; приходи од авторски права и права од индустриска сопственост; приходи од капитал; капитални добивки; добивки од игри на среќа и други приходи. Стапката по која се пресметува персоналниот данок на доход изнесува 10%.

Одредбите од Законот за персоналниот данок на доход се во согласност со одредбите од членот 19 став 5 од Повелбата, бидејќи истите важат и подеднакво се применуваат како за работниците државјани на

Република Македонија, така и за работниците-мигранти кои легално престојуваат на територијата на Република Македонија.

Од аспект на плаќањето на придонесите, во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување е уредено дека обврзник за плаќање на придонеси е работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, а основата на која се пресметуваат и плаќаат придонесите претставува платата и дополнителните примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување.

Овие одредби се однесуваат на секој работник кој има засновано работен однос во Република Македонија независно дали тој е државјанин на Република Македонија или е мигрант.

Во однос на плаќањето на таксите, во Законот за комуналните такси и Законот за административни такси е пропишана висината на соодветната такса која треба да ја плати таскениот обврзник независно од неговиот статус на лице мигрант или лице државјанин на Република Македонија.

Дополнително, во однос на забраната од дискриминација во процесот на вработување како и во дефинирање на висината на надоместокот за работниот ангажман на странците, Законот за вработување и работа на странци во член 4 став 7 и 8 во целост го има уредено ова прашање.

Имено, при вработување или работа на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето, односно работата, да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.

Работодавачот е должен да ги покрие трошоците во врска со стекнување на работна дозвола и регулирање на работниот однос, согласно со овој закон и другите прописи во кои се утврдени трошоците. Работодавачот не може да ги префрли наведените финансиски трошоци на странецот. Работодавачот има обврска на странецот кој го вработил да му обезбеди минимални права за работно време, паузи и периоди за одмор, ноќно работење, минимално годишно отсуство, плати, здравство и безбедност на работа и посебна заштита на работници утврдено во законските прописи и општ колективен договор или во грански колективен договор, ако тоа е поповолно за работникот.

Врз основа на горенаведеното, даночната регулатива и регулативата од областа на таксите и придонесите во Република Македонија не признава дискриминаторски однос спрема мигрантите, односно во поглед на плаќањето на даноците, таксите и придонесите, работниците-мигранти кои легално престојуваат на територијата на Република Македонија имаат еднаков третман со работниците државјани на Република Македонија.

**Член 19§6**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да го олеснат, колку е тоа можно, повторното обединување на семејството на работникот мигрант на кој му е дозволено да престојува на таа територија.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Прашањето на повторното обединување на семејството на работникот мигрант во Република Македонија е регулирано со членовите 71, 72 и 73 од Законот за странци. Имено, странец кој во Република Македонија има дозвола за привремен престој, издадена заради вработување, работа и дозвола на самостојно вработени лица и која е издадена за период од една годин,а под услови согласно со овој закон, му се признава право на семејно обединување со членовите на неговото потесно семејство кои се странци.

За членови на потесно семејство се сметаат странците кои се брачен другар на странецот, малолетни деца на странецот или на неговиот брачен другар, вклучувајќи и посвоени деца на странецот или на неговиот брачен другар, како и малолетни деца врз кои странецот или неговиот брачен другар има старателство, утврдено со пресуда или одлука на матичната земја во која е извршено посвојувањето односно старателството, а потвредена од страна на надлежен орган во Република Македонија.

Малолетните деца треба да се на возраст до 18 години и да не се во брак. По исклучок, за членови на потесно семејство можат да се сметаат и роднини од прв степен, права линија на потомство на странецот или на неговиот брачен другар, кога тие се зависни од нив и не уживаат семејна поддршка во државата во која живеат, полнолетни деца на странецот или на неговиот брачен другар кои не се во брак и кога поради нивната здравствена состојба не можат да ги задоволат сопствените потреби, родители на малолетно дете, ако тоа го наметнуваат најдобрите интереси на детето.

Членовите на потесното семејство на странецот на кои им е издадена дозвола за привремен престој во Република Макеоднија, имаат право на образование, професионално усовршување, вработување и самостојно вработување.

На членовите на потесното семејство на странецот кој има дозвола за привремен престој во Република Макеонија, им се издава дозвола за привремен престој за период од една година, со можност истата да се продолжува за ист временски период како и дозволата за привремен престој на странецот.

Согласно статистичките податоци за семејно обединување на странци со дозвола за постојан престој или дозвола за привремен престој во РМ, во 2012 година на 560 лица им е одобрено правото на семејно обединување, додека во 2013 година 545 странски државјани го искористиле ова право предивдено во член 71 од Законот за странци.

**Член 19§8**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да осигурaат дека работниците кои легално престојуваат на нивната територија дека не може да бидат протерани, освен доколку ја загрозат националната безбедност или ако го повредат јавниот ред или моралот.

**<u>Забелешка:</u> Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Согласно член 101 од Законот за странците, странец може да биде протеран од Република Македонија ако:

- Со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење од најмалку една година;
- Претставува опасност за јавнот ред, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија;
- Постојат сериозни причини да се смета дека сторил тешки кривични дела, особено поврзани со производство и пуштање во промет на наркотични дроги или постојат цврсти докази на неговата намера да изврши такви кривични дела;
- Ако тоа го бараат причините за заштита на јавното здравје;
- Незконито престојува во РМ или изврши повеќепати повторени или потешки повреди на одредбите на овој закон.

При одлучување за протерување на странец од Република Македонија се земаат во предвид повеќе околности, меѓу кои и последиците што ќе произлезат од изречената мерка за него или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

Во тек се измени на Законот за странците каде членовите на смејството ќе имаат независно право да останат на територијата на РМ, односно на истите би им се издавала автономна дозвла за престој, независна од покровителот.

Според статистичките евиденции на секторот за криминалистичко разузнавање при министерството за внатрешни работи за странски државјани на кои им е одобрен привремен престој во РМ заради вработување, работа или самостојно вработени лица предвидено со член 58 од Законот за странци, 632 лица во 2012 и 783 лица – странски државјани во 2013 година добиле дозвола за привремен престој во Република Македонија по овој основ.

Истовремено, во 2012 и во 2013 година се протерани по 13 странски државјани, согласно член 86 став 1 од Законот за странци.

## ЧЛЕН 27 - Право на работниците со семејни обврски на еднакви можности и еднаков третман

**Член 27§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на еднакви можности и третман за мажите и жените работници кои имаат семејни обврски и помеѓу таквите работници и другите работници, страните-договорнички се обврзуваат да осигураат дека семејните обврски како такви не претставуваат оправдана причина за престанок на работниот однос.

**Забелешка: Во продолжение се известува за обврските кои произлегуваат од Ревидираната европска социјална повелба од 1996 (РЕСП). Референтен период - 1/3/2012-31/12/2013.**

Согласно Законот за работните односи, поточно член 6, забранета е дискриминацијата при вработување и на лицата во работен однос, меѓу другото и врз **основа на статусот на семејството или заради други лични околности.** Членот 7 ја дефинира директната дискриминација, при што сите основи наведени во член 6, меѓу кои и горенаведените, се сметаат за директна дискриминација и таа е забранета во однос на:

- Условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа, во која било гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и на сите нивоа на професионална хиерархија;
- Напредувањето во работата;
- Пристапот до сите видови и степени на стручно оспособување, преквалификација и доквалификација;
- Условите за работење и работа и сите права од работен однос и во врска со работниот однос, вклучувајќи и еднаквост на плати;
- Откажувањето на договорот за работа итн.

Во случаите на дискриминација од членот 6, кандидатот за вработување или работникот има право да бара надомест на штета согласно со Законот за облигационите односи. Отказот на договорот за вработување, кој работникот директно или индиректно го ставаат во понеповолна положба по кој било од основите на членот 6, е ништовен од моментот на врачувањето на отказот (член 71).

Доколку работодавачот го откажува договорот за вработување, тој е должен да го наведе основот за отказот, утврден со закон, колективен

договор и акт на работодавачот, да ја докаже основаноста на причината која го правдува отказот и истите да ги наведе во образложението.

Согласно член 25 од Законот за работните односи, работодавачот при склучувањето на договорот за вработување не смее да бара податоци за семејниот, односно брачниот статус и планирање на семејството, односно доставување на други исправи и докази кои не се во непосредна врска со работниот однос. Ваквата забрана вклучување и забрана за барање на тест за бременост или потврда за таков тест при склучување на договор за вработување со работничка, без оглед на работното место за кое се заснова работниот однос.

Со цел да се овозможат еднакви можности и третман на работниците со семејни обврски и оние коишто немаат семејни обврски, во Законот за работните односи е предвидено, една од неоснованите причини за отказ, да е и користењето на одобрено отсуство заради болест или повреди, бременост, раѓање и родителство, нега на член на семејството и неплатено родителско отсуство.

Против одлуката за отказ на договорот за вработување со отказен рок и без отказен рок или одлуката за отстранување од кај работодавачот, работникот има право на приговор до органот на управување, односно работодавачот. Приговорот се поднесува во рок од осум дена. Одлуката по приговорот се донесува во рок од осум дена од денот на поднесувањето на приговорот. Кога не е донесена одлука по приговорот или кога работникот не е задоволен со одлуката донесена по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд во рок од 15 дена.

Членот 101 кој е насловен со *Забрана на отказ поради бременост, раѓање и родителство* ги содржи конкретните случаи во кои работодавачот не смее да го прекине работниот однос со работникот. Имено, работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст.

(Став 2) Отказот на договорот за вработување е ништовен, доколку на денот на врачувањето на отказот работодавачот бил запознаен со околностите од ставот (1) на овој член, или доколку работникот во рок од 15 дена од врачувањето на отказот го извести работодавачот за постоење на околностите од ставот (1) на овој член со доставување на соодветна потврда од овластен лекар или надлежен орган.

(Став 3) Околностите од ставот (1) на овој член не го спречуваат престанокот на договорот за вработување склучен на определено време, со истек на времето за кое тој договор е склучен.

(Став 4) Забраната за отказ од ставот (1) на овој член не се однесува на откажување на договорот за вработување поради потешки прекршувања на договорните обврски, односно поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски за кои се дава отказ без отказен рок согласност закон и колективен договор.

(Став 5) Работодавачот може да го откаже договорот за вработување поради основите утврдени во ставот (4) на овој член, само по претходна согласност на синдикатот чиј член е работникот кој се штити од отказ.

(Став 6) Доколку синдикатот во рок од осум дена, не се изјасни за откажување на договорот од ставот (5) на овој член со давање или недавање на согласност, ќе се смета дека се согласил со одлуката на работодавачот.

(Став 7) Доколку синдикатот не даде согласност за откажување на договорот за вработување на работникот од ставот (1) на овој член, работодавачот може во рок од 15 дена од денот на доставувањето на изјавата за недавање на согласност да поведе постапка за нејзино преиспитување со судска или арбитражна одлука.

(Став 8) Постапката за преиспитување на согласноста од ставот (7) на овој член ја спроведува надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на поднесување на тужба од работодавачот.

(Став 9) Доколку кај работодавачот не е формиран синдикат или работникот од ставот (1) на овој член не е член на синдикат, претходна согласност за отказот на договорот за вработување дава надлежниот инспектор на трудот.

(Став 10) Во текот на постапката за претходна согласност во која учествува надлежниот инспектор на трудот, се применуваат роковите и дејствијата од ставовите (6), (7) и (8) на овој член.